магазин од поинаков формат

# граѓански

број 3 сабота, 19 мај 2012 година I
www.gragjanski.mk
10 денари
промотивна цена
ISSN 1857-808X



**Николај Вамен**
Докажете се, ЕУ не се откажува

**Оливер Белопета**
Се стеснува кругот конзументи на културата

**Николаос Худис**
Грчката порака ќе се прошири низ Европа

**Љубомир Цуцуловски**

# ИСЛАМ Фундаментализмот не значи агресија

Да се биде фундаменталист значи да се почитуваат темелите на својата вера, а според исламот тоа значи да се респектираат сите христијани, бидејќи тие, сеедно што не се муслимани, не се неверници

**EKV**
Книга за Маги од нејзината најдобра пријателка




# Магично добра понуда!

## Пакетите 2 Max и 3 Max по нови одлични цени со нови поволности и опции!

Земете еден од пакетите 2 Max или 3 Max и уживајте во најиновативната телевизија MaxTV, заедно со неограничен MaxADSL-Интернет и неограничени бесплатни разговори, сега по нови одлични цени!

Плус, ексклузивно на MaxTV, со новата магична опција ТВ-тека не пропуштајте ништо и уживајте во програмата од последните 3 дена без да закажувате снимање.

Нарачајте веднаш на 171, на www.t-home.mk или во Телеком продавниците.

Сподели доживувања

T · · Home

Опцијата ТВ-тека и неограничените бесплатни разговори се достапни само за пакетите 2 Max Start, 2 Max Comfort, 3 Max Start и 3 Max Comfort. Опцијата ТВ-тека се однесува на содржини емитувани во последните 3 дена на каналите МТВ1, Сител, Канал 5, Телма, Алфа и Алсат-М. Неограничениот MaxADSL-Интернет се однесува на пакетите 3 Max Start и 3 Max Comfort. Цените се однесуваат на пакетите 2 Max Basic и 3 Max Basic и важат за договор склучен на 2 години.

граѓански

## Неделен магазин

## Пишуваат за вас



**Бранислав Саркањац**
**Алчност** стр. 18



**Димитар Димитров**
**Кавги за наследството или натпревар во демократија** стр.44



**Сашо Орданоски**
**Упад.net** стр.60



**Златко Славенски**
**Манек – човекот што живее без храна и лекови** стр.66


граѓански

**Директор и главен уредник на проектот ГРАЃАНСКИ**
Миле Јовановски

**Извршни уредници**
Катерина Блажевска, Злате Лозановски

**Арт директор**
Мишко Петковски

**Редакција**
Ида Протугер, Васко Попетревски, Митко Билјаноски, Теофил Блажевски, Андријана Атанасовска, Тони Димков, Калина Буневска Исаковска

**Контакт**
redakcija@gragjanski.mk
тел. 02 55 14 205

**Надворешни соработници**
Трајко Славески, Теа Јовановска, Никола Поповски, Стево Пендаровски, Димитар Димитров, Бруно Јовановски, Игор Тошевски, Бранислав Саркањац, Митко Хаџипуља, Горан Марковски, Гоце Смилевски, Огнен Георгиевски, Златко Славенски, Светлана Јовановска (Брисел)

**Графичка редакција**
Зоран Симоновски, Елена Цекова
Маја Пипонска

**Лектор**
Силвана Блажева

**Фото**
Кристиан Панов

**Издава**
Друштво за издаваштво
**РЕФЛЕКС КОМ ДООЕЛ**
извоз-увоз Скопје ,
ул. Народен фронт 19А / 3 кат - локал 21 Скопје
Телефон 02 5514200
Телефакс 02 5514201
Жиро-сметка
300000003097731 Комерцијална Банка АД

**Дистрибуција**
Фокус Прес
ул. Климент Охридски 58-2/2 Скопје

**Печати**
Европа 92

**Директор на маркетинг**
Горан Дамјаноски
marketing@gragjanski.mk
Телефон 02 5514200





**15** Оливер Белопета
**Се стеснува кругот конзументи на културата**





**34** Гордан Калајџиев
**Политиката му суди на правото**





**46** Николај Вамен
**Докажете се, ЕУ не се откажува**


### Култура


Љубомир Цуцуловски **Фундаментализмот не значи агресија** 6
Марина Абрамович **Телото како медиум** 9
**Привлечноста на култните филмови** 20
**Контроверзниот Рихард Вагнер** 24


### Политика


**Оградете се** 32
**Ахметометарот на резерва** 37
**Насилство: Минато, сегашност, иднина** 40
**Балкански „Арапи“** 48
Николаос Худис **Пораката на грчкиот народ ќе се прошири низ Европа** 50


### Економија


52 **Многу најави, малку полза**
55 **Не ги пере ни „Билјана“**


### Селектор


64 **ЕКВ Останав со Маги и кога сите ѝ свртеа грб**
68 Никола Тесла **Колку плаќате за бесплатна струја**
72 Технологија **Apple iPad 3**
75 **Опра Кралицата не се плаши да падне**
80 **Крстозбор**
81 **Хороскоп**
82 **Made in Канада Каде си таков си**




## СВАДБА ВО ПАКИСТАН

Бев во Карачи на свадба. Ритуалниот процес трае дури три недели. Секојдневно се спремаат за крајниот чин - свадбата. Претходат најразлични ритуали, и секогаш се исполнети со многу насмевки, музика, разнобојно цвеќе, танц. Облечени во неверојатни бои, најинтересните жени кои некогаш сум ги видела, имаат најубави насмевки и неверојатен оптимизам, за разлика од тажното секојдневие кое ги опкружува.

Лабина Митевска





# Фундаментализмот не значи агре

# Проф. Д-р Љубомир Цуцуловски

**Да се биде фундаменталист значи да се почитуваат темелите (фундаментите) на својата вера. А, според исламот, тоа значи да се респектираат сите христијани, бидејќи тие, сеедно што не се муслимани, не се неверници, затоа што и тие припаѓаат на аврамските религии**



# сија

Разговараше Злате Лозановски

Со петкратното убиство во Радишани, истрагата, апсењата и со протестите по тој повод, во јавната (медиумска) сфера влегоа во оптек и добија прилично загрижувачки интензитет изразите „ислам", „фундаментализам", „радикален исламизам"... Тоа беше повод за разговор со еден од најупатените во таа проблематика, професорот на Филозофскиот факултет во Скопје, Љубомир Цуцуловски.

**? Можете ли накусо да ги појасните овие термини и да одговорите од каде таа леснотија во нивната дневнополитичка употреба?**

! Точно е дека лесно се лепат етикети од најразличен вид и по најразлични поводи. Таков е случајот и со исламот. Се говори за радикален ислам, за фундаменталистички ислам, за исламски експанзионизам, итн. Меѓутоа, ретко кога овие поими се дефинираат и тоа доведува до секакви злоупотреби. Јас лично би бил среќен кога би се работело за религиозен фундаментализам, сеедно од кој вид бил, бидејќи во тој случај верниците би постапувале повикувајќи се на *основите*, односно на *фундаментите* на својата религија. Тоа значи дека тие би постапувале сообразно со своите свети книги. Од своја страна, ниту една од светите книги – мислам на Стариот и на Новиот завет, како и на Куранот – не наведува на насилство, на непочитување на другиот или на непочитување на неговиот живот. Напротив. Тоа е така, затоа што христијанството во себе го инкорпорира Стариот завет, како што Куранот во себе ги вклучува и Новиот и Стариот завет. Понатаму, според Куранот, секој муслиман треба со почит да се однесува кон христијаните, бидејќи тие се народот, или луѓето, од Книгата. Односно, заедно делат една иста света книга.

**Иако изразот „фундаментализам“ може да се употреби и за христијанството и за јудаизмот, сепак, тој стана синоним за исламот и, особено во последниве години, за тероризам, првата одредница што ја доби и убиството кај Смилковско Езеро. Таа беше веднаш прифатена, иако се знае дека постојат стотина различни дефиниции - се разликуваат дури и таа на ОН и на ЕУ - за тоа што е тероризам.**

Претходно реков дека, за мене, да се биде фундаменталист не значи да се однесуваш агресивно. Напротив, тоа значи да се почитуваат темелите (фундаментите) на својата вера. А, според исламот, тоа значи да се респектираат сите христијани, бидејќи тие, сеедно што не се муслимани, не се неверници, затоа што и тие припаѓаат на аврамските религии. Исламот ги признава, исто така, сите пророци од Стариот завет, како што го признава и Исус, но не како син божји, туку како пророк низ кого Бог проговорува, како што и низ Мухамед проговорува Алах. Конечно, не смее да се заборави дека исламот инсистира дека во верата не се признава никаква присила, туку таа мора да биде личен избор.

**Колкав дел од одговорноста за ваквите сфаќања за верата, за „толкувањето“ на изворните пораки на светите книги, за толеранцијата на другиот и, воопшто, за стереотипите во врска со религијата паѓа на образованието и зошто?**

Секако дека во создавањето на стереотипите своја улога има и образованието. Меѓутоа, според мене, неговата улога не е одлучувачка. Одлучувачко е тоа како се живее во стварноста. Не може едно да се мисли, а на друг начин да се живее. Воедно, не смее да се заборави дека и самиот воспитувач треба да биде воспитуван, како што и воспитувачот на воспитувачите, исто така, треба да биде воспитуван. А она што во крајна линија воспитува, сепак, е животот. Значи, да се свртиме, пред сè, кон самиот живот наместо кон образованието.

**Дали во Македонија само се пресликуваат европските тенденции во врска со исламот (убиството на режисер во Холандија, карикатурите во Данска и други) или се креира некаква „автохтона“ нетрпеливост?**

Не би рекол дека постои некоја автохтона нетрпеливост кон Албанците или кон исламот воопшто, бидејќи тоа го негира самиот живот. Помислете само колку векови на овие простори живееле различни народи и различни религии. И помислете, исто така, како огромен број од верските објекти со векови постојат еден покрај друг - како џамијата Мустафа-пашина и црквата „Св. Спас“. Никогаш и никому не му пречело тоа и не би требало да му пречи. Меѓутоа, последниве десетина или дваесет години тоа почнува да пречи или да „пречи“, бидејќи некому тоа не му одговара. Конечно, идејата дека е дојден крајот на мултикултурноста и мултирелигиозноста не дојде од овие простори. Таа се јави, на пример, во Франција и во Германија. Притоа, оваа идеја не ја изговорија кои било, туку Никола Саркози и Ангела Меркел.



Да се свртиме кон минатото и да почнеме да учиме од нашите предци

**ЕНВЕР ХОЏА ЈА ЗАБРАНИ РЕЛИГИЈАТА НЕ КАКО МИЛИТАНТЕН АТЕИСТ, ОДНОСНО КАКО МИЛИТАНТЕН КОМУНИСТ, ТУКУ КАКО МИЛИТАНТЕН АЛБАНСКИ НАЦИОНАЛИСТ. ТОЈ ДОБРО ЗНАЕШЕ ДЕКА ВЕРАТА ГИ РАЗДВОЈУВА АЛБАНЦИТЕ. ЗАТОА ЈА УКИНА И САКАШЕ НОВАТА РЕЛИГИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ДА БИДЕ АЛБАНСТВОТО**

**Протестот на Албанците, за кои не може да се каже дека се „верски фанатици“, тргна по молитвата во џамија. Колку има вистина во тврдењето што му се припишува на Пашко Васа, албански интелектуалец и поет од крајот на 19 век, дека џамиите се прво симболи на нивниот идентитет, а потоа верски собиралишта, односно дека вероисповедта на Албанците е „албанизам“?**

Пашко Васа, познат уште и како Васа Паша, е еден од основачите на Призренската лига. Нивна цел, меѓу другото, било обединувањето на сите Албанци. Меѓутоа, таа цел не можела во целост да се оствари, бидејќи Албанците, колку и да дејствуваат кохерентно, сепак, се поделени и тоа по верска линија: поголемиот дел од нив му припаѓаат на исламот, меѓутоа, според некои процени, околку 30% му припаѓаат на христијанството. Тоа значи дека постои верска поделеност помеѓу Албанците. Оттука, резултира и тезата дека верата треба да се напушти - тоа значи да се напуштат и исламот и христијанството - и да се создаде нова вера, нова религија. Таа нова религија треба да биде албанството. Токму овој момент од залагањата на Призренската лига го објаснува и наводното антирелигиозно однесување на Енвер Хоџа. Тој, имено, ја забрани религијата не како милитантен атеист, односно како милитантен комунист, туку како милитантен албански националист. Хоџа добро знаеше дека верата ги раздвојува Албанците. Затоа и ја укина религијата, сакајќи да ги обедини Албанците според нивната национална припадност. И тој, значи, сакаше новата религија на Албанците да биде албанството. Но, како што стварноста покажува, религијата не се укинува толку лесно и, според тоа, некои од реалните разлики меѓу Албанците остануваат и понатаму. Покрај оваа религиозна разлика, не смее да се заборави дека постои и традиционалната нетрпеливост помеѓу јужниот и северниот дел на Албанија. На тој начин, уште еднаш се покажува дека Албанците не се толку хомогени колку што некои сакаат да ги прикажат.

Ниту една од светите книги – мислам на Стариот и на Новиот завет, како и на Куранот – не наведува на насилство, на непочитување на другиот или на непочитување на неговиот живот. Напротив.

**Што треба, според Вас, „под прво“ да направиме за да излеземе од паралелните светови, за да го уредиме или барем да го направиме потолерантно, полесно подносливо, да му дадеме повисок степен на граѓанското, на секојдневното заедничко живеење во мултиконфесионална земја каква што е нашата?**

Нека звучи излитено, или како општо место, но сметам дека прво што треба да направиме е да се свртиме кон минатото и да почнеме да учиме од нашите предци. Притоа, не се залагам за никаков конзерватизам или за слепа врзаност за минатото, туку за рационален однос кон него. Сигурно не е случајна тезата дека историјата (минатото) е учителка на животот и проблемот не е во неа. Проблемот е во учениците кои ништо не сакаат да научат.

# АРТЕРИЈА



## Фасцинантно ИСКУСТВО

**Интензитетот со кој визуелната уметница Марина Абрамовиќ го живее животот со години ги фасцинира поклониците на нејзината уметност. Ретроспективната изложба во МоМА и документарниот филм „Артистот е присутен" на режисерот Метју Акерс, кој ги следеше подготовките и одвивањето на изложбата, го потврдија нејзиниот статус на светска мегаѕвезда на перформансот. За неа велат дека сака да има целосна контрола врз секој проект што го работи, пример што како искуство треба да го применат сите автори кои искрено се занимаваат со уметноста.**

# Игор Јосифов
**уметник**




Најзначен перформанс во неговата досегашна кариера е проектот „Дводимензионален“ (2 Dimensional)

**Визуелниот уметник Игор Јосифов е единствениот Македонец кој учествуваше во реперформансот на Марина Абрамовиќ, на нејзината ретроспективна изложба во МоМА во Њујорк. Неговиот животот е перформанс, додека уметноста ја користи да ја испрати својата порака, која најчесто е за духовно ослободување, социјален коментар, идентитет...**

Пишува **Тони Димков**

Документарниот филм „Артистот е присутен“ (The Artist is Present) на режисерот Метју Акерс, кој ги следи подготовките и одвивањето на ретроспективната изложба на мегаѕвездата на перформансот, Марина Абрамовиќ, поттикнува овации кај публиката на секој филмски фестивал на кој се прикажува. Таква ситуација се создаде и на неодамна завршениот „Скопје филм фестивал“, на кој филмот ја доби наградата од публиката. Истото тоа се случува и на големите филмски фестивали, како што е Берлинскиот, на пример.

Меѓу публиката на скопската проекција на филмот седеше и еден млад човек. Неговото име е Игор Јосифов. Роден е во Кавадарци, а средно уметничко училиште завршил во „Лазар Личеноски“ во Скопје. Неговата животна приказна дотука има сосема обичен тек. Но, пресвртот се случува во 2005 година, кога Јосифов заминува на студии во Сан Франциско.

По проекцијата на „Артистот е присутен“ малкумина забележаа дека еден од учесниците во реперформансите на Абрамовиќ, кои се прикажани во филмот, внимателно го следеше филмското дејство и го очекуваше сопствениот лик на филмското платно.

„Се запознав со Марина Абрамовиќ пред околу пет години во Мајами, за време на Мајами арт-базел, каде што изложував мои дела. Откако се запознавме имаше инстант-конекција и почнавме да соработуваме на различни проекти. Марина доаѓаше на мои перформанси, отворивме Институт за перформанс во Сан Франциско, кој сè уште функционира многу добро и се вика 'Перформанс арт институт'. Марина лично ме покани да бидам дел од нејзината ретроспективна изложба во МоМА во Њујорк, во март 2010 година. Режисерот Метју Акерс и целата негова екипа постојано нè снимаше околу една година пред големото шоу. Можноста да го гледам филмот, конечно, ја имав две години од завршувањето на изложбата во МоМА, и тоа во Скопје, за време на 'Скопје филм фестивал'. Ми беше многу мило што филмот го гледав во Македонија и, дефинитивно, го доживеав емотивно, бидејќи ми врати многу спомени“, објасни Игор Јосифов.

Јосифов почнал да се занимава со перформанс како уметнички израз на студиите на Универзитетот за уметност во Сан Франциско. Многу брзо сфатил дека перформансот е најдиректен начин за реализација на неговите идеи и дека е моќна алатка за изразување во визуелната уметност. Првите перформанси ги реализирал со употреба на видео и со фотографија како медиум. Од 2007 година интензивно почнал да прави

Секој елемент користен во *перформансот е многу важен, простор, контекст, светлина, звук...



# Телото к

перформанси со многузначна симболика, изведени пред публика.

„Првиот јавен перформанс го изведов во Њујорк, за време на Armory week, каде што го претставив проектот 'Пурификејшн процес' (во кој се туширам во јавност и со проектор ги проектирам работите од минатото, кои сакам да ги заборавам, а во исто време метафорично и ги 'миев' од мене). Потоа го правев Manumission (face it) во галеријата 'Туми'с Турел' во Сан Франциско. Како најзначен проект за пробивањето на мојата кариера е проектот 'Дводимензионален' (2 Dimensional), со кој ја имав честа да бидам поканет од семејството Притцкер да правам перформанс за отворањето на 'Модерн винг' (нов дел на музејот проектиран од архитектот Ренцо Пијано) при Арт-институт во Чикаго, кој, според мене, е меѓу петте најдобри музеи во светот. Истиот перформанс го реализирав во Сан Франциско, во Париз за време на Уметничката недела, во Дубаи за време на 'Арт Дубаи' во 'Мараја арт-центар'. Во февруари оваа година истиот проект го прикажав и во Брест, Франција, на перформанс фестивалот во Ле Кварц. Во Македонија ќе го реализирам во септември, во Музејот на современата уметност. Особено ми е мило што учествував во креирањето на реперформанс на Марина Абрамовиќ во МоМА, потоа со Рајан Нобл имавме уметничка резиденција во центарот 'Вотермил' (Роберт Вилсон) во Њујорк. Во меѓувреме, моите перформанси или фотографии од нив беа изложени во повеќе галерии и музеи низ светот. Мојот следен перформанс ќе се случи на 9 јуни на фестивалот „Рапид пулс“ во Чикаго и на 12 јуни во Њујорк“, детално ни објасни Јосифов.

Ретроспективната изложба на Марина Абрамовиќ во МоМА и интересот што го предизвика од неа направи светска мегаѕвезда во областа на визуелната уметност и перформансот.

„Дефинитивно, отвори многу нови врати за перформансот како форма во современата уметност. Самата изложба по себе е огромен проект, кој за мене претставуваше привилегија да бидам дел од целиот историски момент, затоа што навистина остави значаен белег во историјата на уметноста и во значењето на перформансот како уметност. Претходно имавме многу интензивни психофизички подготовки. На пример, направивме работилница што се викаше 'чистење на куќата', при што не јадевме ништо, освен што пиевме вода и не зборувавме ништо додека правевме ритуални вежби за тоа како да го запреме времето. Немавме пристап до телефон или до интернет и бевме изолирани од светот. Истото тоа е прикажано во филмот. Тие вежби, дефинитивно, ми помогнаа во пронаоѓањето на својата душа и харизма и ми го подобрија контактот со самиот себе. Ив Клајн објаснува дека уметникот треба да работи само на едно дело во текот на целиот свој живот, а тоа е – на самиот себе. На некој начин целата работилница ми го потврди процесот на работа што го практикував пред да почнам да правам перформанси, а со тоа почнав уште кога бев на Тибет и доживеав ментално и духовно прочистување. За добар перформанс е многу важно уметникот да постигне одредена ментална конструкција и максимално да биде посветен на неа“, нагласи Јосифов откривајќи го своето лично искуство.

Во перформансот како визуелна форма, телото е медиум и алатка за изразување. Идејата и концептот доаѓаат први, а потоа се размислува за телото како најдиректен начин за комуникација со публиката. Целиот процес е како медитација. Потребно е многу работа за свесно да се изолираат сопственото его и идентитет. Голото тело се користи само како форма во дадениот простор. Тоа се главните постулати според кои работи Јосифов.

„Во овој период работам на јавна инсталација со билборди во Скопје, што се надевам ќе се реализира на 26 јуни за скопските 'Урбани приказни'. Во септември, на некој начин, ќе имам самостојна ретроспективна изложба на селектирани дела (2007-2012) во Музејот на современата уметност. Македонската публика ќе има можност да го види целото мое творештво, перформанси, видеоинсталации, фотографии, цртежи, слики и скулптури што сум ги реализирал низ светот. Сето тоа ќе биде документирано во каталог што ќе се реализира со поддршка на МСУ и Министерството за култура“, објасни Јосифов.

**Во моето творештво телото го користам како објект затоа што е најдиректна форма на изразување и комуницирање со публиката**



# како медиум

# МАЌЕА МАКЕДОНИЈА

**Кога ќе се сретнат многу пари и малку памет, многу мали се шансите од таа перверзна љубов на прв поглед да не се изроди некоја глупост во секој поглед. Изгледа дека ние сме тргнале повторно, по којзнае кој пат, да понудиме уште еден непотребен и исто толку несоборлив доказ за вистинитоста на оваа теза. Наводно, надлежните почнале интензивно да прават измени во деталниот урбанистички план за „Мал ринг“, за да се подигне споменик на Мајка Тереза во близина на скопскиот плоштад.**

Пишува **Злате Лозановски**

*Изградбата ќе ја финансирал богат бизнисмен од Индија. Тоа е, значи, таа романтична средба на идните среќни (из)родители. Во принцип, нема ништо лошо во намерата големата светска хуманитарка и нобеловка, да добие уште еден споменик во нејзиниот роден град, Скопје. Има во идејата споменикот да биде огромен, грандиозен, најголем во светот, повисок и од „Воинот на коњ“. Мајка Тереза, едноставно, не заслужила да и направиме такво нешто.*

*Не знаеме ништо за богатиот индиски бизнисмен. Веројатно нема да бидеме далеку од вистината ако претпоставиме дека, со наша помош, желбите може лесно да му се исполнат, како цебовите. Работата е до нас; сепак ние сме ставени во поголемо искушение.*

*Мајка Тереза целиот свој живот го посветила, помагајќи им на најсиромашните, болните, отфрлените, обесправените, немоќните. Нејзините „Мисионерки на љубовта“, заедницата која ја основала во четириесеттите години на минатиот век во Калкута и која денес дејствува во 133 земји, живеат повеќе од скромно и помагаат повеќе отколку што можат да замислат и најбогатите. Не верувам дека Мајка Тереза, која ги раздели парите од Нобеловата награда, би била среќна да види како во една сиромашна земја се даваат толку пари за да се подигне споменик, дури и да е за неа.*

*Затоа нашите надлежни треба итно да го сменат планот и да не си дозволат таков луксуз. Големината нејзината солидарност не се мери со острината на мечот на „Воинот“. Не дека таа нема да ни прости, туку затоа што не заслужува нејзините сограѓани повторно да ја ставаат пред такво искушение.*

**БУФ-фестивал**

**Гете-институт Канцеларија за врски-Скопје, во соработка со Кинотека на Македонија и НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје, реализира Детски фестивал за слика и филм – БУФ. Фестивалот ќе го отворат изложбите „Стрипови, Манга & ко. - Новата германска стрип-култура“ и „Триалог“.**




Фестивал ЗДРАВО млади

# Без





**Владица Младеновски**

**Како што би кажале „Штутгарт онлајн“ - музиката е важна!**



# 11

најдобри документарни филмови селектирани од публиката, а дел од нив наградени од стручно жири, ќе бидат прикажани во текот на шестдневната реприза на „МакеДокс“ од 17 до 22 мај во Кинотека на Македонија. Третото издание на Фестивалот на креативен документарен филм ќе се одржи во јуни.



**Кирил на турнеја**

Откако ја подготви музиката за филмовите „Трето полувреме“ на Дарко Митревски и „Балканот не е мртов“ на Александар Поповски, најпознатиот македонски продуцент и диџеј, Кирил Џајковски, почна со концертните настапи низ Европа. Според „Пасворд продукција“, по фестивалот „Реперкусион“ во Шпанија, Кирил ќе настапи и на „Лент“ во Словенија.

## Културен свет

# тампони во ушите



**Концептот на Фестивалот „Здраво млади!“ е да настапуваат бендови кои имаат издадено нов албум и бендови кои имаат храбар музички израз**

Пишува **Тони Димков**

Многугодишната традиција на славење на Денот на младоста – 25 Мај речиси две децении беше прекината. Распаѓањето на претходната држава, транзицијата во новиот систем, спуштањето и, многу години подоцна, подигнувањето на визната бариера го направија своето. Иако празникот на младоста имаше сосема друга намена, сепак, останал врежан во нечии сеќавања.

Под кровот на Младинскиот културен центар се собраа момчиња со авантуристички дух, веројатно, премлади да се сеќаваат на претходниот систем, кои минатата година одлучија да започнат музички фестивал токму на 25 мај. Неговиот наслов „Здраво млади!“ буди директни асоцијации на некогашното славење на денот. Во својата директна, речиси телеграфски составена експликација нагласуваат дека станува збор за второ издание на фестивалот на нова музика. „Новите сили на МКЦ сакаа да стартуваат фестивал што ќе ја отслика нивната генерација и времето во кое живеат. Нема подобро време од денес и треба да се живее квалитетно. Музичката понуда во градот е таква каква што е, сакавме само да ја збогатиме, успеваме или не, времето ќе покаже. Новиот фестивал го добива името по билијард клуб во Кратово, потоа дознаваме дека постои и песна, а постоела и ТВ-емисија во осумдесеттите години од минатиот век на тогашната Радиотелевизија Загреб. За две години донесовме 24 артисти/бендови од 11 земји. Концептот на Фестивалот е да настапуваат бендови кои имаат издадено нов албум и бендови кои имаат храбар музички израз. Ние веруваме во „Здраво млади!“, публиката го чувствува тоа, но, за жал, надлежните институции и комерцијални спонзори сè уште имаат превез на очите и тампони во ушите“, потенцираат од младинскиот штаб во МКЦ.

Нови генерации, стари проблеми. Сепак, Фестивалот незапирливо го гради својот лик. Годинашното издание ќе се одржи на 24 и 25 мај, со 12 изведувачи кои се распоредени во двете вечери. Зборното место е во некогашниот Дом на млади „25 Мај“ во Скопје.



**Маргарита Радовиќ**

„Здраво млади!“ е најстудениот сладолед во најжешкото лето!



**Иво Ангеловски**

Нема друго туку – на 25 мај музика до крај!



**Филип Николовски**

Скопје...
во почетокот на 60-тите години од минатиот век го погодија земјотрес и поплава, но доби солидарност;
во 70-тите доби „државни реформи“, но го доби и МКЦ;
во 80-тите не го доби „Макфест“, но го доби „Скопскиот џез-фестивал“;
во 90-тите доби своја држава, граѓани – сè уште чека;
во првата деценија од овој век доби војна во близина, но и „Синедејс“;
а во тековнава деценија доби барок, но и фестивал на нов, прогресивен музички израз...
„Здраво млади!“

# Така зборуваше Букефал







**Не се знае колку се точно, ама сигурно има повеќе историчари на уметност, архитекти, урбанисти, теоретичари, критичари, накратко интелектуалци, отколку скулптури (иако разликата се смалува). Проблемот е што во едно се сосема исти: молчат**

Пишува **Злате Лозановски**

Ретко виденият феномен, што се случи во Скопје, да бидат поставени толку многу споменици и скулптури на квадратен сантиметар за толку кратко време, го следи нешто можеби не е помалку необично: хиперпродукцијата на уметнички дела, поточно од дела на уметници, остана незабележана. Се разбира, од стручната јавност.

Не се знае колку се точно, ама сигурно има повеќе историчари на уметност, архитекти, урбанисти, теоретичари, критичари, накратко интелектуалци, отколку скулптури (иако разликата брзо се смалува). Проблемот е што во едно се сосема исти: молчат. И едните и другите. Овој град можеби има стручњаци, ама нема јавност. Ретките кои се охрабрија јавно да проговорат за драматичните случувања во просторот кој е клучен не само за градот, туку и за целокупниот имиџ на државата, сепак не можат да го понесат, да го покријат подрачјето што го опфаќа терминот јавност. Башка што нивната борба беше експресно префрлена на политички терен. Да беше поинаку, немаше единствените коментари и дилеми да се сведат на тоа колку пари се потрошени за некој споменик, со какви букви се испишани постаментите, на кого личи Александар... Проектот со трите врби во Вардар, поточно укажувањето на авторката дека станува збор за уметнички концепт, а не за некакво хортикултурно уредување на реката, се чини остана последната провокација. Но, никој „од струката" ни овојпат не се осмели да каже некој збор за тоа што е концептуална уметност, каде се нејзините граници, што зборуваме кога зборуваме за уметнички проект. Накратко, да каже нешто што ќе испровоцира дебата за творештвото, а не вулгарна расправија за висината на трошоците, нагаѓања за тајните авторски хонорари и слично.

Забелешката на Музил, дека спомениците се најневидливите дела во јавниот простор, кај нас, барем засега, не држи. Тие се уште се највидливите. Отсуството на стручно видување, анализа, не може да се оправда со тезата дека во случајов не станува збор за никаква уметност, дека сето тоа е обичен кич, дека тие дела се на нарачателите, а не на авторите. Фактот дека бронзените коњи, бикови, херои и шмизли се тука, дека креираат нова реалност, е повеќе од доволен да се расправа за нив. Се разбира, јавно, аргументирано, издржано, така како што доликува на нација која има и институции и поединци за кои сметаме дека се должни (да не речам платени) да одговорат на историскиот предизвик.

Може авторите да бидат обвинети за колаборационизам, за послушност, за тоа дека се обични извршители на туѓи планови, а не реализатори на сопствени креативни идеи. Но, дури и ако прифатиме дека тоа е така, не е точно дека САМО тие се виновни. Прифатиле да работат по нарачка на владетелите? Па, тоа го правеле речиси сите големи уметници во историјата. А како да одбијат ако повеќето од нив виделе шанса (или хонорар) што нема да им се повтори во животот. Во секој случај, нивната одговорност не може да биде одвоена од вредноста на нивното дело. А за него, за делото, не треба да суди само историјата, иднината, туку и нивните современици, чиј молк не само што не ги амнестира од одговорност, туку ги прави соучесници.

Практикувањето естетички кетман, како што го дефинираше Чеслав Милош, стравот гласно да се каже сопственото мислење на кое обврзува позицијата интелектуалец, не зборува само за моќта на владетелите, туку и за кукавичлукот да се бориш за принципи, за вредности. За себе, а со тоа и за општото добро.

Не е добра држава во која молчењето е најраширениот облик на јавно мислење, велеше Пекиќ. Културното граѓанство е категорија насочена кон оние кои имаат потреба да бидат видливи, сослушани и кои имат потреба за припадност. Јавен простор е оној во кој секој има право на пристап, во кој никој не може да биде исклучен врз основа на економски и социјални критериуми, што може да го користи, слободно, за каква било активност која не влегува во конфликт со правата на другите групи и индивидуи, кои исто така го користат. Граѓаните одамна (доброволно) ја изгубија битката со власта за таа територија. Затоа владетелите мислат дека можат да прават што сакаат, да го третираат како сопствена „прчија". А ние, „стручњаците", наместо да ги проширувame подрачјата на борба (Уелбек) се плашиме да кажеме збор против узурпаторите на јавниот простор.



Реакциите во јавноста пожални од врбите во Вардар




Мисијата на секој организатор во културата е да се бори до последниот човек

Разговараше **Тони Димков**
фото **Кристиан Панов**

Личните афинитети и страст кон музиката, особено кон џез-музиката, го определија правецот на професионалниот, но и на приватниот живот на Оливер Белопета, директор на „Скопје џез-фестивал“. Неговите почетоци во 70-тите години од минатиот век се поврзани со музичките рецензии и интервјуа. Извесен период работи како радиоводител на емисии за џез-музика и редовно ги посетува европските џез-фестивали. Клучен момент во неговиот професионален живот е кога со група ентузијасти, во 1982 година, го основаат „Скопје џез-фестивал“. Како негов уметнички раководител, а подоцна и директор, Оливер Белопета создаде традиција што трае веќе триесет години. Под етикетата на „Скопје џез-фестивал“ во 2002 година е основан „Оф-фест“, музичка манифестација која своето 11. издание ќе го доживее од 1 до 5 јуни годинава.

**? Два значајни музички фестивала се организираат под етикетата на „Скопје џез-фестивал“. Колку е лесно да се одржи традицијата на фестивали што се своевиден бренд на Македонија?**

! Потпирајќи се на искуството од самите почетоци, обично, велам дека е многу потешко да се зачуваат репутацијата и континуитетот низ годините отколку да се изгради нешто. Лани често го велев тоа по повод јубилејот – 30 години „Скопски џез-фестивал“, а истото тоа можам да го кажам и за „Оф-фест“. Многу полесно беше кога изникна Фестивалот, во првите две-три години, отколку сега да се одржува со ниво, квалитет и со програма каква што ние сакаме да ја има.

**? Како институција, „Скопје џез-фестивал“ е дел од Европската џез-мрежа, каде што сте во бордот на директори, исто така, сте член и на бордот на Европскиот форум на фестивали на музика на светот. Колкава е поддршката во реализацијата на Вашите активности внатре, во државата?**

# Се стеснува кругот конзументи на културата

**Џез-музиката е во некој преоден период, типичен за сè што се случува, генерално, во културата во преминот меѓу две столетија, со делумно губење на нејзиниот идентитет**

Без поддршка од државата, или од државите, на регионално или на локално ниво, без поддршка од министерството за култура во која било земја во Европа, не би имало ниту еден џез-фестивал и ниту еден фестивал на ворлд мјузик. Тоа значи дека без стартната поддршка од Министерството за култура и Градот Скопје, апсолутно би било невозможно ова што го работиме. Таа поддршка е долготрајна. Започната е од крајот на 80-тите години од минатиот век и тече секоја година. Колкава е, каква е, колку е квалитетна и квантитативна е друго прашање, но ние сме задоволни од поддршката. Имајќи го предвид европското искуство, како се поддржуваат фестивали со квалитетна програма од рангот на „Скопје џез-фестивал“ или на „Оф-фест“, можам да кажам дека таа поддршка, со текот на годините, оди по систем на уравниловка, веројатно, наследен од претходниот систем, со недоволна валоризација. Идејата, претпоставувам, е да се има колку што е можно повеќе корисници во културата со државна помош, што не може да се каже дека е лоша идеја, но само, во принцип, колку што е можно поголем број корисници во сегментот на културата да бидат задоволни и своето задоволство да го изразат на адекватен начин тогаш кога има избори.

**Со текот на годините, сепак, успеавте да го изострите Вашиот менаџерски инстинкт. Колку Ви помогнаа личните афинитети и комуникацијата со луѓе од оваа област?**

Тие помагаат многу, се разбира, затоа што тука е изградена една многу сериозна комуникација со светот и се разбира дека тоа многу помага. Иако, денешната, условно речено, музичка индустрија многу се разликува од 70-тите и од 80-тите години. Мнозина од големите организатори, агенти, менаџери, продуценти, кои се заслужни не само за џезот, го отстапиле своето место на адвокати, на сметководители кои денес го имаат главниот збор во организацијата на музичкиот живот на сите можни нивоа. Меѓутоа, можам да кажам дека најуспешни светски џез-фестивали се оние што се раководени од луѓе кои со лични афинитети се вплетkани во џез-музиката. Таму каде што џез-фестивалите се прават со други мотиви или често се менуваат екипите што ги организираат, се случува тие фестивали да се значително понеуспешни и понеквалитетни. Затоа секој човек кој води џез-фестивал, почнувајќи од неговиот програмски дел, мора да има расчистено со себе зошто го прави тоа и како го прави тоа и кој е неговиот основен мотив, музиката или парите. Ако е до второто, заборавете дека тој фестивал ќе трае долго.

**Лично, остана ли некое од старите имиња што сакате, а не сте успеале досега да го донесете во Скопје?**

Нема уште многу од живите имиња кои не биле во Скопје. Сепак, станува збор за долга традиција. Тука може да се спомне Сони Ролинс, кој сè уште настапува, иако неговите денешни концерти го немаат квалитетот како некогаш и тоа е причината зошто не сме толку заинтересирани за неговиот настап, а, секако, и Кит Џарет, со кого имаме комуникација, но сигурно никогаш нема да може да дојде во Скопје поради основните два услова што ги поставува и кои не се поврзани со финансиите, а тоа се да настапи во совршено акустична сала и на сцената да има две совршени пијана. А, во овој момент, кај нас тоа е невозможно.

**Покрај џезот, кои се Вашите други интереси во областа на уметноста?**

Оние што ме познаваат знаат дека не сум ограничен само на џез-музика. Оние што ќе ја видат мојата колекција, а малку ме познаваат, прво, се изненадени дека џезот е само еден дел од неа. Следам сè што се случува во музиката и тоа и понатаму е мојот основен интерес. Има многу едноставна причина, не се толку важни категориите во музиката, туку важен е квалитетот, бидејќи има добра и лоша музика. Секако, кич-музика можете да најдете и во џезот и во класичната музика. Филмот или театарот, исто така, се мој личен интерес и ги следам колку што ми дозволува времето. Нешто што посебно ме интересира, како мое хоби, останува фотографијата.

**Дали, можеби, оттаму произлегува стремежот целокупниот пропаганден материјал што ги следи „Скопје џез-фестивал“ и „Оф-фест“ да има толку висок квалитет и професионална изработка?**

Графичкиот материјал што ги следи нашите активности, „Оф-фест“, „Скопје џез-фестивал“ и музичките изданија, помалку или повеќе, за мене е како изолиран проект, од едноставна причина, што кај нас нема објективна потреба за тоа. Каков е пропагандниот материјал - не носи ни помалку ни повеќе публика. Кај нас тоа воопшто не се вреднува. Свесен сум за тоа, иако



**На џезот сега му недостигаат нови големи имиња од аспект на револуционерни промени, базирани на креативност и нови изрази**




## Џез-монографија

**Веќе има оцена дека монографијата „30 години Скопје џез-фестивал“ е најдобрата што досега е издадена по повод годишнината на еден фестивал во светски рамки.**

**- Тоа е единствената монографија што е печатена без ничија поддршка, значи, без поддршка дури и од Министерството за култура. Монографијата е правена со цел да се презентира, пред сè, во светот. Многу добро знам како е работено на неа, а бидејќи веќе е дистрибуирана низ светот, ги знам и ефектите и реакциите на оние што се разбираат во такви проекти. Бидејќи секој фестивал во светот прави свои монографии на такви годишнини, веќе има оцена дека ова е најдобрата монографија што досега е издадена по повод годишнината на еден фестивал во светски рамки.**



# СЕКОЈ ЧОВЕК КОЈ ВОДИ ЏЕЗ-ФЕСТИВАЛ МОРА ДА ИМА РАСЧИСТЕНО СО СЕБЕ ЗОШТО ГО ПРАВИ ТОА И КОЈ Е НЕГОВИОТ ОСНОВЕН МОТИВ, МУЗИКАТА ИЛИ ПАРИТЕ

конкретно во државата има уште неколку одлични фестивали кои, за жал, имаат катастрофален однос кон овој сегмент. Погледнете ги плакатите за „Мајски оперски вечери", или за фестивалот „Охридско лето". Од друга страна, визуелниот квалитет, сепак, носи лично задоволство, но, што е многу важно, обезбедува препознатливост. Во светот постојат многу џез-фестивали. Има неколку кои се со мамутска природа, меѓутоа, кога „Скопје џез-фестивал" ќе се појави со нов плакат и каталог, сите чекаат да ги видат и да ги коментираат. Така што неговата репутација е меѓу првите три светски фестивали со најдобар графички израз што, секако, претставува огромно признание.

**Од друга страна, каков е импактот на „Скопје џез-фестивал" на домашна почва? Успева ли Фестивалот да образува, да култивира и да го прошири кругот на почитувачите на џез-музиката?**

Мислам дека во последно време станува сè потесен кругот на консументите на културата или, да речеме, посетителите на „Скопје џез-фестивал", на Македонската филхармонија, на МОТ, на фестивалот „Охридско лето", итн., па, обично, знам да кажам дека се работи за ист круг луѓе и со една, во однос на 80-тите и на 90-тите години, многу побавна смена на генерациите. Ми изгледа дека за секој млад човек, кој ќе го видам на овие манифестации или, пак, на некој рок-концерт, знам кои му се мајка или татко, некако неговиот афинитет го поврзувам генетски. Но, мислам дека мисијата на секој организатор во културата е да се бори до последниот човек. Се разбира дека влијанието на „Скопје џез-фестивал" не е мало, благодарејќи на целата негова историја во Македонија е изградена многу стабилна публика. Но, постојано велам дека е потребно многу повеќе, дека не е доволен само еден џез-фестивал. Соседните земји немаат џез- фестивал од рангот на скопскиот, но имаат многу поголем број џез-фестивали на својата територија. Кај нас бројот е минимален и постојано апелирам, пред сè, до државните институции, без чија поддршка такво нешто е невозможно, да инвестираат и да овозможат создавање на уште неколку помали џез-фестивали во државата. Веќе има такви обиди во Штип, Кавадарци и во Охрид. Мислам дека се потребни многу поголем број џез-концерти во текот на годината. Џез има од фестивал на фестивал, што е апсолутно недоволно.

**Колку што повеќе се оддалечуваме од граѓанскиот концепт, толку ќе биде потешко за културата**

**Убави се Универзална сала и салонот на МОБ, но тие се изградени за друга намена. Колку е битна инфраструктурата и тоа што, практично, нема вистинска концертна сала во државава?**

Воопшто не се убави ниту Универзалната сала ниту МОБ. Но, нема друг избор. Лани се пожалив, по повод јубилејот 30-години „Скопски џез-фестивал", со таква традиција и со сите џез-уметници кои гостувале на фестивалот можеме да подвлечеме една линија – дека по целата таква историја ние останавме без нормална сала за одржување концерти. Веројатно, Скопје како главен град на една европска држава ја има најлошата концертна инфраструктура во Европа. Немаме дури ни летна сцена за концерти.

**Во поопшта смисла, како гледате на случувањата во културниот живот во државата?**

Ги следам одблиску затоа што одам на културните манифестации или збиднувања во градот, не сум изолиран од нив и мислам дека еден подолг период сме сведоци на осиромашување на интересот за културата, генерално, во сите нејзини сегменти. Тоа е еден долготраен процес за кој може многу да се дебатира за причините. Затоа велам дека смената на генерациите оди многу бавно. Има некои процеси што треба да нè загрижуваат. Македонија е единствената држава од поранешните ју-републики каде што интересирањето за турбофолкот, пред сè, српскиот, само се зголемува. Секаде тоа е паднато или полека се надминува. Кај нас, сепак, доминираат таквите концертни настани, за жал. Тешко е да се фрли вината само на новите генерации. Тоа е првиот знак дека треба да бидеме загрижени. Меѓутоа, сето тоа е само последица.

**Каде ги гледате причините за таквата состојба?**

Треба да се развие вистинска дебата за тоа. Не се проблем само сиромаштијата и падот на стандардот. Тука има многу други елементи затоа што добрата уметност се раѓала во најтешките времиња и во силни економски кризи. Тогаш избликнувала креативноста во сите сегменти. Меѓутоа, ако погледнеме што е тоа што најмногу влијае на вкусовите на младите генерации, без дискусија, тоа се електронските медиуми. Погледнете ги програмите на телевизиите, оние што се најгледани, прашајте се каква музика таму се форсира, колку емисии имаат за култура (а, станува збор и за другите содржини) – ова не може да остане без потешки последици.

**Дали во таа смисла, како држава, одиме во некаква ретронасока? Дали, можеби, и духот ни оди ретро на тековните движења? Што треба да се направи?**

Ретро воопшто не е правилен израз. Ретро нема врска со враќање назад, со драматичното уривање на киното и интересирањето на новите генерации за филмот, за театрот, за книгите, за музиката за која зборувавме, итн. Во оваа смисла мора да постои стратегија на поширок државен план. Културата, да бидеме реални, не е државен приоритет број еден. Културата не може да заврши само на дејствувањето на Министерството за култура. Мора да има една поцелисходна политика што мора да влезе и во министерствата за економија и за финансии, со некакви даночни стимулирања во културата, во образованието, во она министерство кое е одговорно за состојбите во радиодифузијата... Ни недостига еден поцелосен процес што има врска и со тоа колку ние се оддалечуваме од граѓанскиот концепт во градењето на една држава, веќе две децении заменувајќи го со комплетна партизација. Колку што повеќе се оддалечуваме од граѓанскиот концепт, толку потешко ќе биде за културата. Така уште повеќе ќе се врзуваат рацете на Министерството за култура, кое, колку и да биде креативно (а, не велам дека е и оти тоа може да биде некаква оаза во системот), нема да може да биде семоќно во постигнувањето на посакуваните ефекти во културата и градењето на духот во поширока смисла.

# АЛЧНОСТ


Цртеж: Теа

Препорачува **Бранислав Саркањац**

„Higher social classes predicts increased unethical behavior" Финансиската криза во светот, должничката криза во Грција и други земји не ја објаснуваат само економисти. „Пол К. Пиф, и други, од Одделот за психологија на универзитетот Калифорнија од Беркли Калифорнија и од Ротман школата за менаџмент од Торонто, пред некој месец објавија студија насловена „Повисоките социјални класи се повеќе наклонети кон неетичко однесување". Еве ги заклучоците: тие од повисоките класи се однесуваат понеетички од тие од пониските класи. Повеќе прават прекршоци кога возат кола, донесуваат неетички одлуки, им одземаат вредни ствари на луѓето, лажат во преговорите, мамат за да си ги зголемат шансите да победат и го поттикнуваат неетичкото однесување на работа. Во коренот на ваквото однесување е алчноста, тврдат истражувачите.

Вистини што ги знаеме: што побогат толку поалчен. Парите го расипуваат човекот. Парите се морална отепувачка. Само сега ни се претставени со јазикот на науката.

Последниве години многу насловни страници на светски списанија излегоа со текстови кои ја поврзуваат финансиската криза со неолиберализмот, но еднакво толку текстови ја поврзаа и со алчноста. Пред сè со алчноста на топ-менаџерите.

Аналитичари сметаат дека неолиберализмот ја дигнал рампата на алчниот човек и дека тоа е неговиот најголем недостаток. Дајте му простор и човекот ќе биде алчен. Дали е така? Не сум сигурен, но не смее да се потцени алчноста. И не може да не се признае дека еден од двигателите на капитализмот е токму алчноста. Како што невработеноста е неизбежна во капитализмот.

## Worldwide Underground



Ерика Баду (Ерика Рајт) е позната американска пејачка. На англиски нејзиното име се пишува Erykah, со објаснување дека „kah" стои за бесмртна душа (ова значење „ка" го има и во египетската религија).

Нејзината музика ја определуваат како неосоул, но во неа има и експериментален џез-фанк, психоделичен рок и хип-хоп. Во септември 2003 го издава албумот Worldwide Underground.

Албумот ќе стигне до 3 место на листата на Билборд, и Баду ќе добие четири номинации за Греми. Ерика Баду има добротворна организација ( Beautiful Love Incorporated Non Profit Development - B.L.I.N.D.), која на младите има помага преку музика, танц, театар и визуелни уметности. Баду во албумот има перспектива на мајка која сама го одгледува своето петгодишно дете Seven. Во песната „The Grind" пее за мајката што заработува кога таткото ќе остане без работа: „Mommy got a job makin' bout six-somethin' an hour. She became the breadwinner when daddy was unemployed. Working forty-plus hours and kissing ass." Машината те меле за да заработиш.



## Антипарохија

Антипарохија е зделка со заемен интерес. Сопственик на градежно земјиште се договара со градежен претприемач. Овој гради поголема куќа со повеќе станови и за возврат добива еден или повеќе станови кои може да ги користи за сопствено домување или да ги изнајмува. По правило, зад зделките стојат семејни врски и врски со политичари. Се смета за типично грчки феномен особено во шеесетите и седумдесетите години од минатиот век. Густо набиените куќи и згради кои го задушуваат просторот во Атина, велат, се последица на антипарохија. Атина е меѓу последните главни градови во Европа по зеленило и меѓу првите градови со најзагаден воздух.

И тоа што во градот речиси нема социјални станови се објаснува со овој феномен



## Hampstead gardens

Хампстед гарденс е населба основана од Хенриета Барнет во 1907 година, и во светот е призната како еден од најдобрите примери на градско планирање во дваесеттиот век. Оваа населба е позната по залагањето за повеќе градини и отворени простори и по тоа што во неа нема индустриски објекти. Се наоѓа десетина километри од центарот на Лондон, северно од Хампстед, од Хамстед Хит и Хајгејт (познат по Хајгејт гробиштата кај што еден до друг лежат Маркс и Спенсер – не се работи за



## American Beauty

Американска убавина е филм од режисерот Сем Мендез (1999). Интересно, и главниот лик (го игра актерот Кевин Спејси) во филмот се соочува со невработеноста... И тука алчноста има прикриена форма. Сите ликови во филмот се робови на ствари, на предмети. Секој е неостварен и се чувствува бедно, и за својот неуспех и го обвинува другиот. Никој не е искрен со другиот. Нема интимност во нивните односи. Нема ни љубов ни поддршка.

Филмот не враќа на старите егзистенцијалистички пораки. Сите сме луѓе на проект. Сакаме да направиме нешто од себе. Или едноставно сакаме да оствариме некои желби. Но, ако другите ги сметате за пречка за сопственото остварување на добар пат сте кон егоизам и безобѕирност. Ако ни требаат пари за да ги оствариме желбите или проектите, ако им ги земаме на други, ако ги лажеме, тогаш сме алчни и саможиви. И не мора да сме од повисоките класи.

Психологот Пиф, сепак, во своето истражување не прави разлика меѓу културен човек и културен симулант. Културниот симулант ги почитува законите и правилата затоа што се плаши од санкции. Културниот човек ги разбира законите и правилата и ги прифаќа како неопходни во една заедница. Едноставно, повисоките класи се однесуваат така затоа што можат да си дозволат да не бидат културни симуланти. Кога имаш пари не мора да се преправаш и да почитуваш правила. Но во тоа нема аристократско однесување, туку само простотилак и неизделканост. Студијата на Пиф го отвора сомнежот дека повисоките класи не се толку блиску до идеалот на културен човек колку што ни кажува општата претстава за богатите.

Како и да е, парите водат кон аристократија или кон разврат. Во крајните варијанти. Иако, најголем број луѓе ќе се согласат дека парите едноставно водат кон пристоен живот.

А што се однесува до класите, кај нас подолго време се зборува за тоа дека исчезнала средната класа. Дали „новопечените богаташи" се однесуваат понеетички од сиромашните е добро прашање. Пиф дефинитивно има работа во Македонија, а и Баду би нашла материјал за своите песни. Иако, се чини дека „македонската убавина" не бира класна припадност.











**American Beauty:**
**Sam Mendez (режија)**
**Kevin Spacy (главна улога);**
**САД, 1999**

и вмешаноста на политиката. Истата приказна важи и за Солун.

Антипарохија е интензивна урбанизација и комерцијализација на станбени простори. Но, узурпирањето на просторот на ваков начин е и слика на алчност и корумпираност. Притоа, антипарохија не нужно е дело на повисоки класи. Како и да е, без алчни луѓе кои имаат малку повеќе пари и кои можат да купат градежно земјиште со поддршка на луѓе од политиката големите градови во Грција веројатно би изгледале поинаку. И ова ни е на сите многу добро познато. Антипарохија не е веќе типично грчки феномен, во Скопје и Охрид луѓето го прават истото речиси дваесет години.

Хампстед Гарденс е сосема спротивен случај од грчката антипарохија. За мене е и пример на градење во кое нема алчност. Иако и за Хампстед Гарденс може да зборуваме за комерцијализација (високите цени на куќите кажуваат доволно). Комерцијализацијата на станбени простори е вообичаена работа денес. Меѓутоа, на прашањето дали денес да се гради наспроти целите на Хампстед Гарденс поставени од Хенриета Барнет мојот одговор е негативен. Заради зеленилото што ќе го изгубиме со антипарохијата. За да не живееме во град како Атина и за да не се поставува како стандард неетичкото однесување.

сопствениците на ланецот стоковни куќи туку за Карл Маркс и Херберт Спенсер). Во 1906 година, Барнет почнува со проектот Hampstead gardens купувајќи 100 хектари земјиште од Колеџот Итон. Еве ги целите на проектот: населбата треба да води сметка за сите класи на луѓе без разлика на приходите; меѓу куќите да има големи простори, куќите да не бидат набиени; улиците треба да бидат широки и со дрвореди; куќите треба да бидат одделени со жива ограда, а не со ѕидови; шумичките и јавни паркови треба да биде отворени за сите; населбата да биде тивка.





Денес, Хампстед гарденс се познати по високата цена на куќите и по тоа дека речиси целосно е населена од горната средна класа (Саша Барон Коен живеел тука како и последниот крал на Грција Константин). Дали се луѓето кои живеат во Хампстед Гарденс еднакво алчни како тие од студијата на психологот Пиф, не може да се тврди. Но, се знае дека советот на фондацијата што се грижи за населбата има нови процедури со кои главните урбанистички одлуки ќе бидат изложени на пошироки консултации (ние ги нарекуваме јавни дебати) со жителите на населбата.

# Филм

Пишува Александар Василевски

# Привлеч на култ филм

**Постои трајна убавина што може да ја понудат само подвижните слики. Во филмовите кои го заслужиле статусот „култни“ има нешто – кадар, глума, мизансцен...- што восхитува генерации и генерации гледачи. Списокот на такви дела е навистина голем, а секој што решил да избере дел од него може да се теши дека ќе „одговара“ само за понудениот квантитет**



## Небото над Берлин

Посебно место во нашата листа култните филмови зазема социјалната драма „Небото над Берлин“, 1987, во режија на германскиот вундеркид Вим Вендерс, по чии стапки мудро чекорат имињата на еден Андреј Звјагинцев, Павел Лунгин, Лик Бесон, Матје Касовиц...
Вендерс минуциозно ја разработува темата на осаменоста, отуѓеноста во најразлични ситуации, без разлика дали тоа е талкачот од улицата, детето од сокакот, трапезистката од циркусот или некоја друга личност. Се чини дека секоја индивидуа припаѓа на Берлин, а всушност кога подлабоко ќе анализираме никој од нив како да не припаѓа на својот роден град, туку како еден да дошол од Рим еден од Париз а трет од Мадрид. Сепак, главниот двигател на светот, е светот на љубовта. Вендерс успеал да дојде до прекрасни идејни решенија во овој извонреден филм - и самиот ангел кога ја здогледува трапезискаta од циркусот се вљубува во неа и посакува и тој да стане човек. Изборот од актерската екипа е извонреден како и секогаш, и не е оставен на случајноста. Така и овде можеме да ја потврдиме квалитативната вредност на харизматичниот Бруно Ганц и сексапилноста на шармантната Солвег Домартен, која наликува на Вероника Лејк. Ремек-дело кое го препорачуваме на вистинските филмофили.

## Голи во седло

Еден од најзначајните култни филмови во историјата е „Голи во седло“, 1969, во режија на Денис Хопер, кој ја има и главната улога покрај Питер Фонда. Овој филм стана своевидна химна за хипи-движењето; впрочем и самите актери биле хипици. Нивно главно гесло е либералниот дух на пријателството и за нив времето е едноставно безвременско, тоа го воочуваме во почетните кадри од филмот каде што Питер Фонда го фрла својот часовник на земја, нималку заинтересиран, укажувајќи ни дека има далеку поинтересни моменти од временската ограниченост. Тие со своите моторцикли се восхитуваат на пејзажите околу нив, на вкусот на пијалоците и со огромна страст и еротичност одат во прегратките на жените околу нив.
Питер Фонда (капетан Америка) и Денис Хопер (Били) по природа се слободарски авантуристи, кои не дозволуваат да се вгнездат во стереотипноста, едноличноста и суровоста (како што Прометеј се бори да се избави од прангите на заточеноста), туку тие не само што триумфално владеат во своето царство на независноста, слободата и љубовта како вистински витези, на моменти несебично го споделуваат својот алтруизам со секој непознат, кој ќе се најде во нивна близина – каков што е анонимниот хипик од друмот кој, богато ги нагостува со сите метании во своето семејство. Овие особини се карактеристики на праведниот и вистинскиот човек, кои денес се се помалубројни и поретки, но да се надеваме дека ќе провеат свежи ветрови на хуманоста и праведноста.

# чноста тните ови



## Амаркорд

Кога ќе го чуеме името на Федерико Фелини кај нас одекнува со ист интензитет ехото на жизнорадоста и носталгичноста, кои се главните мотиви во филмот „Амаркорд“ (се сеќавам), 1973.

Средовечниот Тита (Бруно Занин), ни ја прераскажува својата приказна од раната младост, всушност автобиографските моменти од животот на самиот автор и неговиот роден град Римини. Тој умее да ви ја стопли душата со изворноста, посебно со сцените кога главниот протагонист на приказната со своите пријатели запловуваат во фантазмите на имагинацијата, сексот или, пак, кога се препуштени на автентичноста. Неговиот суптилен хумор содржи таква оригиналност, која денес се поретко може да се види на филмското платно.

Музиката на Нино Рота е уште една додатна нота од Фелиниевата мајсторија која го комплетира ова дело.




## Вчера, денес, утре

Сонародникот на Фелини, Виторио де Сика го создаде тандемот Софија Лорен и Марчело Мастројани, кој предизвикува ист восхит и кај младата и постарата генерација. За оваа констатација можеме да се осведочиме во романтичната комедија „Вчера, денес, утре“, 1963.

Оваа двојка на филмското платно, со нивната непосредност оставаат впечаток како воопшто да не глуми, туку како пред вас да се наоѓаат најблиските соседи со кои веднаш можете да стапите во комуникација. Филмот содржи три различни приказни. Лорен, без разлика дали е во улога на заводничка, грижлива мајка или благородничка, таа ја игра со ист ентузијазам и професионална посветеност. Софија стана статусен симбол на италијанскиот филм со својата убавина и еротичност.

Комплименти заслужува и Марчело, несомнено еден од најголемите латински заводници, кој успеа да освои многу женски срца, од Феј Данавеј до љубовта на неговиот живот, француската дива Кетрин Денев. Популарноста ја стекна токму со овој филм. Особеноста на неговиот талент и на неговата личност го прават спојот на непосредноста и самоконтролата, зачуван како драгоцен аксиом од ренесансните мајстори. Голем број од неговите колеги се обидуваа да ја дофатат автентичноста и да се доближат до неговиот талент, но тој мудро го сочува како вредна реликвија.

## Коса

Од трезорите на познатата чешка школа ФАМУ излезе името на Милош Форман, кој се прослави со филмот „Коса“, 1979. Интересен податок за овој филм е што голем број тогашни анонимни глумци денес котираат како многу популарни - Трет Вилијамс, Семјуел Џексон, Беверли д Анџело. „Коса“ несомнено е најголемата музичка ода за хипи-движењето. Волјата за слобода кај хипиците може да ја видиме во изразувањето, собирите низ парковите, свирењето и пеењето како доказ за нивната независност. Извонредна е сцената на коњи во галоп кои почнуваат да играат во ритамот на песната, во знак на одобрување на импулсот на една вљубена двојка, но можеме да ја потврдиме и вистинската вредност на пријателството.

Филмофилите веруваат дека популарноста на култните филмови од ден на ден ќе се зголемува, а со тоа се поголем број обожаватели ќе и се восхитуваат на седмата уметност.






**ГРИД 2012**
Повеќе од 100 уметници од 37 различни земји учествуваат на ГРИД 2012, најголемиот холандски меѓународен фотофестивал, кој е отворен минатата недела, а ќе трае до 1 јули. Биеналето ќе опфати неколку града низ Холандија, но главната локација е во Амстердам, каде што се поставени меѓународните изложби. На ова Биенале учествува и Милчо Манчевски со „Пет капки сон", но како претставник од САД.

**Саем на книги во Солун**
Во периодот од 24 до 28 мај ќе се одржи Саемот на книги во Солун, а Србија ќе биде почесен гостин. Покрај средбите со српските автори и нивните читања, на Саемот се предвидени и придружни манифестации меѓу кои и изложби и работилници за деца во рамките на детското катче на штандот.



# Почна 65. Кански филмски фестивал




Пишува **Калина Буневска Исаковска**

Фестивалот во Кан е познат како лансирна рампа во филмската индустрија. Тоа го потврдува и минатогодишниот победник кој оваа година е награден со „Оскар", филмот „Артист" (The Artist).

Од моментот кога е јавно објавена програмата, 65. Кански фестивал доби многубројни коментари и критики од светските медиуми. Овој значаен европски Фестивал почна и со филм со кој силно се обележува американската кинематографија, „Кралството на изгревот на месечината" (Moonrise Kingdom) .

Вавкитe критики ги поткрепи и изјавата на уметничкиот директор на Фестивалот, Тери Фремо, кој, најавувајќи ги авторите во трката за „Златна палма", рече дека американскиот филм во Кан „се враќа на своe".

До која мера ќе биде „американизиран" или комерцијализиран еден од најзначајните фестивали во светот, всушност, е прашањето што се поставува во европските филмски списанија.

Критичарот Динко Туцаковиќ има друга перцепција на политиката на Фестивалот: „Го познавам Тери Фремо; тој ја направи програмата за Канскиот фестивал и се обиде да направи селекција која, за разлика од другите фестивали, како што е Берлинскиот, нема да биде означена со политички или со идеолошки погледи на светот. Фремо добро го познава класичниот филм, тој во современиот независен американски филм ја препознава енергијата што е одлика на филмовите од раните шеесетти до крајот на деведесеттите години.

Критичарот, и покрај тоа што е импресиониран од познатите филмски имиња, смета дека многу тешко ќе го надмине минатогодишниот, кога, според него, бил најдобар.

За многумина критичари Канскиот фестивал е со иста слава како и претходно, но потенцира само неколку автори и не форсира комерцијализација. „Да, Фестивалот е добар полигон за фаворизирање на комерцијализирани филмови, но надвор од конкуренцијата за наградите. Со тоа го држи балансот, како и претходно. Овој Фестивал се обидува, во 'четириаголникот' со Берлин, Венеција и Торонто, да собере колку што е можно повеќе големи авторски имиња. За да го одржи местото што го има, овој Фестивал мора да има најблиски односи со Холивуд, а притоа да не дозволи 'холивудизација' на главната програма која е натпреварувачка", изјави Иван Карл, селектор на Канскиот фестивал.

На јубилејниот Кански фестивал ќе се прикажат филмови во повеќе конкуренции, а за „Златна палма" во конкуренција се 22 филма.

Во програмата ќе бидат прикажани и два филма за овогодишните протести во кои беа сменети властите во Тунис и во Египет.

Инаку, како и минатите две години, така и годинава, Филмскиот фонд на РМ ќе се престави на филмскиот маркет во состав на Фестивалот. Македонскиот штанд ќе биде во состав на павилјонот на Југоисточна Европа. Во тие рамки ќе бидат прикажани трите македонски филмови: „Жената што си ги избриша солзите" (19 мај), во режија на Теона Стругар Митевска; „Балканот не е мртов" (20 мај), во режија на Александар Поповски; и „Трето полувреме" (21 мај), во режија на Дарко Митревски.

# Политика
# оди бестр



# 60

портрети на Кралицата Елизабета II ја сочинуваат изложбата во Националната галерија на портрети во Лондон, по повод дијамантскиот јубилеј од нејзиното стапување на тронот. Изложени се дела од повеќе автори меѓу кои и портетите кои ги создале Ани Лебовиц, Енди Ворхол и Герхард Рихтер.



**Брус Спринстин на турнеја низ Европа**

Почнувајќи од 13 мај во Севиља, Брус Спринстин ја започна својата голема турнеја низ 13 европски држави што ќе трае до 27 јули. Спринстин, познат со неговите блескави и енергични концерти, по подолг период се враќа на стариот континент.

# Културен свет

та
ага



**Предраг Луциќ,**
колумнист и писател

Разговараше **Калина Буневска Исаковска**

**Твојата љубов кон Македонија никогаш не била скриена, напротив. Секогаш, со некоја доза на прикриеност ќе ја спомнеш, без разлика дали во „Филтер Југославија" или во текст со наслов „Леб и сол на рана". Како ја чувствуваше СФРЈ, а како денешните граници во неа?**

- Да бидам искрен, СФРЈ како држава – со својата партија, војска, полиција, тајна полиција, царина и останатите механизми за негување на паранојата – не ми значеше ништо. Исто како што ни било која друга држава, која самата се наметнува врз граѓаните како смисла на нивниот живот ништо не ми значи.

Но, Југославија како простор за живеење, како простор за запознавање и средби, како простор на различни лица, слики, мелодии и ритмови... е неа сè уште ја чувствувам како земја која беше поотворена и поинтересна од овие новонастанати провинции. А тие – ако им е тоа волја на нивните политички и културни елити – и понатаму ќе се ситнат, веројатно сè додека не стигнат во состојба на идеална монотонија, сè додека тие мономани не бидат сигурни дека меѓу нив повеќе нема никој кој излегува од зададениот формат. Многу би сакал новите генерации да им ја расипат работата. Не мислам притоа на создавање на нова Југославија – бидејќи државите, ти велам, не ме интересираат – туку на распукување на тие затворени закожурени модели.

Државните граници мене не ми се проблем, покажувам пасош за да ме пуштат или не... Проблемот е во ограниченоста во самите државни граници, во што не се вклопуваш ако не си прописно ограничен. И тогаш, таков, невклоплив, гледаш дека зад секоја граница има уште невклопени.

**? Твоите колумни се ревносна сатира на дневно-политички настани. Каде оди политиката на балканско-медитеранскиве простори и дали мислиш дека твоите колумни ќе влијаат врз некого?**

! Политиката и на овие простори и во целиот свет оди бестрага. Оди на берза и во банки како што зависниците одат во коцкарници. Во име на идеологијата на капиталот го прогласија крајот на сите идеологии. Мене баш ми е гајле за идеологиите, само прогласен е и крај на идеите. Оставено ни е да се легитимираме со безидејни идентитети, припадноста на некои од зададените идентитети да ни биде единствен и конечен облик на нашето постоење. Бидејќи, наводно живееме во систем кој е непроменлив. А не е непроменлив туку – непоправлив.

Таа измама добро ја наплатија, само на играта сè уште не и е дојден крајот. Сè повеќе луѓе во светот гледаат во што е измамата и не сакаат нивните животи да бидат жетони на коцкарската маса или на берзанскиот индекс, сеедно. На нашите простори тоа се воочува малку побавно, зашто луѓето се сè уште заблеснати од лажниот сјај на „менаџментот", „инвестментот", „инфотејнментот"... од сè што ќе ги осиромаши и ќе ги доведе во позиција да бидат топовско месо во идентитетските војни во кои националните и верските разлики се само параван за голиот интерес.

Немам илузии дека моите колумни можат да влијаат за промена на таква состојба, но мислам дека со своите читатели можам да го поделам отпорот кон дежурните вистини кои ни ги сервираат. И малку хумор на сметка на оние коишто себе си се сфаќаат премногу сериозно.

**СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ХРВАТСКА Е ПРИЛИЧНО ТЕСНА. ЗА ТОА СЕ ЗАСЛУЖНИ И НОВИНАРИТЕ И УРЕДНИЦИТЕ КОИ ИНТЕРЕСИТЕ НА ЈАВНОСТА И ПРОФЕСИЈАТА ГИ ПОДРЕДИЈА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА СОПСТВЕНИКОТ**

**? Дали некој ти прави притисок, колку е слободен новинарскиот збор во Хрватска?**

! Немам никакви притисоци. Имам потполно одврзани раце во изборот на темите и во начинот на кои ќе им пристапам. Но, да не се лажеме – мојот случај е повеќе инцидент отколку правило. По гаснењето на „Ферал" отидов во „Нови лист", под точна претпоставка дека од мене нема да бараат да отстапувам од самиот себе. Притоа, се разбира, ми беше јасно дека „Ферал" како простор со полна новинска креација повеќе го нема и дека не треба да го барам никаде. Бидејќи него надвор од „Ферал" го нема. Сите весници имаат свои определби во кои слободниот простор на мојот текст се вклопува или не. Во „Нови лист" тоа функционира, бидејќи во него секогаш се почитуваат и текстот и авторите. А што се однесува на слободата на медиумите во Хрватска, таа е прилично тесна. За тоа во голема мерка се заслужни новинарите и уредниците кои интересите на јавноста и професијата ги подредија на интересите на сопственикот. Многу често во тоа сервисирање на профитните амбиции на газдата се повикуваат на наводните ниски барања на публиката. А дека вкусот на публиката сепак не е толку низок покажуваат сè пониските тиражи на таквите весници.

**? Како писател – на што работиш сега?**

! Работам на третата и последна во низа читанка составена од песни кои ги објавив во „Ферал" и „Бетон" и во кои, со некои нови песни, додадов и „заебантско"-едукациски блокови со прашања и задачи со кои ја пародирам и формата на школските читанки, но правам и ирониска игра со сопствената поезија. Книгата ќе се вика „Гусли во магла" и ќе ја затвори трилогијата во која досега се објавени читанките „Сан Цу на прозорчето" „Безгаќата на историската реалност" . Ја подготвувам и „Месечина над Сплит" која најверојатно немаше да ја пишувам доколку Џевад Карахасан не ме покани да напишам нешто за меланхонијата на Медитеранот за „Сараевски свески". Му благодарам што ми дозволи наместо есеи да напишам песни.

Сè уште наоколу патувам и со Борис Дежуловиќ го изведувам поетското кабаре кое на почетокот се викаше „Мелодиите на Блесокот и Бурата", па потоа „Мелодиите на борбата и претворбата" и потоа уште секако. Се надевам дека со „Мелодиите" конечно ќе дојдеме и во Македонија.



# Конт

Рих

**Рихард Вагнер е несомнено водечка личност во музиката, филозофијата и во теоријата во XIX век, но и најконтроверзен композитор на сите времиња. Создал недоумица, колку со својата музика, толку и со приватниот живот. Неговиот гениј е причината за поделбата на културната елита на вагнеријанци и антивагнеријанци**



# троверзниот

## ард Вагнер

**Почетоците на создавачот на „потполна уметност“ (Gesamtkunstwerk).** Вилхелм Рихард Вагнер е роден во Лајпциг, на 22 мај 1813 година, како деветто дете на Карл Фридрих Вагнер и Јохана Розина Вагнер. Неговиот татко починал уште кога имал шест месеци, а мајка му набргу се омажила со артистот и драматург Лудвиг Гајер, кој му ја пренел големата љубов кон театарот. Како дете сакал многу да чита и да пишува. Уште како ученик се обидувал да пишува драми, а многу го читал и Шекспир. Дури му успеало да преведе 12 пеења од „Одисеја“. Подоцна го интересирале и германско-нордиските митови, средноевропската книжевност, филозофските дела на Фоербах, Шопенхауер и Ниче, со што станал една од најобразованите и најначитаните личности во Европа во XIX век. Интересот на Вагнер за компонирање почнал уште на 15 години, кога за прв пат ја слушнал Бетовеновата „Деветта симфонија“. Тој самиот ја сметал за корен на целокупното негово творештво. Вагнер никогаш немал вистинско уметничко образование; своето музичко познавање му го должи на неколкумесечното учење на часовите кај Кристијан Теодор Вајнлиг. Учителот бил толку воодушевен од талентот на Вагнер, што не сакал да му наплати за часовите. На 19-годишна возраст Вагнер ја напишал „Симфонија во це-дур“, со што му било овозможено да ја почне кариерата како диригент. Следната година успеал да стане диригент на хорот во Варцбург. Тогаш ја напишал својата прва опера „Самовили“, која никогаш не била изведена во текот на неговиот живот.

**Несреќниот живот со Мина.** Во 1836 година Вагнер се оженил со артистката Вилхемина Мина Планер. Се преселиле во Рига, каде што Вагнер работел како директор на операта. Неколку недели по нивното венчавање Мина побегнала со воен офицер, кој подоцна ја оставил без скршена пара. Вагнер ја прифатил назад, но тоа било само прв конфликт во нивната несреќна врска. Во 1839 година Вагнер и Мина морале да ја напуштат Рига поради големите долгови, со кои тој се мачел долго време. Напорното и бурно пловење со брод до Лондон, покрај норвешкиот брег, било инспирација за неговата опера „Летачкиот Холанѓанец“.

**Мајско востание.** Во 1842 година Вагнерови, кои во меѓувреме живееле во Париз, се вратиле во Дрезден, каде што останале наредните шест години. Вагнер бил назначен и за капелмајстор, најстабилната работа што воопшто ја имал. Неговиот престој во Дрезден бил прекинат поради неговата вмешаност во политиката на левицата: во германските држави јакнело националистичкото движење кое барало соединување во едно царство и демократизација на државата. Незадоволството кон владата достигнало врв кога кралот Фридрих Август II го распуштил собранието и го одбил уставот што го барал народот. Тоа довело до Мајското востание, во кое учествувал и Вагнер, држејќи стража на востаничките места и правејќи рачни бомби. Брзиот крах на ова востание довело до распишување потерници по револуционерите. Вагнер морал да побегне од Германија во 1848 година, прво во Париз, а потоа во Цирих. Следните 12 години тој бил надвор од својата земја.




Бил познат и како егоцентрик, мегаломан, хедонист, прељубник, за некои и антисемит и расист. По 129 години од неговата смрт, Вагнер сè уште предизвикува расправии и кавги. За него се напишани повеќе од 10.000 книги и статии, но интересот сè уште не стивнува

**Прогонството, почетокот на „Прстенот" и прељубите.** Пред да го напушти Дрезден, почнал да работи на дело што подоцна прерасна во „Прстенот на Нибелунзите". Во тоа време имал намера оваа митолошка тематика да ја смести само во една опера што ја нарекол „Зигфридовата смрт". Во Цирих одлучил да ја напише и операта за Зигфрид, чија тематика би се одвивала во два дела, а најпосле смислил цел циклус од четири опери и почнал да го пишува либретото за „Рајнско злато" и „Валкири". Во 1856 година одлучил привремено да прекине со овој циклус и да го напише делото „Тристан и Изолда". На тоа го навела љубовната врска со Матилда Везендонк, сопругата на неговиот мецена Ото Везендонк, кој го сместил Вагнер во својата викенд-куќа во близина на Цирих. Како инспирација за оваа опера била збирката од пет песни што ги напишала Матилда, која била писателка и поетеса. Бракот со Мина бил сериозно загрозен во 1858 година, кога Мина открила едно од писмата на Матилда што довело, по неколку години, да живеат одвоено. Нивниот брак траел сè до нејзината смрт во 1866 г. Неговите маки со долговите биле прекинати откако на престолот дошол Лудвиг II, во 1864 година. Овој баварски крал, кој денес го сметаат за ментално нестабилен хомосексуалец, како дете ги обожавал Вагнер и неговите опери, особено „Лоенгрин", витезот на Светиот грал и синот на Персифал, со кој се изедначувал. Кралот веднаш ги отплатил долговите на Вагнер и го повикал во Минхен, покана што Вагнер ја прифатил. Вагнер повторно предизвикал скандал. Започнал љубовна врска со вонбрачната ќерка на Франц Лист, Козима фон Билов, сопруга на големиот диригент Ханс фон Билов, кој бил еден од најголемите обожаватели на Вагнер. Во 1865 година Козима ја родила вонбрачната ќерка, која со Вагнер ја крстиле Изолда. Лист, иако му бил многу голем пријател на Вагнер, сепак, не ја прифатил оваа афера. Меѓутоа, Фон Билов, и покрај овој скандал, не му забележал на Вагнер за прељубата со неговата жена и продолжил да биде негов голем обожавател. Сепак, Вагнер и Козима се преселиле во близина на Луцерн, каде што им се родиле уште две деца, Ева и Зигфрид. Бидејќи, конечно, имал стабилен живот, Вагнер му се вратил на пишувањето на „Прстенот на Нибелунзите". На инсистирање на кралот Лудвиг, „Рајнско злато" и „Валкири" биле изведени во Минхен, иако тоа не било желба на Вагнер. Тој сакал целиот циклус да се изведе одеднаш. Затоа одлучил да продолжи во тајност да работи на „Прстенот".

Операта „Лоенгрин" ја завршил пред прогонството, но не успеал да ја постави во Германија во време на Мајското востание. Оваа опера била успешно изведена со помош на неговиот пријател Франц Лист, во Вајмар, во 1850 година



Суровиот Вагнер
Неговиот страшен однос кон оние што најмногу го сакале е за згрозување, но уште почуден бил и нивниот однос кон него – гледале во него како да е Господ, а тоа најдобро го покажуваат Ото Везендонк и Ханс фон Билов: и двајцата му биле верни, а тој и на двајцата им ги украл жените. Тие, сепак, му простиле и продолжиле да му помагаат со иста жестина како и претходно



## Театарот во Бајројт од 1876 г.

Со премиерното изведување на „Прстенот на Нибелунзите" започнал и Фестивалот, кој прераснал во годишна свеченост, кога се свиреле неговите дела. По неговата смрт, со Фестивалот раководела неговата сопруга Козима. Режијата, сценографијата, изборот на пејачите и начинот на пеење – сè било под нејзина палка. Козима на сопствен начин ја толкувала волјата на „маестрото" и не менувала ништо. Фестивалот Бајројт, со кого сега раководи четвртата генерација Вагнерови, медиумски е отворен и се одржува до ден-денес, а пред зградата претставите можат да се гледаат на голем екран. За неговата популарност зборува фактот дека за влезници се чека и по неколку години. Фестивалот доби нова свежина, иако и натаму се прикажуваат претстави, поставени од времето на Рихард Вагнер.

## Ниче контра Вагнер

Во 1868 година Вагнер се запознал со младиот филозоф Фридрих Ниче во куќата на својата сестра Отилија и нејзиниот сопруг. Ниче веќе бил воодушевен од неговите опери. Тие се запознале откако Вагнер разбрал дека Ниче одлично ги изведувал неговите партитури. Оттогаш започнало пријателството на овие двајца умови кое, за жал, завршило катастрофално. Ниче го сметал Вагнер за единствена личност која ја разбира неговата филозофија. Нивното пријателство траело до 1882 година. Нивните односи се заладиле и претходно, во 1874 година, кога Ниче се обидувал да му ја приближи музиката на Брамс, кого Вагнер не го поднесувал, бидејќи и двајцата биле предводници на две спротивставени струи на германскиот романтизам – Брамс околу себе ги собирал конзервативците, а Вагнер и Лист ја застапувале напредната музика. Тие се скарале, но Козима ги смирила. Ниче присуствувал на првиот Фестивал, но дотогаш станал и многу критичен кон Вагнер; Вагнер, пак, не му посветил многу внимание за време на Фестивалот, што придонело за раскол меѓу нив. Кон крајот на 1876 година, во Соренто (каде што Вагнер се одморал со семејството, а Ниче дошол поради здравјето), тие се виделе последен пат. Вагнер му раскажал за „Персифал", а на Ниче му се згадила христијанската тематика на операта и одлучил целосно да ги прекине контактите со него. Повеќе не се виделе. Дека кај нив настанало целосно разминување зборува и фактот што Вагнер му обрнал внимание на лекарот на Ниче дека филозофот страда од „опсесивна мастурбација" и би било пожелно да се лекува. Историчарите не се сигурни дали Вагнер го направил тоа од пакост или од искрена грижа за здравјето на Ниче. Како и да е, Ниче збеснал. Тоа го натерало во своите подоцнежни есеи да пишува против него, особено во „Ниче контра Вагнер". Тука опишал дека ги прекинал сите контакти со композиторот и за неговото разочарување, бидејќи Вагнер му се вратил на христијанството (ова го гледал како знак на слабост): „Рихард Вагнер, навидум победоносен, но, всушност, скапан, очаен декадент, одненадеж потона, беспомошен и скршен, пред христијанскиот крст". И покрај сè, Ниче до крајот на својот живот се воодушевувал на неговата музика.





Неговите најпознати есеи се напишани за време на прогонството. Тогаш ја има формулирано својата теорија за „потполна уметност“ – Gesamtkunstwerk, која ги обединува сите уметнички форми – музиката, поезијата, играта, сликањето, драмата – во едно големо уметничко дело, која го прави овој уметник врвен и прв композитор од ваков тип. Со оваа теорија, тој до ден-денес има големо влијание врз уметниците.)

## Вагнеровиот антисемитизам и Хитлеровата опсесија со композиторот

Вагнеровата наводна нетрпеливост кон Евреите, чија причина, највеојатно, е неговото ривалство со Маербер и гадењето кон музиката на Менделсон, е контроверзна теорија што предизвикува многу несогласувања. Некои од неговите биографи и историчари сметаат дека неговите опери (посебно „Зигфрид“ и „Персифал“) содржат скриени пораки на расизам и на антисемитизам. Тие теории не се прифатливи и се сметаат за неточни, бидејќи многу научници докажале дека во ниту една скица или толкување на Вагнер за оперите не постои ништо што би укажало на такви ставови, а од друга страна, пак, по избивањето на Втората светска војна, националсоцијалистите го забраниле „Персифал“ поради пацифизмот што го содржи делото. (Иако Хитлер тајно ја слушал, бидејќи како фашист и антисемит не го прифаќал Вагнеровото објаснување за хуманоста на овој лик, туку го толкувал како што нему му одговарало. Според него, ликот потпаднал под влијание на „нечистата“ раса). Исто така, најдобрите Вагнерови диригенти биле Евреи, еден од нив бил Херман Леви, кој му бил и многу близок пријател. Вагнер секогаш го ставал христијанството над расната теорија и никогаш не верувал во супериорноста на германско-нордиската раса. Бил голем противник на робовладетелството над Црнците во Америка, како и на ропството воопшто.





## „Танхојзер“ во Париз

Во Париз се обидел да изведе нова верзија на „Танхојзер“. Во операта, преведена на француски, вметнал и балет, бидејќи во француската опера задолжителен елемент бил балетот. Меѓутоа, тој го вметнал уште во првиот чин, а не во вториот како што било правило, давајќи му така драмска смисла на балетот. Изведувањето го упропастиле припадниците на аристократскиот џокејски клуб, кремот на француското општество, кои првиот чин секогаш го користеле за вечера, а во вториот чин го гледале балетот. Останатиот дел од операта, вообичаено, не го ни гледале. Изведувачите биле принудени буквално да ја напуштат сцената поради скандирањето на снобовите, а Вагнер бил толку бесен така што никогаш повеќе не дозволил во Париз да се изведува некоја од неговите опери.

Бидејќи не можел да најде соодветен простор за поставување на операта, дошол на идеја да изгради посебен, сопствен театар. Во 1871 година, тој и неговата сопруга Козима го посетиле идиличното место Бајројт, во близина на Минхен. Вагнер бил многу воодушевен од гратчето и одлучил токму тука да го оствари својот сон. Со цел да собере средства за изградбата, правел концертни турнеи низ Германија. Меѓутоа, вистинската финансиска помош ја добил од кралот Лудвиг во 1874 година, кога со семејството се преселил во Бајројт. Вилата ја крстил „Мир од лудилото“ (Wahnfried). Фестивалот бил отворен во 1876 година, со премиерно изведување на „Прстенот на Нибелунзите“ – „Рајнско злато“, „Валкири“, „Зигфрид“ и „Самракот на боговите“. По првиот Фестивал, Вагнер некое време престојувал во Италија, каде што работел на својата последна опера „Персифал“, која ја завршил во 1882 година, а премиерата била одржана истата година, на Фестивалот во Бајројт. Во 1882 година Вагнер веќе се разболел. Страдал од тешки напади на ангина, па затоа со семејството отишол во Венеција, за да закрепне. Умрел следната година, од срцев удар. Се претпоставува дека ударот го добил поради расправијата што ја имал со својата жена, која дознала за неговата нова опседнатост (а, можеби, и афера) со Англичанката Кери Прингл, која пеела во „Персифал“. Се вели дека умрел во рацете на Козима и оти таа го држела неговото тело во прегратка речиси цел ден. Иако Вагнер повремено имал љубовници, во бракот со Козима останал до крајот на животот. Гробот на великанот се наоѓа во Бајројт, во дворот на неговата вила „Мир од лудилото“.



Славење на 200-годишнината од раѓањето на Вагнер Иако дури следната 2013 г. се заокружува овој голем јубилеј, многу оперски куќи во Германија веќе со месеци се подготвуваат за тоа. На сцените го поставуваат „Прстенот на Нибелунзите“, 16 или 18 часа долгата оперска театрологија (во зависност од темпераментот на диригентот), која, всушност, претставува и најголем предизвик за една оперска куќа. Од неговите 13 опери, дури 10 сè уште се на репертоарот на најпознатите светски оперски куќи



# Метафизика во приказната

**„Обична приказна“ од Марија Ладо, во режија на Љупчо Ѓоргиевски, Народен театар Битола**

Пишува **Гоце Смилевски**

Драмскиот текст на современата украинска авторка Марија Ладо избира, при претставувањето на реалноста, една невообичаена перспектива, постапка во чие проникнување би можела да ни послужи како појдовна точка тезата на Гинтер Андерс за начинот на кој Франц Кафка пристапува кон деконструирањето на реалноста во своите дела. Имено, Андерс вели дека Кафка „го изместува привидно нормалниот изглед на нашиот луд свет за да ни покаже колку тој свет е луд. Но, тој со овој луд изглед постапува како со нешто потполно нормално и со тоа го опишува токму тој луд факт дека лудиот свет важи како нормален.“ Постапката на Ладо е поинаква: во разоткривањето на лудилото на светот, таа паралелно со односите помеѓу луѓето, ги претставува и односите меѓу животните, давајќи им говор идентичен на човечкиот и начин на размислување сличен на човечкиот. Така, во „Обична приказна“ театарската сцена е простор на кој се среќаваат и испреплетуваат светот на животните и светот на луѓето, но и светот на живите и „оној“ свет. И самиот наслов на драмскиот текст учествува во она што Виктор Шкловски го нарекува „астранение“ (а што на македонски се преведува како „онеобичување“), затоа што делото на Марија Ладо е се, само не обична приказна, или пак претставува онеобичување на нешто што би можело да биде претставено како обична приказна, приказна која би можела да биде во кратки црти раскажана во една реченица: Даша е бремена од Алексеј, но бидејќи таткото на Даша е во конфликт со таткото на Алексеј, таа е ставена пред свршен чин да го абортира своето дете, но наоѓа сила да се спротивстави и раѓа ќеркичка. Но, Ладо успешно ја избегнува мелодраматската замка, решавајќи се да ги внесе ликовите на животните како рамноправни со ликовите на луѓето, со што не внесува бестијалност во драмата, туку го издигнува целото дејствие до метафизичка димензија. Во кулминативните точки, перипетиите и расплетите на драмското дејствие животните играат значајна улога, иако „невидлива“ за луѓето, но таквите промени не се резултат на едноставна акција, туку процес во кој клучен елемент е етичноста на животните, со што се посочува на нечовечноста на некои од човековите постапки.

Режирајќи ја „Обична приказна“ прецизно и поетски вдахновено (користејќи и сонети од Шекспир и сонгови од „Животинска фарма“ на Џорџ Орвел), Љупчо Ѓоргиевски успева да не се почувствува, во рамки на самата претстава, јаз помеѓу светот на луѓето и светот на животните, ниту помеѓу „овој“ и „оној“ свет, туку ги претставува како различни сегменти на една единствена целина, со сите разлики меѓу нив, целина во која се испреплетуваат нишките на нивните сродности и спротивности. На тој начин Ѓоргиевски создава исклучителна претстава, едноставна и полна со значења. Во тоа му помагаат сценографија на Валентин Светозарев, костимографијата на Благој Мицевски, музиката на Марјан Нећак и музичкиот бенд Live Five, и секако, чудесната посветеност на актерската екипа. Се добива впечаток дека тие ја играат претставата со свест како дејствието да се одигрува за прв и за последен пат, онака како што животот се одигрува само еднаш, како со тоа да сакаат да не потсетат дека така е и со секој миг од нашите обични необични приказни. Митко Апостоловски (Стопанот) и Борис Чоревски (Соседот), со особена сугестивност толкуваат ликови кои се антиподи, и кои во кулминативните точки од драмското дејствие доживуваат трансформација: ликот кој го гради Апостоловски, од патријархален татко и сопруг, се трансформира откривајќи ја и својата друга страна - чувственоста, а ликот кој го гради Чоревски, од себедоволен пијаница кого го интересира единствено тоа како да стигне до шишето алкохол, расне до степен на пожртвуван хероизам кога си го одзема животот за да стане ангел чувар кој ќе му овозможи живот на своето внуче. Менка Бојаџиева (Стопанката) и Огнен Дранговски (Алексеј) непосредно и впечатливо ги толкуваат своите ликови. Маја Андоновска женствено и топло го гради ликот на Даша, растргната помеѓу љубовта кон Алексеј и желбата да го роди детето од една, и покорноста пред татко си и патријархалниот поредок од друга страна. Поповска, Стефановска, Ошавкова, Пројчевски и Спировски успешно ја остваруваат тешката задача за психолошко профилирање на ликовите на животните. Јоана Поповска на сцена сугестивно ја пренесува трансформацијата на Кобилата, од истоштеност до подготвеност за жртвување. Јулијана Стефановска во улогата на Кравата го доловува прифаќањето на судбината кое не е еднакво со помирливост. Петар Спировски (Кучето) внесува нијанси на чиста ведрина и животна радост, кои се спротивставуваат на тегобностите на стварноста. Никола Пројчевски преку енергичното толкување на улогата на Петелот донесува пародирање на човечките слабости предизвикани од суетата. Соња Ошавкова, толкувајќи го ликот на Свињата, ги обединува и лакомоста, и копнежот по летот и летањето засилен од тоа што е затворена и не може да види ништо надвор од шталата, и со тој копнеж веќе ја најавува и другата, метафизичката страна на целата претстава, која особено продорно се отвора во „Обична приказна“ со појавувањето на овој лик од „оној“ свет.

„Обична приказна“, онака како што е напишана од Марија Ладо, и онака како што е режирана од Љупчо Ѓоргиевски и проживеана на сцена од актерите на Народниот театар Битола, и овозможува на публиката да ја почувствува невидливата суштина која трепери во секоја приказна, потсетувајќи не, колку е вреден секој и сечиј живот, без разлика колку е навидум „обичен“. Ете повеќе од доволно причини оваа театарска екипа да гостува во Скопје повторно, што поскоро.

# КВОРУМ



## НАТО без нови членки во Чикаго

Утре и в понеделник ќе се одржи Самитот на НАТО во Чикаго, посветен на т.н. „паметна одбрана", на мисијата во Авганистан и на создавањето партнерска мрежа. Се очекува овие два дена во Чикаго да дојдат околу 10.000 посетители, од нив околу 8.000 директни и индиректни учесници, персонал и околу 2.000 новинари. На дневниот ред на Самитот ја нема темата проширување, така што од овој собир на врвот на алијансата нема да биде упатена ниту една нова покана за членство.

Македонската делегација, која ја предводи претседателот Ѓорге Иванов, а во која се и министрите Никола Попоски и Фатмир Бесими, како и началникот на Генералштабот на АРМ Горанчо Котевски, ќе учествува на самитскиот состанок посветен на НАТО-мисијата во Авганистан, во која земјава е петти контрибутор според бројот на жители. Во официјалниот дел предвидена е и средба на министрите за надворешни работи на земјите-членки на алијансата со делегациите на земјите-аспиранти Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Грузија. Во неофицијалниот дел, Обединетата македонска дијаспора (ОМД) организира гала-прием на кој покрај македонските претставници своето присуство го имаат потврдено словенечкиот премиер Јанез Јанша и шефот на турската дипломатија Ахмет Давутоглу. ОМД ќе одржи и протест во Чикаго, од кој ќе побара Македонија да добие покана за членство.


OFFest 2012
JUAN DE MARCOS
AFRO CUBAN
ALL STARS
1 ЈУНИ, Универзална сала, 20:00
БИЛЕТИ ВО ПРОДАЖБА: ЈУГОТОН, УНИВЕРЗАЛНА САЛА И WWW.KARTI.COM.MK

# Долго митингашко лето

**Социјалдемократскиот сојуз на Македонија најави серија митинзи за да го „артикулира растечкото незадоволство на граѓаните и да го зголеми притисокот врз Владата“. Првиот ќе се одржи на 3 јуни во Струмица, а секоја недела ќе има по еден митинг во поголемите градови во Македонија. Финалниот е закажан за 2 септември во Скопје, а поводот е шест годишното владеење на Груевски и на ВМРО - ДПМНЕ. Побаравме мислење од лидерите и претставниците на релевантните партии за митингашкото лето на СДСМ**





**Илија Димовски:**
Некреативен одговор на обвинувањата на јавноста дека СДСМ не прави ништо. Но, правењето митинзи не внесува квалитет, бидејќи вадењето членство на улица нема значење во смисла на понуда на нов квалитет. Советот од нас е ист – кадровска промена во СДСМ и конечно да направат програма, конкретна, реална и применлива

**Бранко Црвенковски:**
СДСМ е најголема опозициска партија и наша должност е да се спротивставиме на ваквото неодговорно однесување, да ги удвоиме напорите, да го артикулираме растечкото незадоволство на граѓаните, да го зголемиме притисокот врз владата. Затоа ќе мора да примениме и други методи за промоција на нашите предлози и политики за подобрување на состојбите



**Љубчо Георгиевски:**
Состојбата во земјава е повеќе од зрела за протести поради социјални економски и политички причини. Не само што не е рано, туку, дури е ѝ предоцна. На главната опозициска партија и прилега да биде носител на такви активности.

**Павле Трајанов:**
Митинзите се секогаш демократски начин на изразување на одреден став или незадоволство. Но, ова е веќе видена активност на СДСМ. Така беше и во 2002 пред изборите и во 2008 и во 2010. Шемата е иста.

**Бујар Османи:**
Активна опозиција придонесува за поактивна влада и сето тоа оди во прилог на граѓаните. Бројот на протестите е одраз на демократијата во една земја и еден од начините на кој граѓаните учествуваат во креирањето на политиките.





**Андреј Жерновски:**
Имам целосно разбирање за мотивите на СДСМ, бидејќи ситуацијата е драматично влошена на економски, политички и безбедносен план. Тоа отвора простор активностите на СДСМ и нашите да завршат со широк опозициски фронт, затоа што имаме заеднички политички противник.



**Руфи Османи:**
Легитимно и демократско право е на опозицијата да ја предизвикува власта преку демократски протести

Катерина Блажевска



# Одграде



Бруно

**Веќе подолго време „прашање на јуначка чест“ е да не се разговара за инвестиција под еден милион евра, дури и за банални нешта. Милиончето стана најнизок праг на меркантилната скала, долна граница под која ништо не е вредно за реализација**

Не постои точка на спојување кога ќе се судрат две спротивставени приказни - од една страна 1,7 милиони евра за раскошна ограда на мост, од друга - луѓе кои страдат поради недостиг од лекови или социјална помош. Генерално, сите наши слики постојано се растегнати меѓу два екстрема, при што првиот воопшто не мора да биде причина за вториот. На пример, ако во социјалата или во здравството има пропусти, ако лековите и услугите секогаш не се достапни за граѓаните, најавената ограда не е вистинската адреса за компарирање на неостварените права на здравствена заштита или кои било други потреби. Но, кога отсуствува одговорност во јавните расходи, граѓаните се принудени да ги симплифицираат нештата, а тоа подразбира игнорирање на фактот дека и за двете ставки (и за лекови и за реконструкции) се предвидени соодветни буџети.

**Денес имаме многу мостови, ама тие престанаа да бидат доказ за темелно поврзување. Повеќе се доказ за оградување**



# ете се

Во случајов, главен проблем е прашањето на одговорноста и на мера. Имено, некој од Градот одлучил дека треба нова ограда на мостот кај „Холидеј ин“. Но, нема одговор зошто таа треба да проголта толку многу пари, бидејќи и со помалку средства може да се добие квалитетно решение. Ако касата е подисспразнета, оградата може и да ја преспие оваа буџетска година. Од тој аспект, крајно неприфатлива е арогантноста со која градоначалникот Коце Трајановски го испорача својот „отчет“: „Е, добро де, така се замислило, сега што да правиме?“
Што да правиме? Ќе штедиме, господине Трајановски. Знам дека е тоа против непишаните закони на сите владејачки елити. Веќе подолго време „прашање на јуначка чест“ е да не се разговара за инвестиција под еден милион евра, дури и за банални нешта. Милиончето стана најнизок праг на меркантилната скала, долна граница под која ништо не е вредно за реализација. Милиончето во евра се беатифицира како да е илјадарка во денари и тој тренд се шири како инфективна болест. Токму затоа не може да помине без одговор зошто ова „така се замислило“, бидејќи зад таа фраза не стои апстрактна активност, туку одлука донесена од луѓе со име, презиме, функција и со одговорност што произлегува од неа. Кога граѓаните поставуваат сериозно прашање, сериозно треба и да им биде одговорено.
Ваквото оградување од цената на оградата нема да донесе ни урбана ни култура на отчетност. Напротив, таквото однесување ја одзема надежта дека јавноста може да ја заузди неселективната финансиска мегаломанија, а ќе продолжи да ја компарира со сè повисоките огради од дефицит, со кои се блокира пристапот до остварувањето на граѓанските потреби - комунални, социјални, здравствени, образовни, културни или егзистенцијални.
Тие високи огради ниту се невидливи ниту се обична персонификација. Тие се повистински и поскапи од онаа што треба да го краси мостот. И не се направени по мера на граѓанските потреби, туку по мера на отуѓената држава.
Од тој аспект, денес многу поважна тема од изгледот на новата ограда е инвестирањето во уривањето на постојните огради, без оглед колку чини нивната демонтажа и чиј авторски потпис стои зад нив.
Кога за ваквата постапка би постоела тендерска документација, првиот услов би бил - да се урнат оградите во главите, бидејќи оттаму почнува сè. Таму нешто се замислува, се проектира без да се консултира, се тендерира, па преку ноќ се инсталира во јавниот простор што ни припаѓа на сите нам.

**АКО 1,7 МИЛИОНИ ЕВРА СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕДНА ОГРАДА, КОЛКУ ПАРИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ДА ГИ УРНЕМЕ СИТЕ ДРУГИ ШТО НЕ ДЕЛАТ ПО ЕТНИЧКА ЛИНИЈА, ВЕРСКА, ПАРТИСКА, СОЦИЈАЛНА, СЕКСУАЛНА, ПАТРИОТСКА, УРБАНА...**

Ако 1,7 милиони евра се потребни за да се изгради само една ограда, прашувам, колку пари се потребни за да ги урнеме сите други? Ги има многу. Огради што делат по етничка линија, по верска, по партиска, по социјална, по сексуална, по патриотска, по предавничка, по семејна, по урбана, по рурална, по... Тие огради може брзо да пораснат во ѕидови.
Кога архитектот Ѓока Лазаревиќ во 1936 година го проектирал спомнатиот „нов мост“, не му било важно како да го огради, туку како да направи цврст темел и естеско решение на нешто што ќе поврзува - два брега, две населби, луѓето, животот...
Денес имаме многу мостови, ама тие престанаа да бидат доказ за темелно поврзување. Повеќе се доказ за оградување, релативизирано со златна боја и со декоративно осветлување. Како златен кафез со две врати.
Чекор по чекор, ограда по ограда, добиваме градителски фортификации за одбрана и за одржување на естетиката димензионирана според ценовникот на доминантните политики. Притоа, преку мултиплицирање на цените на проектите се предизвикува гнев кон авторските решенија кои, всушност, се најмалата ставка во пакетот. Доаѓаме до ситуација кога поради цените граѓаните им судат на идеите. Тоа, едноставно, не е фер однос кон уметниците и нивните дела. Во таква констелација е тешко да се очекува нормализирање или „прекин на огнот“ меѓу вонредната урбанистичка состојба и прашањата што ги отвора егзистенцијалната.
Жално е што оваа дебата излезе од вистинскиот колосек. Јавните места, по дефиниција, се места што треба да овозможат интеграција. Да ги слават разликите. Ние можевме да добиеме интегрален урбанизам, ако не се водеа џебни битки за паралелни светови.



Велат, во внатрешноста на душата живее вистината (in interioritate animae habitat veritas).
Ќе имаме ли доблест да ги откриеме - и вистината и вината.

## Гордан Калајџиев

**професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и претседател на Хелсиншки комитет**

# Политиката му суди на правото

**Не е коректно полицијата да излегува во јавност со информации дека делото е непобитно докажано, бидејќи со тоа не само што ги повредува презумпцијата на невиност и правото на фер судење, туку практично узурпира надлежности на Јавното обвинителство и на судот, вршејќи со тоа отворен притисок врз нив**



Разговараше Катерина Блажевска

*Правна држава, владеење на правото, независно судство, презумпција на невиност, фер судење, почитување на човековите права... Овие стандарди на секое зрело демократско општество, кај нас се проблематизираат по одредени полициски акции и судски процеси. Стануваат повеќеслојни и добиваат голем, не правен, туку политички публицитет, токму поради инволвирањето на дополнителни, вонправни елементи, кои задираат во етнички, меѓуетнички или верски чувства. Со таков „товар“ не може да се достигне идеалот на правна држава во која граѓаните ќе имаат целосна доверба. Гордан Калајџиев, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и претседател на Хелсиншки комитет, оценува дека поради недостиг на основна правна и демократска култура, домашната политичка елита не е свесна за штетата што ја нанесува со политичката окупација на институциите.*

**? на прва**

**Има ли во Македонија независно судство и фер судење?**

На нормативен и на професионален план нашето судство е многу напреднато во последниве десетина години. На план на интегритет и независност, не би рекол. Јавна тајна е дека изборот и разрешувањето на судиите и на јавните обвинители денес не е во рацете на Судскиот и Обвинителскиот совет. Ова создава таков притисок врз судството, така што тешко може да се квалификува како независно. Најстрашно е што сите се навикнаа на ова и не гледам напори ни кај судската фела ни кај меѓународните фактори да се промени тоа. Оттука, сè почесто ни се случуваат политички мотивирани процеси, а постојано опаѓа и довербата на јавноста во судството. Штета е што политичарите, поради лични интереси, ја игнорираат правната држава и со тоа се деградираат и себеси како одговорни политичари. На политичката елита ѝ недостига основна правна и демократска култура, поради што не е ни свесна за штетата што ја нанесува со политичката окупација на институциите.

**Примената на правото е исклучително рационална дејност, во смисла обвинителот да прифати или да отфрли одредена пријава. Дали „украсувањето“ на пријавите со претходно подготвени заклучоци, всушност, индицира дека тие не се поднесуваат како правен, туку како вонправен, политички акт?**

Јавното обвинителство е единствениот орган кој, според Уставот, може да гони за кривични дела. Полицијата и другите државни органи се негова алатка. Кај нас, полицијата има монопол врз истрагите и нив ги спроведува без поголемо вклучување на Обвинителството. Не е коректно полицијата да излегува во јавност со информации дека делото е непобитно докажано и слично, бидејќи со тоа не само што ги повредува презумпцијата на невиност, приватноста и правото на фер судење, туку практично узурпира надлежности на Јавното обвинителство и на судот, вршејќи со тоа отворен притисок врз нив. Со ова, имено, извршната власт се самопромовира како ефикасна во борбата со криминалот и со корупцијата на сметка на фер судење. Оваа појава е особено



**НЕОДАМНА Ѝ НАПИШАВ ПИСМО НА МИНИСТЕРКАТА ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО БАРАЊЕ ЗА СРЕДБА, ПОРАДИ СОРАБОТКА НА ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ВО РЕФОРМСКИТЕ ПРОЕКТИ, ВО ДЕЛОТ ШТО ГИ ТАНГИРА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА. ДОБИВ ОДГОВОР ДЕКА МИНИСТЕРСТВОТО МОЖЕ ДА ГО ПОСЕТАМ КОГА ЌЕ ИМА „ОТВОРЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИ“!**

изразена во држави кои немаат чувство за човековите права, поради што е неопходно поитно да се донесат стандарди за начинот на известување од полициските и од судските постапки, со учество на повеќе фактори, меѓу кои и самите судии, обвинители, адвокати и новинари. Ова го направија повеќе држави. Во Хрватска, од неодамна има посебен подзаконски акт со кој на полицијата ѝ се забранува да одржи прес-конференција без одобрение од Јавното обвинителство.

**Дали ова индицира дека „првичниот грев“ за случајот „Монструм“ се случи на прес-конференцијата на која МВР ги обелодени резултатите од истрагата?**

И овој случај покажа дека МВР ги користи прес-конференциите за сопствена промоција на штета на истрагата и на правата на осомничените, а не се снаоѓа во мултикултурната средина. Главен проблем е тоа што одговорните во Министерството воопшто не се перцепираат како сервис на граѓаните и оттука извира непријателскиот став кон сè што не е во љубов со владејачката гарнитура, било да е тоа друга партија, вера, невладина организација...

**Има ли претставки до Хелсиншкиот комитет од приведените во овој случај?**

Да, имавме повеќе претставки, од кои најсериозна беше онаа со исчезнатиот осомничен, за кого веднаш знаевме дека е заштитен сведок, односно соработник на правдата. Случајот покажа дека оваа регулатива, за нас релативно нова, има важни недоречености и крие повеќе ризици за правата на осомничените. Најпрво, постои конфликт помеѓу правото и интересот на осомничениот и неговото семејство да имаат контакт, како и на пристап до бранител, бидејќи ситуацијата на држење incommunicado носи голем ризик од притисоци и злоупотреби врз осомничениот. Од друга страна, постои легитимен интерес ова лице, како сведок, да се заштити. Во ваква ситуација и ние како организација, и МВР, и семејството, бевме во незавидна положба.

**Во последниве години речиси нема случај без реакција дека се работи за монтиран процес, за контроверзни аранжмани со заштитени сведоци, агенти провокатори... Колку е тенка црвената линија што ја одвојува борбата со криминалот од нејзината злоупотреба на штета на човековите права?**

Имате право. Специјалните истражни мерки, заштитата на сведоци и сличните алатки ги дозволуваме во борбата со организираниот криминал и тероризмот како исклучок, што носи дополнителни ризици по приватноста и по други човекови права и слободи. Токму затоа ги дозволуваме само исклучително и со дополнителни заштити од злоупотреби. Кај нас и во други млади демократии тие може полесно да се злоупотребат, бидејќи не се востановени вообичаените контролни механизми што треба да спречат арбитрерност и злоупотреби. Судството ги одобрува без никакви проблеми, а контрола врз нивната примена post festum, практично, нема. Затоа, лично се противам на препораките на ЕК мерките да се користат почесто, барем не додека не се востановат соодветна контрола и надзор.

**Но, отсуствува таква контрола. Членовите на собраниската Комисија за надзор врз работата на УБК и АР со години се жалат дека нивната должност е претворена во невозможна мисија. Ако е „нормално“ пратениците да бидат блокирани на таков начин, каква е тогаш можноста за каков било вид цивилна контрола врз работата на полицијата?**

Една ваква случка, која во нормална правна држава би се третирала како еден вид државен удар, ние ја пребродивме како нормална ситуација. Кај нас не постои функционален и ефикасен систем на контрола врз полицијата, а уште помалку врз тајните служби. Ова е показател колку Македонија е неразвиена како правна држава. Причини има повеќе, а главен изговор е дека поради постојаните закани по безбедноста сè уште не е време службите да се реформираат и да се ставаат под контрола, вообичаена за западните демократии, а од кои ние сè уште сме далеку. Во цивилна контрола лично не верувам, поучен од манипулацијата со сите, наводно, „самостојни“ тела и комисии што ги востановивме и кои, повеќе или помалку, се обична алатка на власта. Верувам во напорите за изградба на независно, одговорно судство и Јавно обвинителство кои единствено можат да ја контролираат полицијата. Сè друго е лук и вода. Разни комисии и тела, невладини организации и медиуми може да го свртат вниманието и да поттикнат на одговорност, но нема да имаат капацитети за темелни и ефикасни истраги на полициските пречекорувања. Засега, капацитети нема ни кај Обвинителството и тоа е една од клучните точки на кои е запната реформата на казнено-правниот систем.

**Недовербата во институциите, покрај политичка, има и етничка компонента што, практично, го блокира системот**



## ВО ХРВАТСКА, ОД НЕОДАМНА ИМА ПОСЕБЕН ПОДЗАКОНСКИ АКТ СО КОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА Ѝ СЕ ЗАБРАНУВА ДА ОДРЖИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ОД ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

**? Слабостите што ги рефлектира судството денес често се злоупотребуваат од негови „клиенти", преку сентенцијата „јас не го признавам овој суд". Кога ќе го каже тоа, на пример, Артан Груби, шеф на кабинетот на Али Ахмети, коалициски партнер во владата, се испраќа порака дека во земјава единствено е валиден партискиот суд. И сето тоа поминува без реакции...**

! Ова само покажува дека корумпираноста и партизацијата на македонското правосудство и на државата е посложена отколку што изгледа на прв поглед. Проблемите што произлегуваат од ваквата поделба и силната корумпираност и фокусираноста само врз сопствените политички приоритети на сметка на реформите на општеството во целина, кај албанскиот политички блок засега е табу-тема што дополнително ги отежнува состојбите и ја држи како заложник правната држава. Недовербата во институциите, покрај политичка, има и етничка компонента што, практично, го блокира системот. Еден систем на казнена правда мора да биде заснован врз доверба дека правата на секој граѓанин ќе бидат заштитени пред независен суд, во правична процедура, без разлика на неговата партиска или етничка припадност. Само независен суд и фер процедура може да ја легитимираат судската и која било друга постапка. Ние сега немаме гаранции ни за едното ни за другото. Користењето методи со кои се ограничуваат човековите права и кога тоа не е нужно или, пак, отворено се злоупотребува во политички цели, ја поткопува довербата на јавноста во тоа дека власта воопшто сака да гради систем во кој ќе владее правото и создава перцепции дека демократските реформи и правната држава му се туѓи на нашиот начин на живот.

**? Впечаток е дека за сите овие прашања темелно се маргинализирани експертите и НВО. Има ли некаков поголем „систем" во тоа или само арогнација што упатува дека на власта не ѝ е потребно друго мислење?**

! Нашата политичка елита, во основа, е правно неписмена. Ароганцијата е механизам ова да се прикрие во околности кога политичката моќ го дозволува тоа. Експертската јавност и невладиниот сектор, едноставно, ги игнорираат. Дали Република Македонија може да си дозволи ваков луксуз? Не би рекол. Мислам дека тоа не е одговорно. Објективно, Македонија има малку експертски капацитети за да може да ги игнорира или да ги елиминира политички. Мене лично ме третираат за persona non grata, иако сум дал голем придонес во градењето на законската рамка, само затоа што зборувам отворено за проблемите пред кои сме исправени. Неодамна ѝ напишав писмо на министерката за внатрешни работи со барање за средба, поради соработка на Хелсиншкиот комитет во реформските проекти, во делот што ги тангира човековите права. Добив одговор дека Министерството може да го посетам кога ќе има „отворен ден за граѓани"! Деновиве, кога случајно се сретнавме на една прослава, ѝ посочив дека греши и дека МВР треба да функционира како сервис на граѓаните, а не како партиска институција. Како на организација вратите ни се затворени за посети на полицијата, затворите... Ваква нетранспарентност денес има само во тоталитарни системи.

### Три прашања, три одговори

1. Денес не постои стручна дебата не само за правни, туку и за други важни прашања, како што се структурните реформи и блокадата на евроинтеграциите. Кон што води тој тренд?
2. Функционира ли Комисијата за заштита од дискриминација?
3. Како го оценувате досегашниот процес на лустрација?

1 Стаењето на проблемите под тепих нема да придонесе за нивно решавање. Во време на европрашалникот започна една интензивна експерска мобилизираност, што на крај вроди со плод. Препораката за прием требаше да придонесе за уште поголемо ангажирање на сите расположливи потенцијали, но тоа не се случи. Не гледам некоја посветеност кон реформите поврзани со евроинтеграциите, туку кон дневнополитички и среднорочни проекти што носат поени кај гласачите. На долг рок ова нема да донесе резултати. На планот на правните реформи, сѐ се закочи од фамозната анкета на ОБСЕ, со која се обелоденија големите слабости во системот. Оттогаш нема ни анкети ни јавни расправи.

2 Во првата година од примената на Законот за спречување и заштита од дискриминација излегоа на површина сите негови недостатоци, за кои предупредувавме во процесот на негово усвојување. Слабата применливост ја зголемува дискриминацијата, а со тоа и нетрпеливоста меѓу различните групи и поединци. Особено е загрижувачки фактот дека Комисијата е составена спротивно на меѓународните стандарди, со доминација на државните органи во неа, а претседателот е државен службеник со двојно работно место – вработен и во Комисијата и во Министерството. Притоа, Комисијата има многу мал буџет и одземена улога превентивно да одговори на трендовите на дискриминација.

3 Повеќе од јасно е дека целта на лустрацијата не е заштита на новата демократија од структурите на стариот комунистички режим. Кај нас лустрацијата служи за вниманието на јавноста да се дефокусира од вистинските проблеми, а во исто време да се елиминираат дел од политичките опоненти, вклучително и активисти на невладиниот сектор и некои водечки интелектуалци. Тоа е толку проѕирно што е невкусно. Од друга страна, функционирањето на Комисијата како една нова инквизиција е уште еден доказ на ниското ниво на нашата правна и демократска култура.

СЛУЧАЈОТ „МОНСТРУМ“ ГИ РАЗНИША ПОЗИЦИИТЕ НА ДУИ

# Ахметометарот на резерва

**Како ја оценува состојбата во Македонија на скалата од еден до десет, го прашал Рикер лидерот на ДУИ во 2009 година, а Ахмети одговорил: „Четири или пет“. Што би рекол денес?**



Пишува **Васко Попетревски**

Што би одговорил лидерот на ДУИ, Али Ахмети, на прашањето да ја оцени актуелната состојба во Македонија на скалата од еден до десет, при што десет е идеална, а еден е ситуација како во 2001 година? На истото ова прашање поставено во август 2009 година од тогашниот американски амбасадор, Филип Рикер, Ахмети одговорил: „Четири или пет“. Тајната телеграма од Рикер, наменета за неговите шефови во Вашингтон, објавена на „Викиликс“ во екот на македонската предизборна кампања лани, предизвика вистинска политичка бура во земјава, но поради изборите беше брзо заборавена. Кој и зошто реши да го објави документот среде изборниот натпревар и со каква цел, ќе остане мистерија. И тоа не толку многу поради посоченииот одговор, туку поради причините што ги навел Ахмети за да стигне до таквата оценка.

Лидерот на ДУИ пред амбасадорот на САД рекол дека премиерот Груевски е премлад и оти младоста влијае на неговите одлуки. Исто така, рекол дека е загрижен од влијанието што врз премиерот го има неговиот братучед и директор на УБК, Сашо Мијалков, за кого пренел дека „на владини состаноци покажува голем презир кон Албанците“. Според документот, класифициран и потпишан лично од Рикер, Ахмети покажал загриженост дека „Мијалков има контакти и желба да ги предизвика радикалните албански елементи да направат проблеми што тој би ги искористил за да оправда поширока акција против албанската заедница во Македонија“. Ахмети барал од американскиот амбасадор да изврши уште поголем притисок врз Груевски за да се реши прашањето за името, зашто влезот во НАТО би ја

релаксирал атмосферата и би ја намалил растечката фрустрација кај Албанците. Или сумирано - од еден до десет, Ахмети рекол четири-пет за еден релативно спокоен период од аспект на меѓуетничките односи, барем на појавно ниво.
Каква би била неговата оценка денес? Груевски и натаму е премиер, а Мијалков и натаму е шеф на УБК. Прашањето за името не е решено, нема покана за НАТО, а фрустрацијата кај Албанците, според анкетите, и натаму е силно изразена. Разликата е во тоа што ДУИ е доведена во исклучително непријатна ситуација по петкратното убиство, акцијата за апсење на осомничените, квалификацијата на министерката за внатрешни работи дека тоа се радикални исламисти и протестите на незадоволните Албанци. Првпат по конфликтот во 2001 година беше каменувано седиштето на ДУИ, и тоа од Албанци, а нејзиниот лидер, икона на борбата за албанските права во Македонија, доби погрдни прекари од „своите". Лидерот на ДУИ во периодов е селективен во изборот чии прашања одговара, па не може изворно да слушнеме каде е позициониран неговиот „Ахметометар" денес.

**ДУИ задоволна од сработеното.** Од неговата партија велат дека протестите воопшто не биле насочени кон ДУИ и Ахмети, туку дека се случиле пред владата и пред судот.
-Како може наши членови и активисти да протестираат против ДУИ. Тоа беше една мала инфилтрирана група што сакаше да го злоупотреби протестот, но остана сама и не успеа да го донесе мнозинството пред седиштето на ДУИ и пред Општина Чаир – вели Артан Груби, шеф на кабинет и политички советник на Ахмети.
Прашан поконкретно да ги лоцира таа „мала инфилтрирана група" и нејзините мотиви, Груби вели дека тие имале намера да создадат лажна перцепција дека ДУИ е одговорна за ова што се случува и политички да профитираат, но без успех.
Настаните на меѓуетнички план во последните месеци се „последица на погрешното менаџирање од ДУИ на нејзиниот дел од владата", вели универзитетскиот професор Имер Исмаили.
-ДУИ дејствува од позиција на помагач на ВМРО-ДПМНЕ во владата, а не како партија што би требало да ги брани




## Нема простор за нова партија

Иако масовноста на протестите против „Монструм" произведе „шушкање" дека тоа може да произведе нов лидер и партија кај Албанците, проценките на познавачите на политичката сцена се дека нема простор за такво нешто.
-Обидот на Селмани заврши неславно, Руфи Османи се одржува некако, но тешко дека ќе се најде место за уште еден лидер. И да се појави, прашање е на кое наследство ќе гради, што ново ќе адресира. Радикализмот полека излегува од мода и станува проѕирна тактика за манипулација со албанските гласачи. Не знам што друго би можело да „запали" кај албанските гласачи, а веќе не е дел од понудата на ДУИ, ДПА, Османи – вели Марковиќ.
Неговиот колега Исмаили смета дека Албанците и онака се расцепкани како гласачко тело, па не е во ниven интерес да се родат нови лидери и партии.
-ДУИ уште долго време ќе биде неприкосновена на политичката сцена кај Албанците и тука, пред сè, мислам на г. Али Ахмети. Не дека тој прави многу за Албанците, туку неговите политички конкуренти му ја олеснуваат работата со провинциското и примитивно однесување и со тоа што немаат никаква понуда – вели професорот од Тетовскиот универзитет.

**ЗОШТО ДА ИЗЛЕГУВАМЕ ОД ВЛАСТА КОГА НАШАТА ИЗБОРНА ПРОГРАМА Е ДЕЛ ОД ВЛАДИНАТА И АКТИВНО ЈА РЕАЛИЗИРАМЕ, ВЕЛАТ ОД ДУИ**

# АХМЕТОМЕТАР






сите на Албанците, за што е „овластена", и легитимно и легално, од огромен дел на гласачкото тело – вели Исмаили.

Тој не очекува радикализација на оваа партија, зашто смета дека тоа нема да им помогне.

-Од нив се очекува да преземат конкретни чекори и да го вратат достоинството на Албанците во Македонија и тоа не во вид на пропаганда и „миење мозоци", туку со дејствување во државниот и во општествениот систем. Ако не се случи тоа, тогаш степенот на таа „радикализација", како спас за самите себе, најверојатно, ќе го најдат во излегувањето од владата на Груевски – анализира Исмаили.

Но, за ДУИ, излегувањето од власта воопшто не е тема. Велат дека првпат нивната изборна програма е дел од заедничката владина програма и дека активно ја реализираат.

-Зошто да излегуваме од владата кога добивме амнестија за преостанатите четири хашки предмети, Закон за знамињата, унапредување на употребата на албанскиот јазик, консензуално донесен буџет, кога контролираме 35 отсто од владата и од функциите во неа, кога функционира правичната застапеност, кога се гради плоштадот „Скендер-бег", кога ќе се изградат театарот во Тетово и другите проекти – велат од партијата на Ахмети.

Ненад Марковиќ, доцент на политиколошките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први", смета дека ДУИ нема драстично променета позиција на политичката сцена како резултат на непопуларно или лошо работење.

-Мислам дека повеќе се работи за систематски притисок врз ДУИ, со цел да се докаже дека не ги застапува адекватно интересите на Албанците и дека е



**Артан Груби**
Добивме супстанцијален дијалог со ЕУ и покрај проблемот со името, тоа е огромно достигнување, потценето во медиумите



**Имер Исмаили**
По самитот во Чикаго, секој нормален човек ќе ја праша ДУИ што прави во владата на ВМРО-ДПМНЕ



**Ненад Марковиќ**
На подолг рок протестите за „Монструм" ќе бидат климакс на меѓуетничките тензии, за кои очекувам да се смират

субмисивна кон македонскиот партнер. Очигледно е дека кај поддржувачите на ДУИ ова не предизвикува големи потреси со оглед на непроменетите рејтинзи, но тоа треба да остане така и во иднина. Исто така, сметам дека јавноста, па и албанските гласачи ја прозреа „евтината" тактика за политички притисок врз ДУИ – вели политикологот Марковиќ.

**Во(н) владата.** Тој не исклучува посилно изразување на етничкиот став ако ДУИ процени дека губи на етнички терен кај Албанците, но не и радикален притисок по самитот на НАТО во Чикаго.

-Со оглед на сите скорешни настани, тоа би го зголемило степенот на конфликтност во општеството, кое и онака е на работ на етничка нетрпеливост по настаните на Калето, во Гостивар, кај Смилковско Езеро... Сепак, очекувам одредена доза на политички цинизам и иронизирање, што е нормална реакција во услови на уште еден неуспех – смета Марковиќ.

Но, неговиот колега Исмаили има поинаков став.

-По самитот во Чикаго, секој нормален човек ќе ја праша ДУИ што прави во владата на ВМРО-ДПМНЕ. Тие ги добија изборите кај Албанците со ветување дека Македонија ќе ја однесат во НАТО, а Албанците од Македонија во вредносниот систем на ЕУ. Ова не се случува и затоа повторно прашувам: Која е смислата ДУИ да биде во владата, кога не го реализира главниот дел од својата изборна платформа – вели Исмаили.

Од партијата на Ахмети реплицираат дека се борат и на тој план и дека имаат голем успех.

-Со Пристапниот дијалог на високо ниво добивме супстанцијален инструмент со Европската унија и покрај проблемот со името. Тоа е огромно достигнување кое е потценето во македонските медиуми. Ние сме на исто ниво, дури и пред земјите што наскоро ќе почнат преговори, како што се Црна Гора и Србија. Го чекориме истиот пат со нив. Истото тоа се обидуваме да го направиме и со НАТО, со добивање условна покана, која ќе значи почеток на ратификацијата на пристапниот инструмент за Македонија во парламентите на земјите-членки. Грција би останала последна во процесот на ратификација и тоа би го направила откако ќе најдеме решение за името – изјави Артан Груби за „Граѓански".

Но, само пред половина година неговиот лидер говореше нешто сосема друго.

-Проблемот со името треба да се реши до самитот во Чикаго, бидејќи секое одлагање на зачленувањето на Македонија во НАТО ги поттикнува деструктивните елементи во земјава и во регионот да произведат нестабилност, како што и растечкиот евроатлантски скептицизам предизвикува нетолерантност меѓу заедниците - изјави Ахмети во ноември минатата година.

Сега реториката на ДУИ е приспособена на новата реалност и во неа нема воспоставување правопропорционални релации од типот: нема покана – има нестабилност или нема покана – има меѓуетнички тензии. Аналитичарите сметаат дека на ДУИ ѝ помага и тоа што теренот за неуспех беше подготвуван подолго време.

-Со оглед дека Букурешт беше „премиера" на нашиот неуспех за интегрирање во НАТО, не верувам дека Чикаго ќе предизвика којзнае какви реакции, поради тоа што и премиерот и целата владејачка гарнитура направија доволно простор и го ставнаа оптимизмот во општеството одамна пред самитот. Со тоа се создаде терен на пореални очекувања – вели Ненад Марковиќ.

Тој оди и чекор подалеку во процените за развојот на настаните и вели дека „со протестите против акцијата 'Монструм' етничката демагогија доживеа кулминација".

-Сметам дека на подолг рок ова ќе биде климакс на меѓуетничките тензии, за кои очекувам да се смират – поентира Марковиќ.

Аналитичарот Исмаили, пак, се прашува „кој нормален човек, независно дали е Албанец или Македонец, би верувал на полиција која со неподнослива леснотија веќе им пресуди на осомничените и тоа за тероризам, без воопшто да почне судски процес".

-Со ваков инфантилен однос на власта никој, повторувам никој, во оваа држава не е сигурен и секој може да стане предмет на полициска „обработка". Ситуацијата, можеби, не е загрижувачка, но е критична – ја завршува својата анализа професорот Исмаили.

# Насилството: минато сегаш

**Веројатноста денес некој да загине од раката на друг човек како резултат на убиство е за десет пати помала, во некои земји дури и за педесет пати, во споредба со периодот пред 500 години**

ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА

Пишува **Трајко Славески**

Според надлежните органи, Македонија неодамна беше цел на терористички акт. Тероризмот, според една дефиниција, претставува смислено користење или закана за користење екстремно насилство поради остварување некоја политичка цел, со заплашување или предизвикување страв кај поширок круг луѓе. Крајна цел на терористите е редистрибуција на моќта и на сопственичките права, поради стекнување материјални погодности за групите од чие име настапуваат. Тие настојуваат ова да го остварат преку три тактички цели, насочени кон предизвикување максимална штета врз земјата што е цел на нападот. Прво, сакаат публицитет за да ги претставаат своите барања во колку што е можно поширок круг на луѓе. Второ, се стремат кон политичка дестабилизација на власта надевајќи се дека со слабеење на нејзината моќ и со еродирање на легитимитетот полесно ќе ги реализираат своите цели. Трето, терористите сакаат да предизвикаат економски штети. Емпириските истражувања недвосмислено покажуваат дека терористичките акти значително ги намалуваат бројот на туристи и приходите од туризмот, а имаат негативен ефект врз странските директни инвестиции, бруто домашниот производ, цените на акциите и обемот на меѓународната размена на земјата што била цел на нападите. Секако, најголемата и ненадоместлива загуба се евентуалните човечки жртви.

Во случајот со неодамнешното петкратно убиство во близината на Скопје досега се назираат некои, но не сите, од вообичаените тактички цели на терористичките групи. Не е исклучено, во време кога на најпознатите терористички организации во светот им е зададен сериозен удар, да се работи за претпазливост во однос на посакуваниот публицитет. Освен, се разбира, доколку сигналите не се упатени до строго таргетирани делови од населението кои се во состојба нив да ги разберат. Веројатно, целта на оние што стојат зад грозоморниот чин била политичка и безбедносна дестабилизација на државата како милје за остварување на други цели на терористите и на нивните поддржувачи. Се очекува надлежните органи ефикасно да ги решат и во иднина да ги превенираат ваквите форми на екстремно насилство. Зрелоста на општеството ќе покаже до кој степен сме подготвени за ограничување на ширењето на другите форми на насилство, поврзани со претходното. Погледнато од историски контекст, се зголемува или се намалува насилството? Какви трендови можеме да очекуваме во иднина?

**Тероризмот, според една дефиниција, претставува смислено користење или закана за користење екстремно насилство поради остварување некоја политичка цел, со заплашување или предизвикување страв кај поширок круг луѓе**

Анализата што следи се темели на обемната студија на американскиот психолог и професор од универзитетот „Харвард“, Стивен Пинкер, со наслов „Подобрите ангели на нашата природа: падот на насилството низ историјата и причините за тоа“. Книгата е објавена кон крајот на минатата година, а насловот е зајмен од реченица изговорена од американскиот претседател Абрахам Линколн при неговата инаугурација. Централната теза на книгата е дека времето во кое живееме е помалку насилно, помалку сурово и помирољубиво во споредба со кој било претходен период од човековото постоење. Падот на насилството се однесува на сите негови форми: во семејството, во населените места, меѓу народите и меѓу државите. Современите луѓе се соочени со помала опасност од насилна смрт, или насилство и суров третман од други лица, одошто луѓето во минатите столетија.
Се разбира, читателот веднаш се наоѓа во состојба на неверување. Како да се објасни масакрот што го направи Норвежанецот Брејвик минатото лето во Осло и на окол-

ниот остров Утоја, убивајќи над 77 недолжни, претежно млади, луѓе и ранувајќи повеќе од 300 лица, од кои над 70 посериозно, само за неколку часа? Неговите мотиви се барем познати за јавноста. Но, кој бил мотивот за свирепото петкратно убиство што се случи вечерта на 12 април годинава во близина на скопско Смилковци? Може ли да се предвидат последиците од овој немил настан?
Сепак, податоците за константното намалување на насилството низ историјата се убедливи. Насилството меѓу луѓето е значително раширено во предисториските општества. Проучувањата на скелети на луѓе пронајдени на археолошки локалитети укажуваат на тоа дека 15 отсто од

Покрај опасноста од настанување смрт за време на војна, се намалува и бројот на убиства. Според некои процени, веројатноста денес некој да загине од раката на друг човек како резултат на убиство е за десет пати помала, а во некои земји дури и за педесет пати, во споредба со периодот пред 500 години. За време на просветителството, во 17 и во 18 век, во Европа и во земјите под европско влијание доаѓа до значителна промена. Стануваат неприфатливи формите на насилство што претходно биле вообичаени: ропство, тортура, деспотизам, пресметување преку двобои и други екстремни форми на сурово казнување. Дури се појавуваат и гласови против суровоста спрема животните.

од населението дури било и прифатливо. Во нашите училишта, пак, физичкото казнување на учениците беше дозволено до пред дваесетина години, како што, обратно, беше незамисливо слободно да се подбивате со врховниот командант на земјата и неказнето да уништувате делови од зградата во која е сместена извршната власт.

Како да се објасни падот на насилството и што може да се очекува во иднина? Пинкер ѝ припаѓа на онаа група истражувачи кои ја застапуваат тезата дека луѓето биолошки и во својата еволуција

ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТ

# НОСТ ИДНИНА

ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА СТОП ПОЛИЦИЈА С

предисториските луѓе биле насилно усмртени од друг човек. Преминот од општество на ловци-собирачи во земјоделски општества со организирани населби води кон намалување на насилството. Степенот на насилство е значително помал во општества во кои постои организирана држава. Меѓу овие општества, за најнасилно се смета Мексико од времето на Ацтеките, каде што 5 отсто од луѓето биле убиени од други лица. Во Европа, дури и за време на најкрвавите периоди – 17 век и првата половина од 20 век – смртноста како резултат на војните изнесувала 3 отсто од вкупното население. Сето ова ја потврдува тезата на британскиот филозоф Хобс дека во отсуство на држава животот бил „насилен, брутален и краток". Наспроти ова, монополот на државата врз легитимната примена на сила ја зголемува безбедноста на луѓето, т.е. ја намалува опасноста од насилна смрт.

**„СПОРЕД ТЕОРИЈАТА НА СТИВЕН ПИНКЕР, ВРЕМЕТО ВО КОЕ ЖИВЕЕМЕ, СТАТИСТИЧКИ ДОКАЖАНО, Е ПОМАЛКУ НАСИЛНО ОД КОЈ БИЛО ДРУГ ПЕРИОД ВО ИСТОРИЈАТА**

Двете светски војни од првата половина од 20 век изгледаат како пад во морален амбис и тотална катастрофа, во споредба со периодот на релативен мир во Европа по 1815 година. Но, во споредба со бројот на жртвите од насилствата што ги вршеле Монголите за време на своите освојувања во 13 век, бројот на човечки жртви како резултат на војните во 20 век, иако колосално голем, е релативно помал. Од 1945 година до денес светот живее, главно, во мир. Веќе 67 години големите сили, а, генерално, и развиените земји, не биле во меѓусебна војна. Иако не станува збор за апсолутен мир, евидентно е намалувањето на сите видови организирани конфликти, вклучително граѓански војни, геноцид, репресија и тероризам. Ваквото тврдење може да изгледа неверојатно за некого, но тоа е изведено врз основа на сериозни статистички проучувања. Последниот тренд, односно поле на пад на насилството, е во доменот на т.н. револуција во човековите права во изминатиот половина век. Ова се однесува на сите форми на насилство спрема етничките малцинства, жените, децата, хомосексуалците и животните. Се разбира, оваа битка е далеку од тоа да биде целосно извојувана, но напредокот е драматичен. До пред педесетина години, во јужните делови на САД било присутно линчувањето, а насилството врз жените и врз децата во домот минувало релативно неказнето, а за одреден дел

се внатрешно програмирани за насилно однесување во дадени ситуации, но истовремено располагаат и со контролни механизми за воздржување од насилство. Значи, во секој од нас истовремено се присутни „лошите демони" и „добрите ангели". Демоните се олицетворени во поривот за доминација, желбата за одмазда, садизам, т.е. уживање во страдањето на другите, насилство спрема другите во служба на одредена идеологија и сл. Ангелите, кои го попречуваат насилството, се организираната држава, јакнењето на емпатијата, т.е. соживувањето со проблемите на другите, потоа ширењето на размената, при што економската полза што произлегува од неа ја јакне соработката меѓу луѓето наместо конфликтите или, како што вели Пинкер, другите ни се поползени кога се живи, одошто мртви; зголемената улога на жените во јавниот живот (феминизација) и разните форми на просветлување на луѓето, т.е. надвладување на разумот.

Иако е, можеби, арогантно човек да се декларира како оптимист во однос на подготвеноста организираното општество во иднина да постави и да одржува ефикасни брани за ширење на насилството, сепак, во земјава се присутни потребните општествени институции и механизми за манифестација на „подобрите ангели" на нашата природа. Особено доколку насилството не минува неказнето!










**Црвената почнува да фаќа приклучок со сината боја на европската политичка мапа по победите на левичарите во Франција, Словачка, Хрватска и Данска**

# Европа преминув

Политичката мапа на Европа почнува да црвенее. Сината боја сè уште доминира, но црвената почнува да ѝ парира. Десничарските влади паѓаат во налетот на граѓанското незадоволство од економската криза, мерките за штедење, зголемувањето на даноците, намалувањето на платите, губењето на работните места. Последната изборна победа на левицата се случи во Франција, со што Франсоа Оланд стана првиот социјалист што влегува во Елисејската палата по 17-годишното владеење на конзервативците Никола Саркози и Жак Ширак. Претходно, левицата однесе убедливи победи и во Словачка и во Хрватска. Први во овој „црвен бран“ беа данските социјалдемократи кои, по победата лани во септември, успеаја да формираат влада на чело со Хеле Торнинг-Шмид, прва жена-премиер во историјата на Данска. Во Австрија, социјалдемократите веќе неколку години се на власт. Левичари-премиери се на чело и на владите во Белгија (таков договор беше направен во шаренопиката коалиција формирана по речиси двегодишната политичка криза) и во Романија (владата има ограничен шестмесечен мандат до следните избори).

Дека, сепак, не станува збор за порази на десницата само од идеолошки причини, туку најмногу поради протестното гласање на граѓаните против оние што се на власт, покажуваат примерите на Шпанија, Словенија и на Грција. Во овие три земји владејачките социјалистички и социјалдемократски партии доживеаја дебакли на изборите одржани на крајот на минатата и оваа година.

Следниот голем тест за десницата се германските избори идната година на кои, ако се суди според поразите што демохристијанската ЦДУ ги доживеа на неколку покраински избори, не ѝ се пишува добро на Ангела Меркел. Многу лесно може да се случи црвената боја да покрие уште поголема површина на европската политичка мапа.

**ЛЕГЕНДИ**

- Левица
- Десница
- Неутрални
- Тоталитарни
- Членки на ЕУ


















# ...ва на црвено?

**Најновиот политички феномен во Европа е јакнењето на Пиратската партија, особено во Германија, каде на покраинските избори постигнува одлични резултати и покажува амбиција и кондиција да влезе во Бундестагот**

Покраинските избори во Германија, особено последните во Северна Рајна Вествалија, се интересни и поради еден друг феномен што, исто така, се развива на бранот на незадоволството од економската криза. Тоа е јакнењето на релативно новата Пиратска партија, која таму доби речиси осум отсто од гласовите, со што само го продолжи трендот на солидни изборни резултати на локално ниво во Германија. Ако ја одржат популарноста, многу лесно може да се случи идната година да влезат и во федералниот парламент – Бундестагот.

Засега ги карактеризира голема хетерогеност, во секоја смисла – и организациска и идеолошка. Имаат, главно, хоризонтална хиерархија со повеќечлени претседателства, социјално многу шарени. Германските пирати се собираат, главно, околу интернетските права, но некои од нив се залагаат и за легализација на дрогата, за бесплатен јавен превоз, за минимален месечен надоместок за секого.

Пиратската партија постои и во други земји, со што добива паневропска димензија. Неодамна, претставници на оваа партија од 25 земји се собраа на заеднички состанок во Прага. Во Европскиот парламент двајца од пратениците се од шведската Пиратска партија (дејствуваат во групата на Зелените) и нивните интервенции во последниот период се поврзани со дискусии против АКТА и заштитата на авторските права на интернет. Според нив, со АКТА се сака да се забрани размената на содржини на интернет, а за да се постигне тоа државата мора сè повеќе и построго да го надгледува интернетот, односно граѓаните, што е кршење на слободата.

Сите основачи на шведските, но и на германските пирати – двете најуспешни организации во Европа – се компјутерски стручњаци. Но, и тоа се менува – во повеќечленото германско претседателство од неодамна седи и домаќинка. Имено, германските пирати настојуваат да одговорат на критиката дека се елитна партија резервирана само за млади мажи, со очила и лаптопи.









**Творецот на системот на ВМРО (Македонски революционерен систем), Христо Матов, пропишал: „Ние се бориме за политичка слобода и, тогаш кога таа ќе се извојува, организацијата го губи правото на своето постоење“. Според тоа, од гледна точка на ВМРО, исклучен е партиски континуитет**

# Кавги за насл натпревар во




Пишува **Димитар Димитров**

Во рамките на последната предизборна кампања, на десниот фронт, се заврза битка на претендентите на ВМРО. При состојба на постоење на неколку партии со предзнакот ВМРО и на една која за предизборен слоган ја има преземено девизата на ВМРО „Слобода или смрт“, можеше да се очекува дека ќе се постави прашањето за „вистинската ВМРО“. Па, така, пред непосредната политичка сцена се поставува ВМРО како огледало и се бара одразот да личи на оригиналот - на „четирите свети букви“.

Со оваа постапка се врши онтолошка редукција на непосредната политичка сцена: партиите - претенденти на ВМРО не се оригинали, туку копии – сенките на Платон или привидот на религиите. На таков начин обезвреднети, партиите се спасуваат со степенот на верноста на оригиналот. Аналогно дуалистичко искушение тематизира Никос Диму (несреќата да си Грк) во самоидентификацијата на малиот ново-Грк, кој, стоејќи пред огледалото, го гледа одразот на великиот Александар. Една од партиите дополнително си ја отежнува положбата со тоа што, покрај огледалото на ВМРО, од ново-Гркот го презема и огледалото на Александар, па се обврзува да личи на два различни оригинала!

Логично е да се претпостави дека, при вакво дуалистичко исходување, лесно може да се одречува верноста на оригиналот и да се обвинува за „предавство“, за „лажна“ ВМРО, за „злоупотреба“ на ВМРО, како што опозициската десница ја критикува партијата на власт. Но, логиката престанува кога опозициските политички субјекти себеси се самопрепорачуваат како верни на оригиналот - како вистинска ВМРО. (Такво искушение ги следи религиите; такво искушение го следеше и марксизмот.) Со време, откако изгубија на изборите, две од тие партии што се идентификуваа со „вистинската“ ВМРО, си ги искршија своите огледала, се самоукинаа и се стопија во партијата што ја критикуваа како лажна ВМРО, но која победи на изборите. Со таквата корекција тие ја прифатија вистината на двете огледала.

Навидум без врска едно со друго, апликацијата на ВМРО и на Александар како огледала е комплементарна со грчкото барање во името на нашата држава да се аплицира географска определница. Сите овие „додавки“ кон имињата на партиите, на народот и на државата, се должат на ист ум, на иста логика или логичка грешка. Тие, имено, не исходуваат, како што би било правилно, од реалноста на новата самостојна држава (РМ), туку од пошироката реалност (географска Македонија), односно од минатите реалности (ВМРО, Александар како олицетворение на античките Македонци). Таквото хетерономно исходување одведува од државата, губи мера и се лизга во произволна критериологија, каде што се гази преку аксиоми. Ако се исходува од РМ, со прецизни, неспорни државни граници, наводот за иредентизам содржан во уставното име е апсурден; исто така, е апсурдно, нешто постаро од државата (ВМРО, аналогно СКМ или ССРНМ), да се аплицира во имиња на партии, па да се поставува пред нив како репер. Партиите, како дел од нацијата, се одговорни пред општото добро на нацијата како дел од човештвото. Тоа е доволен нивен легитимитет и критериум. Тоа е бескраен целен простор на нивниот демократски натпревар, што „додавките“ непотребно го инхибираат или го саботираат.

Врзувањето за мотиви од минатото е одлика на транзицијата. Од повеќе такви нишки, на преминот од југословенска комунистичка република кон самостојна демократска држава, до денес се задржани трансферите СКМ-СДСМ, ССРНМ-СПМ и ВМРО-ДПМНЕ. Ние сега споделуваме општа волја за окончување на транзицијата и тоа подразбира своевидна лустрација на спомнатите трансфери. Начелно, станува збор за спoеви на елементи од некомпатибилни системи. СКМ и ССРНМ биле делови на тоталитарен систем, а не партии меѓу партии во систем на плурализам, за да може СДСМ и СПМ да претставуваат

# ...едството или ...о демократија




**ЗА ДА ИЗЛЕЗЕМЕ ОД ОВАА СТАПИЦА, НЕОПХОДНО Е СТАТУТИТЕ НА СПОМНАТИТЕ ПАРТИИ ДА СЕ УСОГЛАСАТ СО УСТАВНОТО УРЕДУВАЊЕ, ВО ЧИИ РАМКИ МОТИВИТЕ ОД МИНАТОТО МОЖАТ ДА БИДАТ САМО НАСЛЕДСТВО НА ДРЖАВАТА, А НЕ НА ОДДЕЛНИ ПАРТИИ**

нивни континуитети. ВМРО било движење на отпорот при туѓи држави, за своја држава. Таа, значи, имплицира туѓа држава, против која се бори со револуционерни средства. Затоа е некомпатибилна ни со своја држава ни со демократски систем.

Творецот на системот на ВМРО (Македонски револуционерен систем), Христо Матов, пропишал: „Ние се бориме за политичка слобода и, тогаш кога таа ќе се извојува, организацијата го губи правото на своето постоење". Според тоа, од гледна точка на ВМРО, исклучен е партиски континуитет. Таков континуитет е исклучен и од гледна точка на етаблираната македонска демократија која подразбира современи демократски политички субјекти. (Партија, пак, со акроним ВМРО во современа Бугарија е нонсенс, бидејќи имплицира позиција или против бугарската, или против македонската држава!)

Во прилог на овој логички и историски извод ќе дејствува секое практично соочување со значајни општествени собитија. Неколку месеци по изборите, партиите, кои заедно ја посредуваа самостојноста на РМ, не можеа заедно да ги прослават нејзината дваесетгодишнина и октомвриските празници (11 и 23 октомври), ги евоцираа еднострано и некритички како свое партиско наследство, надвор од мерата што тие нужно ја добиваат, имено, од заедничкиот празник (8 Септември) – како опции различни од опцијата на самостојна РМ, сообразени со историски околности специфични за секоја од нив, проследени со регионални европски и светски судири/војни и со раздор во народното ткиво и душа. Денешните СДСМ И ВМРО-ДПМНЕ не можат да бидат ни заслужни ни одговорни за добивките и за загубите поврзани со двата октомвриски датума, за да може да ги присвојуваат или да си префрлуваат меѓусебно поради нив.

Логиката на партиско наследство на мотиви (од предисторијата) претставува епистемолошка стапица. Ние веќе имаме генерација на полнолетни граѓани родени во РМ, кои е грев да се носат на фронтот на ВМРО и СК и да се трујат со судбините на нивните (пра)дедовци, кои меѓусебно се убивале како фашисти и комунисти. Обратно, од гледна точка на актуелната држава, ВМРО и СК, како синоними на Илинден и на НОБ, се сублимираат во коалиција на движењето на отпорот, која ги подготвува претпоставките на нејзиното создавање/етаблирање.

Покрај имликациите на внатрешен план, статусот на партии - сукцесори на мотиви со одминати реалности има и неповолни меѓународни импликации. Не е добра препорака за денешните демократски партии да се идентификуваат со ВМРО или со СКМ и ССРНМ. Посебно тие идентификации ги функционализира Грција во аргументирањето на тезата за иредентизмот на името РМ, бидејќи и ВМРО и Титовите комунисти некогаш се бореле за обединета Македонија.

За да излеземе од оваа транзициска стапица, неопходно е статутите на спомнатите партии да се усогласат со уставното уредување, во чии рамки мотивите од минатото можат да бидат само наследство на државата, а не на одделни партии. Би било сјајно тоа да се направи со консензус. Но, ако некој политички субјект не се согласи со таков договор, тогаш ќе биде неопходно тоа да се направи со акт на Собранието или, во крајна линија, на Уставен суд. Тоа ќе биде добар влог кон европеизирањето на политичката структура. Партиите би имале препознатлив европски идентитет и како такви би стекнувале привrзаници и опоненти; не би профитирале или губеле поради врзување со минати мотиви. Во политичката култура, багажот од ирационални секташки идентификации, поврзани со судбината и со кавгите на нашите предци, би се сублимирал во рационални критериуми, фокусирани на идеи и на дела како основа на политичкото определување. Со таквата профилактика ќе се придонесе во предизборната кампања луѓето да се наслушаат наддавање во ум и во дух, во компетентни анализи и визии, во посветеност; да се нагледаат примери на деликатно обраќање, на почит и љубов. Па, со нетрпение да го дочекаат денот на изборите.



## Николај Вамен,
**претседавач со Европската унија**

# Докажете се, ЕУ не се откажува

**Данското претседателство со ЕУ ќе го стави прашањето за почеток на преговори со Македонија на дневен ред веднаш штом ќе биде извесно дека ќе се постигне конструктивен резултат**

Разговараше **Васко Попетревски**
Фотографија **Кристијан Панов**

*Данска, актуелниот претседавач со Европската унија, нема намера да го стави на дневен ред отпочнувањето преговори за членство со Македонија, ако не биде сигурна во позитивен исход. А, во моментов не е. Данскиот министер за европски прашања, Николај Вамен, кој неделава беше во Скопје, во интервјуто за „Граѓански“ вели дека најдобриот начин да се осигури напредок е да се спроведе оперативниот патоказ од Пристапниот дијалог на високо ниво и да се најде решение за прашањето за името.*

**? на прва**

**Ќе го ставите ли на дневен ред прашањето за почеток на преговори со Македонија на некој од состаноците на Советот на ЕУ до крајот на јуни?**

**!** Тоа што сега го гледаме како многу важен чекор е Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) и оперативниот патоказ во тие рамки. Сега се важни две работи. Прво, Скопје да испорача резултати врз основа на ветувањата дадени во патоказот. Сакам да кажам дека најсилниот сигнал што може да го испратите како држава е целосно да ги спроведете одредниците во патоказот. Тоа ќе испрати многу јасен сигнал до ЕУ дека сè уште сте целосно посветени и тоа ќе биде многу важно.
Второ, се надевам дека ќе имаме нова грчка влада колку што е можно побрзо и јас ги повикувам двете страни – вашата влада и новата грчка влада да имаат конструктивен дијалог за да се реши прашањето за името. Она што треба да се запомни е дека за да почнат пристапни преговори е потребен консензус, едногласност меѓу земјите-членки. Така што не е доволно 25 или 26 земји да веруваат дека тоа е добра идеја, туку треба сите 27. Во реалноста тоа значи дека би било од голема помош да се најде решение за прашањето за името. За мене е важно да кажам дека данското претседателство ги повикува двете страни, повторувам двете страни, да направат сè што можат за да се стигне до решение.

**Вамен, роден во 1971 година, е магистер по политички науки. На 30-годишна возраст станува пратеник во данскиот парламент (2001-2005) од редовите на Социјалдемократската партија, а на 35 години градоначалник на родниот Архус (2006-2011), вториот по големина град во Данска по Копенхаген. Од таа позиција, во есента 2011 година, доаѓа на местото министер за европски прашања во владата на неговата сопартијка, премиерката Хеле Торнинг-Шмид**

**? Значи, и покрај тоа што има заклучок од министерскиот состанок од декември, кој вели дека Советот на ЕУ е подготвен да ѝ се наврати на препораката на ЕК за почеток на преговори со Македонија во текот на следното претседателство, а тоа се овие шест месеци јануари-јуни во кои Данска претседава, Вие немате намера да го ставите на дневен ред?**

**!** Секако дека данското претседателство би сакало да го стави ова прашање на дневен ред веднаш штом ќе биде извесно дека ќе се постигне конструктивен резултат. Најдобриот начин да се осигури напредок во овој момент е владата да покаже резултати во рамките на ПДВН и на патоказот. Тоа ќе биде основата врз која ќе бидете оценувани од ова и од следните претседателства. Сакаме да видиме колку што е можно поголем напредок, како и позитивен исход. Не е во ничиј интерес да имаме состанок со негативен резултат. Сечиј интерес е да завршите добра работа во ПДВН и да се најде решение за името, така што патот напред би бил многу полесен за патување.

**? Ја спомнавте ситуацијата во Грција која е многу непредвидлива. Земјата е во економска, но и во политичка криза. Па, како да се преговара со држава која нема стабилна влада?**

**!** Многу внимателно ја следиме ситуацијата во Грција и се надеваме дека ќе се формира влада колку што е можно побрзо. Прво, тоа е важно за Грција. Второ, важно е за цела



## Три прашања, три одговори

**1. Може ли ЕУ да игра позначајна улога околу името?**
**2. Дали и од Грција барате посветеност за решение?**
**3. Дали предлогот на Нимиц „Република Северна Македонија“ е достојно решение?**

1 Верувам дека ЕУ веќе игра важна улога. Ние ги охрабруваме двете страни да најдат решение. Ги поддржуваме разговорите и иницијативите во рамките на Обединетите нации, така што се надевам дека може да се најде решение и не би требало да се прават грешки во таа смисла - данското претседателство го има тоа за приоритет и работи да се најде решение колку што е можно побрзо.

2 Да, кога ќе се сретнам со грчките колеги многу јасно им велам дека од позиција на данското претседателство Грција мора да направи сè што може за да се најде решение. Истото тоа им го кажувам и на вашите министри - дека и вие мора да направите сè. На крај, потребни се двете страни за да се најде решение, не е доволно само едната страна да биде конструктивна, туку двете.

3 Нема да зборувам за детали и за конкретни предлози. Ова е долготраен проблем и нема да прејудицирам што би требало да биде крајно решение. Тоа е во мандатот на Обединетите Нации и на владите од двете земји. Она што ќе го кажам, а е од исклучителна важност, е дека верувам оти ќе има добра волја за да се најде решение и дека тоа ќе биде приоритет за двете држави.

ЕУ, а секако дека е важно и за прашањето за името. Зашто за танго се потребни двајца и вам ви треба партнер за танцување. Затоа, во сечиј интерес е да се формира влада колку што е можно побрзо. Верувам дека таа ќе ја препознае својата одговорност да се најде решение за прашањето за името.

**? Пристапниот дијалог на високо ниво не може да биде замена за вистинските пристапни преговори. Но, дали и како може тој да помогне за да се стигне до вистинските преговори?**

! Да, се согласувам дека ПДВН не е замена за преговорите, но тој е важен од два аспекта. Прво, ова е многу конкретен начин за вашата влада и парламент да покажат посветеност и волја да ги направат потребните реформи. И тоа би испратило многу силна порака до ЕУ дека вие сте цврсто посветени на членството во ЕУ. Тоа се однесува на повеќе области, како што се владеењето на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал, судството базирано на заслуги и квалитет... Мора да се спроведе сето она што е договорено.

Второ, мислам дека е многу важно да се каже дека тоа не треба да го направите зашто го бара ЕУ, туку реформите треба да се направат затоа што тоа е важно за вашата земја. Независно кога ќе стане членка, реформите во економијата, во судството, борбата против корупцијата, демократските реформи, сите тие реформи се добри за земјата уште пред зачленувањето, а во исто време се и влезен билет за ЕУ.

**? Во Македонија постојат стравувања дека полека стануваме нова Турција во контекст на ЕУ, земја без јасна, без чиста перспектива околу полноправното членство во Унијата?**

! Јас сум оптимист дека, ако вашата земја остане посветена на европската определба со ПДВН и со патоказот, ако покажете со зборови, но многу повеќе со дела дека остнувате цврсто посветени на европскиот пат, тогаш ова ќе заврши позитивно. Затоа, не откажувајте се, туку интензивирајте ги реформите. Направете ја ситуацијата повидлива и поочигледна зошто треба да станете земја-членка.

**? Разговаравте ли за новиот бран меѓуетнички тензии со претставниците на власта?**

! Не многу. Почитувањето на малцинствата, на различните етнички групи, различните култури е дел од европските вредности. Тоа е суштински дел од членувањето во ЕУ. Затоа и нè загрижуваат сите чекори во погрешна насока.

**? Како ги оценувате билатералните односи меѓу Македонија и Данска? Дали зборувавте за можности за продлабочување на економската соработка, за потенцијални инвеститори?**

! Имаме одлични билатерални односи. На последната средба, во понеделникот, му реков на министерот за надворешни работи, Никола Попоски, дека надвор од ЕУ тој е министерот со кој најчесто се среќавам. Ова беше наша трета средба во текот на данското претседателство, на што гледам како на еден од многуте индикатори за блиските односи.

Бев во Скопје за да испратам порака од ЕУ дека ние уште силно веруваме оти вашата земја ќе стане земја-членка. Второ, претставувајќи го не само претседателството, туку и државата Данска, сакам да кажам дека ние силно ги цениме блиските врски и пријателството меѓу нашите две земји. Имав можност да се сретнам и со нашиот генерален конзул, Живко Мукаетов, кој е еден од водечките млади бизнисмени овде и му реков дека ние многу ги цениме работата што тој ја врши и поврзувањето на данскиот со овдешниот бизнис. Така што предвидувам уште посилни односи меѓу двете земји во иднина, а тоа е во двостран интерес. Ние сме мали држави, но многу сме важни за Европа и можеме да имаме исклучително силна соработка во иднина.



# Балкански „Арапи“

**Само државите со консолидирана етногенеза се сигурни во својата меѓународна позиција, а на останатите не им помогнаа ниту новиот систем ниту европските интеграции. Македонија, Босна и Косово се директно оспорени, а Србија мисли дека не е, но преговорите со Брисел набрзо ќе покажат дека не знае до каде и се границите**

Пишува **Стево Пендаровски**

Во 80-тите од минатиот век, во Белград, беше активна малубројна, фолклорна фракција во Друштвото на писатели која, толкувајќи некои животни навики и стилови на овдешните народи како лоша консеквенција на турското владеење, дис(квалификуваше) дел од луѓето со фразата „квази Турци“ или „квази Арапи“, независно што првите се различни од вторите, а под власта на вториве, барем ние, не сме биле. Прифаќајќи ја со минимум ентузијазам популарната тема за реприза на Арапската пролет во Македонија само како начин за помин на времето, кое очигледно го имаме во огромни количини, ќе направам споредба меѓу новите релации на арапскиот свет со Западот и односите на некои од балканските народи со истата страна на светот. Притоа, возможно е распознавање на слични чувства и во двете поставени равенки, имено, изненаденост и на двата краја од тоа колку, всушност, не се познаваме наспроти долгата комуникација.

Прво, Западот не ја предвиде Арапската пролет, иако нејзините алтернативни и подземни домашни и регионални фактори му беа одамна при рака. Како што е познато, Западот не го предвиде ниту падот на комунизмот, иако емигрантските заедници во Лондон беа прилично многубројни, а соработниците на Америка редовно присутни во највисоките државни тела. Меѓутоа, главното изненадување следеше потоа: кога дисидентите, кои со години јадеа и пиеја на капиталистичкиот запад, дојдоа дома, станаа поголеми националисти од старите комунисти. Идентично, кога се вратија дома, најважните арапски информатори на Западот станаа „радикални исламисти“, според актуелната номенклатура на МВР. Значи, двете категории просто ги ротираа претходните улоги на предавници и на патриоти и го присилија Западот на потрага по нови ликови кои требаше набрзина да влетаат во групата на демократски и прореформски настроени елити.

Најмоќните држави на Западот немаа решавачко влијание врз текот на арапските револуции (со исклучок на Либија), па затоа денес немаат пресудно влијание ниту во компонирањето на новите гарнитури што го предводат транзиционото време. За овде знаеме дека западната дипломатија го поддржуваше опстанокот на Југославија до крај, а маргиналната улога на западните служби во распаѓањето на таа држава е неспорен податок за разумната клиентела, настрана љубителите на конспирации. Практично, ниту еден дисидент, претходно познат како пријател на Западот, не се искачи и оддржа во врвовите на власта во новите држави. На пример, парадоксално, но вистинито е дека во Хрватска наместо лидерите на Маспокот, шеф на државата стана поранешниот претседател на спортското друштво „Партизан“ од Белград, а во Албанија наместо Исмаил Кадаре, премиер стана лекарот на Енвер Хоџа.

Западот беше убеден дека првата генерација формални демократски промени во Источна Европа ќе бидат следени од суштинско практикување на демократијата, но, на огромниот простор од Висла до Вардар тоа и денес е повеќе исклучок отколку правило. Заблуда со идентична содржина постои и во однос на револуцијата која тукушто започна да тече кај арапските нации, затоа првата претседателска дебата во живо, во Египет, предизвика поголемо воодушевување во Вашингтон отколку во Каиро.

Западниот мит кој трае е дека револуциите мигрираат, а нивниот пренос е лесен на кратки растојанија, но, така е само навидум, затоа што трансферот на реална демократија е невозможен без соодветни локални рецептори во домашен амбиент. Старата навика на диктаторите да ја одржуваат кохезијата на нацијата со посочување на надворешниот непријател продолжи со несмалено темпо и по победата на револуциите, само што новите автокра-



ти ги закачија на столбот на срамот своите поранешни поддржувачи од Западот. Патем, со промената на идеолошките парадигми на системот не беше решен буквално ниту еден од старите билатерални спорови, што го поткопува тврдењето на т.н. слободен свет дека демократијата, наводно, содржи механизми кои ги решаваат и проблемите поврзани со територии и со идентитети. Неверојатно е дека денешните власти во Ирак ги отвораат истите територијални спорови со Кувајт, имено, поради нив меѓународната коалиција, поддржана од Америка и од Русија заедно, во 1991 г. го истера Садам Хусеин од земјата која ја окупира за 24 часа. Или кој може да верува дека евентуалниот наследник на жилавиот Башар Ал Асад ќе се откаже од Голанската Висорамнина како историска сириска земја, покрај толку резолуции на ОН за кои гласаше и Македонија кога бараше алтернативни пријатели низ светот. Во истиов контекст, многу појасни ни се некои слични примери од нашиот регионален двор: српските попови еднакво ја понижуваа МПЦ и во комунизмот, а Бугарија има децениски дискриминаторски однос кон Македонците, само што тоа некогаш го правеше Тодор Живков, а денес нивните „нови“.

**САУДИСКА АРАБИЈА Е ПРИМЕР НА АРАПСКИОТ ПОЛУОСТРОВ, НО И НА НАШИОТ ПОЛУОСТРОВ „УСПЕШНО“ ФУНКЦИОНИРААТ БАРЕМ ТРИ ПРИМЕРИ НА „ФАСАДА ДЕМОКРАТИИ“**

**Два милиона луѓе овде се жив доказ дека најлесната обврска во 1991 г. за сите нас беше да го исфрлиме зборот социјалистичка од името на државата и да почнеме да користиме господине наместо другар. Меѓутоа, и дваесет години подоцна, господата останаа маргинално социјално малцинство во земјата во која некогаш навистина постоеја работници, селани и чесна интелигенција**

Америка и Европа може со Арапската пролет лесно да ја повторат старата грешка, долго негувана по Втората светска војна, особено по откривањето на црното злато, имено, многу повеќе да ја сакаат стабилноста на системите што без проблем ја обезбедуваат диктаторите, отколку реалниот прогрес и слободата на угнетените народи. Тоа може лесно да донесе нови диктатори на сцената, само под друго име, кои ќе бидат согласни да не го вознемируваат регионот ако за возврат не ја слушаат приказната за човековите права. Саудиска Арабија е школски пример на Арапскиот Полуостров, но, 20 години по комунизмот и на нашиот полуостров „успешно“ функционираат барем три примери на „фасада демократии“, каде што лидерите се уверени дека Западот нема да ги чепка ако тие не ја чепкаат својата околина. Неспорно е дека таквите замрзнати системи, во принцип, ја поддржуваат регионалната безбедност на среден рок, но, на долг извезуваат економски мигранти и организиран криминал во Европа, а за спас од нив не се доволни шенгенлистите.

По револуциите во Магреб и малку потаму, уште долго ќе бидат најважни социоекономските проблеми, но, само прашање на време е кога идентитетските предизвици ќе излезат на површина. А тие имаат потенцијал однатре да разјадат серија досега компактни држави, да оспорат дузина гранични територии, а неколку народи да внесат длабоко во дилемата за односот меѓу исламот и демократијата, инаку, тема забранета за дискусија од нивните досегашни панарапски и социјалистички патријарси. Меѓутоа, иако многумина не ја препознаваат или ја вртат главата во спротивна насока, истата слика постои долго и на Балканот. Само државите со претходно консолидирана етногенеза се сигурни во својата меѓународна позиција, а на останатите не им помогнаа ниту новиот систем ниту европските интеграции за зацврстување на надворешниот државен идентитет. Македонија, Босна и Косово се директно оспорени, а Србија мисли дека не е, но, преговорите со Брисел набрзо ќе покажат дека во Белград објективно не знаат до каде се нивните граници. Во оваа смисла, само Црна Гора е исклучок: таа веќе претходно имаше длабок внатрешен расцеп, а можно е напредувањето кон ЕУ да ја турка во спротивна насока.

Суштинската разлика во линиите на интеракција на Балканците и на Арапите со влијателниот свет е во тоа што големите дојдоа овде, помогнаа за промени и, дефинитивно, заминаа во потрага по ресурси и по проблеми во други региони што нив можат да го извезуваат. Но, од арапскиот свет, и да сакаат, нема да можат да заминат затоа што лабораториите на нафтените гиганти тврдат дека течноста на Блискиот Исток ќе ја има во исти количини и во 2050 година. На Балканот отпаѓа таа причина, се разбира, ако ги заборавиме нафтоносните полиња во Овчеполието и катарските компании што наскоро започнуваат со дупчење во државава.

Улогата на глобалните медиуми и на социјалните мрежи беше неспорна во пренесувањето на грдите слики на репресија врз сопствените луѓе, што го забрза падот на диктатурите, но, реално создаде уште еден мит за лесниот пораз на режимите и мазниот дочек на демократските концепти. Два милиона луѓе овде се жив доказ дека најлесната обврска во 1991 г. за сите нас беше да го исфрлиме зборот социјалистичка од името на државата и да почнеме да користиме господине наместо другар. Меѓутоа, и дваесет години подоцна, господата останаа маргинално социјално малцинство во земјата во која некогаш навистина постоеја работници, селани и чесна интелигенција. ■






**Николаос Худис**
пратеник во Европскиот парламент (ЕП) од СИРИЗА

# Грчката порака ќе се прошири низ Европа

**Од Германија добиваме пораки што се против народот и тоа не е добро. Цела Европа го има истиот проблем. Вистинскиот проблем е што без развој ЕУ и еврозоната не можат да ја решат кризата**

Разговараше: **Светлана Јовановска**

**Вашата партија е фактичкиот победник на грчките избори и факторот што ги одбива мерките за штедење на ЕУ. Кој е Вашиот алтернативен предлог?**

Во Грција имаме значителен долг. Не можеме да го платиме. Сметаме дека цела Европа го има истиот проблем и предлагаме сето тоа да се дискутира врз нови основи. Ние не го признаваме новиот меморандум со мерките за штедење, го одбиваме. Не можеме да влеземе во него. Сакаме да го прекинеме затоа што предложените мерки не се ефикасни и се антисоцијални. А, го имаме и искуството од минатиот, втор пакет за штедење, кој буквално нè одведе во уништување, во зголемување на невработеноста и на сиромаштијата. Има луѓе кои немаат што да јадат.



Веруваме дека со оваа политика, која сега се води против нашата земја и против другите земји, еврозоната ќе биде уништена

Пораката и резултатот од нашите избори велат дека мнозинството го одбива овој пакет. Предлагаме тој да биде одбиен и да имаме нов начин за добивање кредити од Европската централна банка (ЕЦБ) и се обидуваме да најдеме друг начин да ги поддржиме вработувањето, сиромаштијата, младите, образованието, здравството... за да имаме здраво општество.

Се разбира, Европската комисија (ЕК) и германската канцеларка Ангела Меркел не го сакаат ова. И велат дека мора да го примениме нивниот пакет. Сега има многу други гласови што се креваат во Европа, а кои, исто така, сметаат дека мора да се смени целата оваа политика. Ние се надеваме дека нашите избори ќе донесат резултат за сите. Дека пораката на грчкиот народ ќе се прошири во цела Европа. Шпанија, Португалија, Холандија, Ирска, Франција... Неодамна Меркел загуби битни избори, а идната година има општи избори во Германија. Проблемот е поголем отколку само во Грција и Европа мора да го разбере тоа.

**Имате ли поддршка за овој алтернативен план од политичките партии во други земји?**

Минатата недела имаше сесија на ЕП и стануваше јасно дека сите лидери на политичките групи имаат проблем со германската политика и многумина сметаат дека е потребно да се смени тоа.

**Но, конзервативците, на пример, веројатно, не се на иста линија со Вас?**

Да, но овде, во ЕП, сите ние сме избрани

од народот и затоа сите добро го разбираат проблемот. Ако продолжи оваа ситуација, можеби, левите партии ќе добијат поголема сила, како ние во Грција. Досега во Европа на власт се менуваат левицата и десницата, а сега за прв пат во Грција имаме нова ситуација, левица што не е социјалистичка. Затоа, политички многумина се загрижени од ова што се случува во Грција. Тоа го менува политичкиот баланс.

**Каква е Вашата позиција за останување на Грција во еврозоната?**

Ова е сериозен проблем за кој во Грција досега не е дискутирано доволно. Ако сакате унија со различни економии, тогаш мора да имате поддршка, како што е поголем европски буџет и централна банка, како што е ФЕД. Ако дојде до криза во една земја, на таа земја ќе ѝ се дадат доволно кредити.

Нашата партија не сака да излеземе од еврозоната. Проблемите ќе се зголемуваат и се обидуваме да најдеме решение во еврозоната, но со другите земји. Веруваме дека со оваа политика што сега се води против нашата земја, како и против другите земји, еврозоната ќе биде уништена. Тоа не е само мое мислење, туку и мислење на многумина аналитичари. Ако вака се продолжи, може да се случи и Германија да мора да излезе од еврозоната.

Грција никој не може да ја турне надвор од еврозоната. Сакам да подвлечам дека нашата идеја е пакет со ЕК, ЕЦБ и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Но, и со ММФ има проблем. Тој не е европска институција, така што, на извесен начин, со ММФ се наоѓаме во и надвор од еврозоната. Нема јасен одговор која е улогата на ММФ во еврозоната.

**50 %**

**од младите се невработени и без надеж да најдат работа! Тоа е страшно многу**

**Што мислите за изјавите дека Грција треба да излезе од еврозоната?**

Ние не сакаме да излеземе од еврозоната, тоа е јасно. Сакаме да најдеме решение во рамките на еврозоната. Изјавите на министрите на еврогрупата се коректни во таа насока. Тие велат дека Грција треба да остане внатре. Но, има и други изјави, како што е, на пример, таа на германскиот министер Шојбле. Има група што сака да излеземе од еврозоната, иако не е многубројна. И се води еден вид војна меѓу двете групи.

**Што предвидувате како резултат на новите избори?**

Сега ние сме втора политичка сила во Грција. Во оваа ситуација ПАСОК и Нова демократија се плашат од новите избори. А, по изборите мора да има коалиција помеѓу СИРИЗА и другите леви партии. Влада на банкари, како што можеше да се слушне деновиве, не е решение, бидејќи е проблем за демократијата. Зошто сме гласале, ако правиме влада на банкари?

**Како ги гледате наредните месеци? Гледате ли ризик од пораст на екстремната десница?**

Тие имаат 7 отсто и се опасни, расисти се. Но, се надевам дека на новите избори ќе добијат помалку. По изборите нивното однесување беше исклучително лошо и мислам дека младите сега ќе одбијат да гласаат за нив.

**Има ли опасност за деградација на грчката демократија, за насилство или за воен удар?**

Не верувам во тоа. Имаме лошо искуство од воената диктатура и мислам дека тоа сè уште е свежо во сеќавањата. Имаме проблематични партии, но мнозинството, сепак, ја сака демократијата. Но, ако има уште построги мерки против социјалните протести, ако полицијата применува насилство... тоа може да биде проблем. Педесет отсто од младите се невработени и без надеж да најдат работа! Сепак, мислиме дека има надеж и дека грчките изборни резултати ќе донесат позитивен резултат на подолг рок и оти рамнотежата во ЕУ ќе се смени. Досега ги имавме Меркел и Саркози, кои беа на иста линија, еден вид германски империум. Но, сега, со новиот француски претседател, мислам дека ќе има промена. Не знам кога, но сигурен сум дека ќе има. Можеби, нема да треба многу време. Во тој поглед, оваа година е круцијална во многу европски земји. Се надеваме дека сето тоа ќе доведе до нов пат по кој ќе може да тргне цела Европа.




СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

# Многу најави, малку полза

**Финансискиот ефект од влезот на странските инвестиции се покажа повеќе од скромен - поважни придобивки се пренесувањето знаење и начинот на работа на фирмите според стандардите во развиените земји**



Ида **Протугер**

Производните ленти на британската компанија „Џонсон Мети“ минатиот месец го пуштија во промет петмилионитиот катализатор откако фабриката почна со работа во „Бунарџик“ пред две години. Со 300 вработени на површина од 16.000 квадратни метри, овој инвеститор почна да го гради својот профит, но и да го пумпа македонскиот извоз. Од почетокот на минатата година катализаторите се најдоа во врвот на македонскиот извоз. Го разнишаа приматот на дотогаш главните извозни продукти, челичните ленти, нафтените деривати и текстилот. Иако бројките покажуваат дека вредноста на извозот на „Џонсон Мети“ не е значително повисока од увезените репроматеријали, односно домашната додадена вредност се, главно, платите на вработените, сепак, јакнењето на извозот е значајна придобивка на макроекономски план. На микрониво, во земја со 31 отсто невработеност, секако, најзначајни се новите вработувања.

Но, кога би се направил обид да се состави листа на странски компании што дале најголем придонес за македонската економија, тешко оди составувањето на компонентите што треба да дадат веродостојни факти за анализа. На пример, за да се пресмета нетоефектот од работата на „Џонсон контролс“, првиот „станар“ на „Бунарџик“, треба да се пресмета колкава е вградената домашна компонента кај овој странски инвеститор, за кој Државниот ревизор утврди дека во првите три години, всушност, половина од платите за вработените ги плаќаа македонските граѓани преку буџетот. Позитивно, пак, е тоа што овој инвеститор ги враќа таквите субвенции. Втора фабрика на „Џонсон контролс“ се гради кај Штип и се очекува таму да го намали суфицитот невработени текстилни работници.

**Мистериозни концесии.** Ситуацијата со ТАВ е уште помистериозна. Владата која во 2006 година, во име на отчетноста, на својата интернет-страница ги обелодени договорите за продажба на ОКТА и на ЕСМ дистрибуција, го скри документот за концесија чие авторство го има таа. Така, не знаеме колку концесии прифатила во случајот со ТАВ, за да се процени колку профитираат македонските граѓани.

Отчетност недостига и во делот на потрошените пари за рекламите, роуд-шоу патувањата и вкупната сума што се одвојува од буџетот за ангажманот на економските промотори низ светот.

Сега, по шест години од мандатот на владата која странските инвестиции ги смести во врвот на економските приоритети, се поставува клучното прашање - дали сетот избрани модели (реклами, министри за привлекување инвестиции, роуд-шоу патувања и промотори) и огромната сума пари дадени за таа намена ги дадоа очекуваните ефекти врз економијата.

**Скромен финансиски ефект.** Засега, новоотворените работни места и пренесувањето знаење и работење според стандардите во високоразвиените земји се сметаат за најголеми придобивки од досегашните странски вложувања. Инаку, финансискиот ефект е скромен, или со јазикот на Шекспир имаше „многу врева за ништо". Статистиката покажува дека учеството на странските директни инвестиции (СДИ) во бруто домашниот производ (БДП) во изминатите шест години се движи околу 5 отсто. Лани тие учествувале со 4,2 отсто во БДП или во пари - 304 милиони евра. За споредба, во Србија влегле една милијарда и 826 милиони евра, а во Хрватска една милијарда и 48 милиони евра. Бидејќи популацијата е различна, а со тоа и ефектот, според пресметката, по глава на жител во земјава се слеале 152 евра, во Србија 251 евро, а во Хрватска 233 евра.

Од влезените СДИ, голем дел се и кредити што на домашните банки им ги испраќале нивните матични компании во странство. Клучните, гринфилд-инвестиции се оценуваат како недоволни. Најголеми очекувања во наредниот период се од новите фабрики на „Џонсон контролс" и на „Џонсон Мети", како и најавената инвестиција на „Дрекслмајер" кај Кавадарци.

Универзитетскиот професор Ванчо Узунов смета дека ефектите од СДИ нема да ги оправдаат вложените пари.

- Исти ефекти ќе се постигнеа со значително помали трошоци за кампањите и за роуд-шоу патувањата. Откако ги потроши парите, сега владата тврди дека тие трошоци биле потребни, но без факти. Ако се анализираат СДИ по обем и по структура, ќе се види дека тие многу повеќе зависат од економските текови во меѓународното опкружување отколку од „привлечната сила" на македонската политика. Не е оправдано да се троши неодговорно и без да се даде отчет за потрошените пари за тие политики - вели Узунов.

**Договори со „фусноти".** Покрај отчетноста кон граѓаните, битен елемент е односот кон инвеститорите откако тие ја „проголтале" јадицата и вложиле во земјава. Практиката покажа дека бенефициите што им се понудија не биле без „фусноти" во договорите. За да станат консументи на инвестицискиот рај, многумина од странските менаџери требаше да вложат во имиџот на „домаќинот" преку учество во промотивни ТВ-спотови. Дури и менаџери на компании со кои владата имаше спор завршија на спотовите на Си-Ен-Ен, со пофалби за неа.

Поинаков е примерот со соседна Бугарија. Нивната агенција за странски инвеститори прави годишна ранг-листа на најзначајните компании според вло-




**На 18.11.2006 година премиерот Груевски го промовираше својот советник за земјоделство, Џон Парк Рајт Четврти. Тој повеќе не се појави во земјава**




**На19.09.2009 година во Бунарџик премиерот Груевски постави камен-темелник на фабрика на корејската фабрика „Тривју"**



**Интервју на Ставрески - 26.10.2007 „Гасификацијата ќе се спроведува во неколку фази и ќе ја опфати целата територија на Македонија, сите региони и градови. Очекуваме целосна гасификација да се спроведе најдоцна до 2010 година, иако некои градови ќе дојдат порано на ред за гасификација"**

**Интервју Џатин Таркар, генерален менаџер на „Џонсон Мети - Македонија"**

# Новата фабрика носи најмалку 100 работни места



По тригодишно работење на фабриката во Македонија, „Џонсон Мети" стана најголем извозник, произведе 5.000.000 катализатори и дојде на 18. позиција на листата „Најголеми 200 компании". Со одлука на централата во Лондон, донесена неодамна, компанијата ќе гради втора фабрика во „Бунарџик".

**? Колку работни места ќе се отворат со изградбата на втората фабрика и колку ќе чини новата инвестиција?**

**!** *- Ќе се отворат најмалку 100 работни места, а инвестицијата во фабриката, која треба да биде готова до јануари 2014 година, ќе изнесува 60 милиони евра.*

**? Дали инвестицијата значи проширување на капацитетите или нови производи?**

**!** *Од почетокот на 2013 година се предвидува промена на легислативата за емисија на штетни гасови и тоа ќе овозможи проширување на видот производи, така што во новата фабрика ќе има и поголем капацитет и повеќе производи.*

**? Што беше пресудно за „Џонсон Мети" да ја избере Македонија?**

**!** *Морам да кажам дека луѓето од „Макинвест" покажаа голема отвореност и пријателски однос. Практично, тие го убедија „Џонсон Мети" дека Македонија е добро место за да се отвори фабрика. Факторите што помогнаа да се донесе одлуката е изградената слободна економска зона, со потребната инфраструктура. Важен беше и пристапот до работната сила, близината до Скопје и до аеродромот. Секако, влијаеја и односите со владата, затоа што сите беа многу пријателски настроени и добивме брзи одговори на нашите прашања.*

**? Имавте ли проблем да најдете квалификувана работна сила?**

**!** *Има образовани луѓе, што е добра појдовна основа. Тоа што немаат е искуство, бидејќи работеле во мали компании или се дојдени од универзитетите. Немаат индустриско искуство какво што ни треба. Затоа посветивме многу внимание на обуката и нашите клиенти се задоволни од нивната работа. Од почетокот на нашата работа веќе обучивме луѓе кои имаат важни функции и носат битни одлуки за компанијата.*

**? Има искуства каде што компаниите стипендираат талентирани студенти што потоа би ги регрутирале како кадри. Каква е Вашата практика?**

**!** *Имаме дискусии и договор со универзитетите. Нашиот таргет се апсолвенти од електромашинскиот и од технолошкиот факултет. Работиме на програма да ги донесеме на практика во нашата фабрика. Можат да се здобијат со искуство и да почувствуваат како е да се работи во мултинационална корпорација, каде што се работи целосно автоматизирано. Во идните планови за проширување на бизнисот сметаме на нив, да ги поканиме да работат за нас.*

**? Кои се главни слабости на Македонија како бизнис- дестинација?**

**!** *Сега, генерално, инвеститорите се воздржани. Кризата од 2008 година не е завршена, таа премина во должничка кај европските земји. Можеби, недостига малку проактивен однос на институциите кога носат одлуки. Проблем е што законите не се постојани и содржат нејаснотии. Потребни се реформи за јасна и конзистентна правна рамка, но тоа е процес во тек.*

**? Дали чувствувате иста посветеност на власта и конкретно на ТИРЗ, откако веќе изградивте фабрика?**

**!** *Имаме комуникација. Постојат случаи кога со некои процедури ви е тешко да работите, за тоа ги информираме, но тоа е процес на подобрување на состојбите и на тоа се работи. Постои слух за нашите потреби и тоа е важно.*

**? „Џонсон Мети" е во врвот на извозниците според извозната сума, но во однос на вредноста на увезени репроматеријали нема голема додадена вредност кај извозот. Постојат ли услови во земјава што ќе помогнат да се намали увозот, а да се зголеми извозот?**

**!** *Ние изработуваме специјализирани производи и тие не се стратегиски достапни во Македонија. Не би рекол „не" како конечен одговор, но ќе треба многу време за овде да најдеме квалитетни снабдувачи. Нашите главни снабдувачи се земјите од Далечниот Исток и европските компании што долго време го развивале својот квалитет. Ако во Македонија се појави компанија што ќе даде квалитет каков што бараме, секако, ќе разгледаме дали тој им одговара на нашите стандарди.*

**? Кризата предизвика пад во индустријата. Има ли намалување на побарувачката за Ваши производи?**

**!** *Имаме стабилни нарачатели и не гледаме дека има индикатори на пазарот дека побарувачката ќе падне, туку дека ќе расте. Ако има некоја силна криза, можни се такви трендови, но сега нема никаков индикатор.*



Глигор Ташковиќ

## Стратегијата покажа успех

**Поранешниот министер за странски инвестиции, Глигор Ташковиќ, од сегашна дистанција оценува дека резултатите ги оправдале стратегиите на владата**

*Роуд-шоу патувањата овозможуваат претставување пред одбрани менаџери, рекламите се потребни за да создаде импресија кај поширока група луѓе што носат одлуки дека Македонија е бренд, а промоторите преку директни контакти со многу менаџери помагаат да се види кои се потенцијални инвеститори.*

**Кои инвестиции се ваш успех?**

*Тоа е успех на мојот мултиетнички тим на кој сум горд. Би ги одвоил „Виз-ер“, рестартот на рудниците „Злетово“ и „Тораница“, хотелот „Мериот“ што се гради, италијанската „Технохозе“, израелската „Газит глоуб“, „Агрокор“ и продажбата на „КИБ Куманово“ и на ИК банка на банкарски корпорации од развиените земји.*

**Кои се предности и слабости на Македонија во привлекувањето СДИ?**

*Предностите, добиваат во значење откако ќе станат документирани во извештаите на „Дуинг бизнис“ и на „Транспаренси интернешенал“. Македонија може да биде Сингапур на Европа, но затоа е важна долгорочна визија на која треба да се работи. Клучните пречки се во тоа што постои недостиг од западна бизнис-култура кај пониските нивоа во владата. Новиот начин на мислење бара генерациска смена и уште, можеби, цела декада за да се подобрат работите. На пример, кога заврши мојот мандат како министер, некого го овластиле да го исклучи мојот мобилен телефон. Кога ќе размислите колкава беше инвестицијата на владата, која ме испрати во четириесетина земји каде што поделив илјадници бизнис-картички, тогаш очекувате тие телефонски линии да останат активни и по моето заминување да бидат препратени на некое друго одговорно лице кое ќе може да одговора на повиците. Наместо тоа, луѓето на кои им ги дадов контактите добиваа пораки „телефонскиот број не постои“.*

жените пари и новоотворените работни места.

Ристо Гуштеров, бизнисменот по чија заслуга „Џонсон контролс“ влезе во Македонија, вели дека одлуката на глобалните компании да инвестираат во земји, како што е Македонија, е процес што трае подолго отколку кога се носи одлука за развиена земја.

- Клучни предуслови за успешна завршница на преговорите е умешноста на преговарачите (да ги води човек со богато професионално и животно искуство), да постои доверба во владините политики на долг рок, стабилно и независно судство и политичка стабилност дома и во регионот - набројува Гуштеров.

Токму растечките ризици по стабилноста, неизвесното евроатлантско членство и судството што не е независно, тој ги сместува во главните ризици што ги одвраќаат инвеститорите.

**Плевел кај осветените локации.** Од друга страна, многу најавени инвестиции останаа неостварени. Прес-конференциите за влез на „звучни“ имиња, можеби, имаа моментално силен маркетиншки ефект, но ги подигнаа и очекувањата на граѓаните. Најавениот влез на „Интел“, од роуд-шоу патувањето во САД, не се случи. Истото тоа се повтори со турски „Шишеџам“. Откако стана јасно дека по сите најави и прес-конференции на владата турската компанија не премина од зборови на дела, како причина за ова одложување беше посочена светската криза. Но, во екот на истата криза, „Шишеџам“ изгради една и почнува втора фабрика во бугарската област Трговиште. И последните известувања за посетите на Катар, Јапонија, Малезија, Индија и на Кина беа проследени со слични сензационализми. Многу од ветените инвестиции останаа само на декор - сценографии.

Но, откако пред камерите ќе се овековечеше поставувањето и осветувањето на камен-темелниците, „драмската“ локација ја обраснуваше плевел. Така, сè уште го нема фоајето на хотелот „Радисон САС“ каде што за декември 2009 г. владиниот портпарол закажа јавно кафе-пиење како уверување за реалноста на ветената инвестиција. Поминаа пет години од прес-конференцијата на која премиерот ја објави изградбата на хотелот зад Рамстор. „Монтипе“, „Орланди“, „Тривју“, „Искра“ се останатите ветени, а нереализирани инвестиции. Ги нема ниту ранчовите во Источна Македонија на Американецот Џон Парк Рајт Четврти, кого премиерот го промовираше како советник за земјоделство во септември 2006 година.

Конечно, гасоводот што требаше да го гради државата во партнерство со руски „Гаспром“ остана на најава иако, според зборовите на Зоран Ставрески уште како вицепремиер за економски прашања, требаше да биде готов до крајот на 2010 година или пред една и пол година.

**Странски инвестиции по глава на жител**

| Земја | Износ |
|---|---|
| Србија | 251 евра |
| Хрватска | 233 евра |
| Македонија | 152 евра |



Карлос Слим и Никола Груевски

> **ОБЈАВЕНИ СЕ ДОГОВОРИТЕ ЗА ПРОДАЖБАТА НА ОКТА И ЕСМ, А КОНЦЕСИЈАТА НА ТАВ ОСТАНА МИСТЕРИЈА**

**Карлос Слим за побогато CV.** Неодамна портфолиото е збогатено и со најбогатиот човек во светот, мексиканскиот телекомуникациски магнат Карлос Слим. Тој тежи 69 милијарди долари и не е за потценување напорот и успехот да се доведе во земјава како маркетиншки момент. Но, по светкањето на фотоапаратите, на ред ќе дојде клучното прашање: Што имаат граѓаните од фотографијата на Груевски со Слим? Бизнисменот Гуштеров вели дека најбогатите се најтешки во одлуките за инвестирање затоа што знаат да ги ценат тешко заработените пари.

Фотографијата на премиерот со Карлос Слим несомнено е додадена вредност во неговата лична биографија, но многу поважно за граѓаните е, на пример, дали со тоа ќе се подобри и CV-то на македонската економија.

# Компании-загубари

ЗАГЛАВЕНИ МЕЃУ ПОЛИТИКАТА И БИЗНИС-ЛОГИКАТА

# Не ги пере ни „Билјана“




Пишува **Ида Протугер**

*Подем и пад. Раѓање и гаснење. Богатство и долгови. Најголемиот број од 4.000 граѓани вработени во четирите загубари, некогаш моќни компании, ги доживеаја овие контрасти во работниот век. Сега, стари колку и погоните, повеќе ја чекаат тивката смрт на своите компании, отколку што се надеваат на „шеста среќа“ во обидите за нивна продажба.*

**Мали се шансите да се најде сериозен купувач за ОХИС, кој се продава во пакет со 800 вработени, опасен отпад и загуба од 26 милиони евра само за минатата година, проценуваат експертите. Успешно решение гледаат ако бизнис-логиката се стави пред политичката прагма за одржување социјален мир**

Симболична продажна цена за едно евро, без услов за задржување на сите вработени, е единствениот модел, според економистите, што ветува успешна завршница на агонијата на загубарите. Проблемот е во тоа што владата е заглавена помеѓу економската логика и политичката прагма за социјален мир и не може да оформи стратегија што ќе „помине“ на пазарот. Главен проблем се 4.000 вработени во загубарите, кои владата не сака да си дозволи да влезат во графата невработени и да создаде атмосфера на социјални немири, кои дополнително ќе ја влошат катастрофалната статистичка слика на 32-процентна невработеност и сиромаштија од 31 отсто. За да го избегне тоа, владата влезе во речиси невозможна мисија да ги продаде загубарите во пакет со вработените, и покрај тоа што во консултантските извештаи е наведен проблемот на превработеност во овие фабрики. Многу се мали шансите, велат економистите, некој инвеститор да најде економска логика и профит во понудената зделка. Дополнителна отежнувачка околност е што нема соодветно алтернативно решение за социјално згрижување на вработените, ако тие се иземат од условот за продажба. Грубите процени велат дека 80 отсто од вработените во загубарите се на возраст која ги дели само пет години од пензија. Но, на крајот на минатата година владата го смени Законот за технолошки вишок и сега, наместо пет години, статусот технолошки вишок важи само 18 месеци до пензија. Со тоа, оваа група граѓани остана без опција за издршка до времето за пензионирање. Економистите се скептици дека решение би бил некој нов закон што социјално ќе ги згрижи овие граѓани, затоа што постои опасност Уставен суд во тоа да види нерамноправна положба на една група работници во однос на другите. Овој месец истекува рокот за собирање понуди за продажба на ОХИС. Фабриката е понудена за цена од 14.000 евра, заедно со долговите и 800 вработени, кои новиот ▸

сопственик ќе има обврска да ги задржи во првите пет години. Владата верува во успех на овој тендер. Според информации од Министерството за економија, за прилепските „ТК Прилеп“ и „Еурокомпозит“ ќе се релаксираат условите за продажба. Судбината на ЕМО ќе се решава во втората половина на годината.

Бројките покажуваат дека само во 2011 година, според завршните сметки, овие компании се во загуба од 52 милиона евра. Засега сите операции, како што се условување за преземање на вработените со продажбата, претворање на долговите во влог на државата и отсуство на законско решение што ќе понуди социјална алтернатива за опстанок на вработените, се само „грешки во чекори“ што ја оддалечуваат владата од посакуван расплет.

Професорот Владимир Филиповски од Економскиот факултет во Скопје вели дека не верува оти државата е во позиција да го префрли трошокот за социјално обезбедување на работниците врз потенцијалните инвеститори.

- Претворањето на долговите во капитал е чисто книговодствена рекапитализација на фирмите. Дали фирмите навистина имаат позитивна пазарна вредност зависи од тоа дали можат да генерираат профит. За фирмите-загубари да имаат позитивна економска вредност потребно е технолошко-организациско преструктурирање. Сето тоа вклучува нови инвестиции, но и преиспитување на производните трошоци, меѓу кои се најважни трошоците на трудот. Прашање е дали за приватните инвеститори е прифатливо да им се диктира преку тендерските услови како ќе го организираат сопствениот бизнис, вели професор Филиповски.

**ОХИС се продава со опасен отпад.** Многу е тешко и капацитетите или парцелите каде што се наоѓаат фабриките, кои имаа многу застарена технологија, да се пренаменат. Во случајот со ОХИС, земјиштето не може да се урбанизира. Проблем е линданот, токсичен отпад што се користел за производство на пестицид, но веќе со години е забранет за употреба според Светската здравствена организација.



Во „чеиз“ со фабриката оди и токсичниот отпад линдан, складиран во бетонски басен во ОХИС, за чие отстранување се потребни од 20 до 50 мил. евра









**Ваљон Сарачини, министер за економија**

# Приоритет е згрижувањето на вработените

**Каде ги гледате причините за досегашните неуспеси да се продадат загубарите?**

Според логиката на инвеститорот и онаа на вложениот капитал, мислам дека човечките ресурси, односно нивното планирање, трошоци и учинок се фактори кои, дефинитивно, треба да бидат определени со деловниот план на оној што ќе ја преземе одговорноста за управување со компанијата. Оттука, задржувањето на вработените во друштвата, односно почитувањето на социјалната димензија, за инвеститорите претставуваше елемент што им ги отежнува почетната позиција и слободата на реструктурирање на компанијата. Од друга страна, од аспект на деловната клима, до пред неколку години Македонија беше тешко препознатлива во европски и во светски рамки како земја погодна за инвестирање. Оттаму, бројот на заинтересирани инвеститори однадвор беше ограничен. Менувањето на таа слика беше клучен фактор за зголемен интерес за инвестирање во Македонија и, како што можете да забележите, денес интерес пројавуваат сè повеќе земји. Според мене, социјалната димензија од бизнис гледна точка и непрепознатливата клима за инвестирање, која постоеше до 2005 година, беа меѓу поважните фактори за неуспех на тендерите.

**Детектиравте ли слабости во предложените решенија на консултантите?**

Ангажирањето консултанти се покажа доблесно за создавање економско гледиште за исплатливост, конкурентност и одржливост, пред сè, на локалниот, регионалниот и на светскиот пазар на производите што ги испорачуваат овие друштва. Втора значајна придобивка е што за првпат беше извршена независна процена на економско-финансиската состојба на овие друштва од реномирани консултантски куќи, како што е „Дилојт“. Во тој контекст, главните предлози беа дека друштвата, сосема сигурно, би требало да се продаваат на берза и без обврски (како оние за задржување вработени), со можности за промени и за измени во видот на индустриската гранка. Но, категорично мора да прифатиме дека социјалната димензија на неколку илјади вработени е повеќе од релевантен фактор за нас. Покрај ова, станува збор за голем износ и на побарувања што ги има државата од овие друштва, а истовремено државата се јавува и како субјект кој мора да води сметка за одржливост на конкурентноста на пазарот на кој треба да егзистираат моќни и големи компании. Едно е јасно и недвосмислено: се бориме овие компании да застанат на здрави нозе и да станат конкурентни. Нема потешка задача за еден бизнисмен, па и за еден економист, од онаа да реструктурира компанија што работи со големи загуби во профитабилно друштво. Притоа, не смееме да заборавиме дека сите овие друштва имаат долга, успешна историја и никој не може туку-така да ги отпише, продаде или затвори.

| Биланси на фирмите-загубари | 2010 | 2011 | бр. на вработени |
|---|---|---|---|
| ЕМО | 3,9 мил. евра | 4,6 мил. евра | 1 500 |
| ОХИС | 2,5 мил. евра | 26 мил. евра | 800 |
| „Еурокомпозит“ | 1,7 мил. евра | 1,1 мил. евра | 430 |
| „ТК Прилеп“ | 5,5 мил. евра | 20,4 мил. евра | 1 100 |

## Каде се парите од Ирак?

**8 000 000 $**

Од Синдикатот велат дека лани, со правосилна пресуда, ЕМО добил отштета од осум милиони долари од Ирак

**Дали потенцијално новиот сопственик на загубарите може да ги користи застарените погони и машини?**

Секое од овие друштва, пред да оди на јавен повик за продажба, помина низ процес на независна процена. Земени се предвид актуелните капацитети, искористени, неискористени, амортизирани, состојбата со опремата, состојбата со конкурентноста на пазарот. Исто така, потенцијалните инвеститори имаат отворени врати да извршат увид во сè што е значајно од аспект на документацијата и за непосреден разговор со менаџерите и со вработените во компаниите, така што секој кој е сериозно заинтересиран да инвестира, има целосна информација за состојбата на капацитетите.

**Сега се нуди ОХИС, а што е со другите загубари?**

Бирото за судски вештачења ја финализира процената на „ТК Прилеп“ и на „Еурокомпозит“, што треба да доведе до предлог-цена по акција. Овие две друштва се опфатени со законски прописи за конверзија на побарувањата на државата во акции и оттука состојбата е посложена, бидејќи спроведувањето на таа операција бара сериозна анализа и ангажман на институциите за одново прецизно да се пресметаат и сметководствено да се подредат. Со тоа, според акцискиот план, очекуваме пред летните месеци да бидат објавени продажбите. За разлика од ОХИС, каде што се појавија сериозно заинтересирани инвеститори, кои во повеќе наврати самостојно ја анализираа компанијата, подигнаа тендерска документација и очекуваме да дадат понуди, состојбата со ЕМО, „ТК Прилеп“ и со „Еурокомпозит“ е поделикатна. На пример, „Еурокомпозит“ произведува производи за специјална намена, па како што е ограничен пазарот, така и бројот на потенцијални инвеститори. И „роуд шоуата“ на владиниот тим се користат за промоција на можностите за инвестирање во загубарите. Креирањето поволни услови за успешен исход не се водат еднострано туку и проактивно.

**Тројца директори за 6 години се „свртеа“ во ТК Прилеп без јавен отчет за загубите. Пратеникот на СДСМ, Горан Сугарески тврди: „Се продаваат цигари под трошоците за производство“.**




- Акумулираните количини линдан се складирани во бетонски басен во кругот на комплексот ОХИС. Изработени се повеќе студии кои нудат решенија како да се отстрани отпадот од оваа локација, но потребни се од 20 до 50 милиони евра, во зависност од избраната технологија за решавање на отпадот, велат од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).

Во Општина Кисела Вода тврдат дека нема да се урбанизира земјиштето на ОХИС, околу 100 хектари, кое е пренаменето од тешка индустрија во категорија лесна индустрија.

- Очекуваме овој усвоен Детален урбанистички план (ДУП) да влезе во Генералниот урбанистички план и тој нема да се менува - велат од Општината.

**За ЕМО 8 милиони долари од Ирак.** Охридската фабрика за производство на трафостаници ЕМО единствено може да се „реанимира“ ако се подели на делови, смета поранешниот генерален директор на ЕМО, сега приватен бизнисмен, Благоја Блажев.

Според него, невозможно е да се најде инвеститор кој, покрај натрупаните долгови, неплатените плати и давачки за вработените, инвестициите и пласманот, ќе ги задржи и вработените.

- Државата не треба да поставува услов за вработените, туку да ги згрижи со посебни социјални мерки - предлага Блажев. Според него, капацитети што имаат реална шанса одделно да се продадат се двете фабрики во Косел, едната за енергетски трансформатори, другата за изолатори и фабриката за челично решеткави столбови во Кичево. Тој додава дека гаранција за успешен рестарт е ако фабриките се продадат, макар за едно евро, на големи капацитети што веќе имаат бизниси од таа дејност.

- ЕМО има мал пласман и набавува репроматеријали толку колку што му се потребни за бројот на производи што ги договорил, што е секогаш поскапо. Ако ЕМО набавува количини од 100 до 1.000 тони за производство на далноводни столбови од челични профили, компании во Турција набавуваат од Јужна Африка по 100.000 или 200.000 тони одеднаш и нивните цени се поконкурентни - вели Блажев. Во Синдикатот на ЕМО велат дека од 1.500 вработени само од 50 до 100 работат на одржување на дел од капацитетите, а другите се дома и веќе шеста година се без плата. Од Синдикатот велат дека лани, со правосилна пресуда, ЕМО добил отштета од осум милиони долари од Ирак за прекинатите зделки поради заливската војна. Синдикатот не добил одговор каде се тие пари, а, според нивни сознанија, не легнале на сметката на фирмата.

**Менаџирање без отчет.** Толеранцијата на лошото менаџирање со загубарите предизвикува и нарушување на пазарот во правна смисла, велат експертите. Ако не се плаќаат придонеси и давачки од приватна фирма кон државата, компанијата и менаџерот се соочуваат со кривична одговороност. Кога исти „дела“ прави менаџер избран од владата, тој само се заменува со друг. Така, без да се бара одговорност за загубите и за евентуалните неправилности при работењето, во четирите загубари се „свртеле“ деветмина во изминатите шест години. Во „ТК Прилеп“ директор беше Тони Димитриевски, сега директор на „Метрудхем“ - компанијата што сака да ја обнови Топилницата во Велес, потоа Жарко Христоски и сегашниот Александар Дерменџиев. И на директорската функција во ЕМО се сменија тројца - Коста Димитров, Зоран Трајчевски и сегашниот Зоран Филоски. Зоран Трајчевски сега е претседател на Советот за радиодифузија. Во ОХИС шест години директорува Пеце Јовчески. Сега тој го чека исходот од последниот тендер што беше објавен во почетокот на април. Во „Еурокомпозит“ од 2006 година директоруваше Ило Маркушевски, а пред две години беше заменет со Никола Лушевски.



**Благоја Блажев, поранешен генерален директор на ЕМО**

# ЕМО може да се продаде само на делови

- ЕМО го загуби пазарот, а за млао поризводство, многу се скапи репроматеријалите и производите конконкуретни. Затоа е најдобро да се даде на познат производител макар за едно евро, но кој ќе обезбеди пласман.

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ПОГОЛЕМИ ОД ПРЕДНОСТИТЕ

**Растечкото ниво на надворешниот долг на земјава во иднина ја прави многу ранлива и по основа на каматите на меѓународните финансиски пазари. Вкупниот (бруто) надворешен долг од над 6,3 милијарди американски долари на крајот на минатата година, од кои над 2 милијарди се лоцирани во јавниот сектор, се товар без преседан**



Пишува **Никола Поповски**

Ако денес се направи анкета меѓу граѓаните, стопанствениците или експертите во врска со идните среднорочни и долгорочни предизвици на македонската економија, најверојатно, ќе се добијат различни одговори, во зависност од тоа од кого тие доаѓаат. Некои ќе речат тоа се високите стапки на невработеноста и на сиромаштијата, други ќе ги предочат ниското ниво на инвестициите и стапките на раст, трети ќе зборуваат за влијанието на опкружувањето во вид опасност од дестабилизација на еврото со кое ние судбински се врзавме или неумоливиот раст на цените на енергенсите од кои увозно сме зависни, четврти ќе укажуваат на структурните слабости и на слабостите на институциите и економската политика, петти ќе ги бараат проблемите во некои неекономски фактори итн. Но, сите ќе се согласат само во едно, а тоа е дека предизвиците на нашата економија се многу поголеми од соодветните предности. Може дури и да се каже дека тие се зголемуваат секој ден, а решенија нема. Речиси и да не постои предизвик што е надминат, а нови доаѓаат секој ден.

Должничката и економско-политичката криза на еден од најголемите трговски партнери и инвеститори во земјава, Грција, секој ден се продлабочува и се чини дека е само прашање на време кога ќе се случат банкротот и формалното напуштање на еврозоната. Ако вака продолжи инаетот и чудната горделивост на гласачите, на Грција ѝ нема спас. Таа ќе се бори за свој буквален опстанок пребројувајќи се на секои три и шест месеци дали има доволно нови кредити за да ги плати достасаните. За да биде проблемот поголем, и новата политичка композиција на ЕУ се менува, а, можеби, и се влошува. Новиот француски претседател и влада не се приврзаници на штедењето и на фискалниот пакт на еврозоната, особено не на постојаното третирање на Грција како недоносено дете што треба да се негува.

Позицијата на германската проевропска и проевроканцеларка е видно ослабена по серијата нејзини изборни неуспеси во некои влијателни германски покраини. Секои нови избори во ЕУ можат да донесат нови и непредвидливи проблеми. Претседателот на ЕУ и на Европската комисија, од своја страна, се чини дека од самиот почеток се политички недоволно важни, бидејќи немаат доволно политички и личен легитимитет, а со нив и институциите што тие ги предводат. Имено, тие доаѓаат од мали и проблематични држави-членки, па логично е дека другите така ги третираат и нив лично. Сосема легитимно е и прашањето за нивното лидерство и визионерство за помоќна ЕУ и евро. Со еден збор, судбината на еврото е загрозена, а тоа одамна е и наша судбина, иако не е исклучено, по првичниот шок од излегувањето на Грција од еврозоната, еврото повторно да се зацврсти и да има уште поважна улога во глобалната економија. Не се знае дали и каква стратегија има Македонија за да се соочи со ваквите потенцијални проблеми. Тоа ќе остане зона на заканувачко исчекување за нас.

Светската конјунктура за македонската економија, исто така, е зона на исчекување без розови перспективи. Побарувачката за нашите извозни производи, како што се металите, облеката од текстил, земјоделските производи и слично,

> Македонската економија сега има бруто-инвестиции што изнесуваат близу
> **1/4**
> од својот БДП, а штеди уште помалку

ќе биде неконстантна, а нашето преструктуирање кон други, посовремени извозни производи наспроти сегашните, практично, е невозможно. Надворешните шокови само по основа на цената на нафтата, како наш највреден увоз, може да бидат прилично тешки на долг рок, а преструктуирањето кон други видови енергија, исто така, невозможно. Идните цени на нафтата во светот, и покрај сè, едноставно тешко можат да се предвидат, освен врз принципот на промените во глобалната побарувачка во светот, но и тоа е тешко да се предвиди. Во последниве 20 години, на пример, цените на нафтата на светските пазари имаа период на благ раст во периодот 1994-2002 година (од 20 на 30 долари по барел), па динамичен раст од 2003 г. до почетокот на кризата во 2008 година (од 30 на близу 140 долари по барел), па нагло паѓање за време на рецесијата во 2008-2009 година (на 40 до 60 долари по барел), за потоа повторно постапно да растат до ниво од околу 110 долари по барел во оваа година. Ваквите движења, дури и со непроменети увезени количини, ја оптоварија македонската економија за повеќе од три пати за нецели две декади. Денес се смета дека е можно до 2020 година цената на нафтата дополнително двојно да се зголеми во споредба со нејзиното денешно ниво и тоа да биде неколку пати побрз раст од темпото со кое ќе расте нејзиното производство во светот. Ваквиот предизвик е огромен за Македонија, со оглед дека ние го увезуваме целото количество на потребата од нафта.



Растечкото ниво на надворешниот долг на земјава во иднина ја прави многу ранлива и по основа на каматите на меѓународните финансиски пазари. Вкупниот (бруто) надворешен долг од над 6,3 милијарди американски долари на крајот на минатата година, од кои над 2 милијарди се лоцирани во јавниот сектор, се товар без преседан. Малку поголема и нова финансиска нестабилност во светот и позначителен раст на каматите може да доведе до големи проблеми во платниот биланс на земјава и висок одлив на девизи за сервисирање на овој долг. Тоа, од своја страна, ќе ги загрози перспективите за побрз и одржлив развој на земјава. Впрочем, едно такво искуство веќе постои во земјава. Сосема друг проблем е тоа што високи доспевања на долговите кон странство се концентрирани во неколку периоди во наредниве две-три години.

**Земјава не може значително да ја помести границата на својот економски раст кон посакуваните и одржливи**

**5-6 %**

**годишно, а тоа се минималните потреби за да може на долг рок да почнат да се намалуваат рекордната невработеност и сиромаштија**

На овие и на други екстерни предизвици се надоврзани и многубројните домашни. Македонската економија има слаби перформанси и нема ниту пари ниту капацитет за свое секторско преструктуирање, а со оваа економска структура нема големи перспективи. Обидите за нејзино позначајно преструктуирање со привлекување странски инвеститори пропаѓаат пред очите на нејзините владини протагонисти. Инвеститори нема, а и оние неколку што веќе се овде повеќе се потпираат на привилегирана институционална, даночна и финансиска поддршка од властите отколку на можностите ефикасно и регуларно да работат. Со еден збор, таа политика не успеа, па сега сите надежи, од немај-каде, најмногу се свртени кон некои азиски држави, од кои и онака не треба многу да се очекува, бидејќи и тие самите се, пред сè, инвестициски дестинации, а не нето-извозници на инвестиции.

Сосема друго прашање е тоа со инфраструктурната обезбеденост на земјава. Таа остана на едно од последните места во Европа и апсолутно последно ако се смета во однос на земјите од ЕУ. Покрај инфраструктурата, и институциите на земјава наместо во промотори на развојот, поради нивна политизација и партизација, се претворија во негова сопирачка. Нивната реформа во вид департизација, деполитизација, обезбедување независност, како и нивна ефикасност и стручност, можеби, ќе биде една од најсложените и најтешките кога еден ден ќе се сменат властите во државава. Во тие услови, во одреден период, тие можат да станат дури и сериозна сопирачка за развојот.

Сериозен предизвик е и односот кон штедењето и инвестирањето. Македонската економија сега има бруто-инвестиции што изнесуваат близу 1/4 од својот БДП, а штеди уште помалку. Тоа се статистичките податоци. Со тие инвестиции и штедење Македонија не може значително да ја помести границата на својот економски раст кон посакуваните и одржливи 5-6 отсто годишно, а тоа се минималните потреби за да може на долг рок да почнат да се намалуваат рекордната невработеност и сиромаштија. Поместувањето на нивото на штедење и на инвестирање нагоре, по правило, ќе значат сериозно поместување во нивото на вкупната потрошувачка надолу, без разлика на тоа на кој начин, во кој обем, во кој дел и по која основа тоа ќе го обезбеди економската политика. Веројатно е јасно дека во Македонија тоа сега е невозможно, бидејќи преовладувачката владина, за жал, и општествена концепција е обратна, да се форсира потрошувачката по секоја цена, а инвестициите да не се обезбедуваат преку домашната акумулација и штедење, туку преку внесување странска акумулација, пред сè, преку странското директно инвестирање, за кое видовме дека не дава резултати, бидејќи со него годишно се обезбедуваат инвестиции од само неколку отсто од БДП, односно најчесто 2-4 отсто.

Конечно, многумина економисти и други експерти од цел свет сметаат дека во денешно време единствен долгорочен фактор на иден стабилен економски раст и развој е квалитетот на човечкиот капитал. Но, токму тоа е едно од најконтроверзните прашања на сегашната политика во Македонија. Наспроти квантитативните податоци за сè помасовно и повисоко образование на младата популација, наспроти тврдењата за подобар квалитет на здравствената заштита и зголемени вештини на човечките ресурси, Македонија се соочува со релативно сè понеквалитетни човечки ресурси, за што сведочи и ниската цена што за нив ја плаќаат претприемачите и менаџерите. Впрочем, и самиот премиер, кога ги претставува економските потенцијали на земјава во странство, истакнува дека Македонија има образована и способна, но евтина работна сила (човечки ресурси). Тоа е контрадикторно, бидејќи способноста и образованоста не може да се евтини по ниедна основа.

Според сите овие и по многу други основи, македонската економија пред себе има големи предизвици, а најголем дел од нивното решавање зависи само од нас самите, па затоа треба сериозно да се запрашаме што прави Македонија за да ги пресретне овие свои стратегиски предизвици? Или, можеби, не прави токму ништо за својата иднина?

**МАКЕДОНИЈА СЕ СООЧУВА СО РЕЛАТИВНО СÈ ПОНЕКВАЛИТЕТНИ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, ЗА ШТО СВЕДОЧИ И НИСКАТА ЦЕНА ШТО ЗА НИВ ЈА ПЛАЌААТ ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ И МЕНАЏЕРИТЕ**

# Интернетот, приватноста и демократијата

**Приватноста е како снопче од различни права, како снопче од стапчиња. Колку стапчиња треба да извадите пред да го растурите снопчето, односно да ја нарушите целината на вашето право на приватност?**

Пишува **Сашо Ордановски**



# Упа

Како што е познато, демократијата подразбира барем три суштествени работи: прво, ги штити слободата и еднаквоста на индивидуите; второ, ако сте обврзани пред законите, имате право, преку своите избраници, да учествувате во „кроењето“ на тие закони; конечно, граѓанските, социоекономските и политичките права се гарантирани, иако не се така јасно поделени и не се секогаш докрај спроведливи. За остварувањето на сите овие високопоставени цели, поединците и демократијата имаат склучено важен општествен договор, според кој личната приватност е легитимен интерес на граѓанинот. Навистина, личните желби, интересите и индивидуалните капацитети, обединети во колективитети, се содржина на демократските политики. Но, теоријата на демократијата инсистира цели области во приватниот живот на луѓето да останат надвор од интересот на демократската држава: (не)верувањето во Бога, сексуалната ориентација, копнежот по повеќе знаење, уживањето во одреден стил во уметноста, семејната радост на подигнувањето на сопствените деца итн. Ова произлегува оттаму што политичките права се врзани, во крајна линија, за правата изразени преку колективен избор, преку здружување со други или изразување на некој вид колективен идентитет; во демократијата, истовремено, се негуваат и правото на личен избор, правото на негување на личниот идентитет. Така коегзистира правото на приватност наспроти демократски усогласениот јавен интерес. Со други зборови, приватните навики на луѓето се надвор од јурисдикцијата на државата, доколку не се мешаат во јурисдикцијата на државата.
А потоа се појави интернетот.

**Локомотивата на консумеризмот Весникот.** „Њујорк тајмс“ (The New York Times) неодамна објави голема сторија за огромниот американски трговски синџир „Таргет“ (Target) кој на пазарот нуди избор што комотно влегува во дефиницијата „од игла до локомотива“ (без локомотивата, се разбира). Весникот открил дека „Таргет“, пред неколку години, основал специјална служба за проучување на навиките на купувачите. На секој клиент кој првпат ќе ја помине неговата каса, „Таргет“ автоматски му доделува уникатна идентификациска шифра (нешто што компанијата го нарекува Guest ID Number). Со помош на оваа шифра се води евиденција за сите производи што ги купува секој поединечен клиент. За секој купувач компанијата има и детален демографски профил (старост, приходи, адреса, семеен статус...), но и голем број дополнителни податоци: кои кредитни картички ги користи, во кој период од денот и каде купува, колку често го прави тоа... Потоа, иако „Таргет“ јавно не го признава тоа, на пазарот за информации, од компании што се специјализирани за таков вид податоци, се купуваат информации за етничката припадност на клиентите, за нивната работна и кредитна историја, за списанијата што ги читаат, каде летуваат, кој колеџ го посетувале, за кои теми расправаат онлајн, каков автомобил возат, кон која политичка опција се приклонети... Замислете го ова згрнато богатство на информации што се анализира поединечно за секого! Тие анализи не ги содржат само потрошувачките навики на клиентите – во нив влегуваат сите навики на клиентите! Експертите за психологија, консултирани од „Њујорк тајмс“, изјавиле дека „живееме во златната доба на истражувањата врзани со однесувањето на луѓето – вчудовидувачки е колку може да се дознае за тоа како размислуваат луѓето денес“. Специјалистите за статистички анализи денес се барани повеќе отколку што во времето на студената војна се бараа нуклеарни физичари. Ништо чудно, ако се знаат податоците до кои дојдоа научниците од Универзитетот „Дјук“ (Duke University) кои, во едно неодамнешно истражување, констатирале дека дури 45% од секојдневните избори што ги прави еден просечен човек се сведуваат на стекнатите навики, а не на



# Д.net

## ИНТЕРНЕТОТ ПРОТИВ ЈАВНАТА СФЕРА

**„Интернет-револуцијата го фрагментира јавниот простор и повторно ги исцрта границите на политичките заедници. Иронично е што слободниот проток на информации се претвори во поплава што се заканува да ги збрише целиот контекст и финесите во јавните расправи. Можеби, социјалните медиуми им овозможија на луѓето да им покажат отпор на моќните (што е спорно), но не направија ништо на полето на засилувањето на дискурзивниот и на претставничкиот процес на демократијата. Со други зборови, интернет-револуцијата покажа дека може да урне некое општество, како во Египет, но не и дека може да придонесе за изградба на ново општество".**
**Иван Крастев во „Демократскиот парадокс на Европа"**
**(„The American Interest", March/April 2012)**

свесно донесени одлуки. Впрочем, вреди да се потсетиме дека Нобеловата награда за економија минатата година отиде токму во рацете на двајца американски психолози (едниот почина пред да се закити со ова признание) кои востановија економска теорија за функционирањето на пазарите, базирана врз проучувањето на навиките и однесувањето на луѓето: парадоксално, луѓето се подготвени на поголем ризик кога имаат повеќе да загубат.

**Кандидати за повојница.** Како изгледаат анализите на навиките во практика? На пример: „Таргет" констатирал дека кога некоја жена почнува да купува необично зголемено количество неароматизирани лосиони за тело, како и поголеми количества производи со калциум, магнезиум и цинк, речиси е сигурно дека таа е бремена, и тоа во првите 20 недели од бременоста! Замислете го ова остварување на сонот на секоја специјализирана маркетинг-операција, точно да знае во која состојба се наоѓа значаен сегмент од клиентите на една голема трговска куќа, каква што е „Таргет"! Прецизниот рекламен „напад" што следува за секој клиент поединечно - по обична или по електронска пошта, на адресата на „Фејсбук", на домашниот телефон или со СМС-пораки на мобилниот телефон, на работното место или во банката каде што сакате да подигнете кредит итн. - е прецизен како да е изведен со беспилотно летало на американската армија. Но, и тука „цивилните жртви" не се исклучени: во ваквите „далечински наведувани" маркетиншки напади не се цел само самите бремени жени, туку кругот може да се шири и, на пример, на нивните мајки и татковци, идните баби и дедовци на нероденитe внуци. Нивниот куповен потенцијал за бебешки аксесорис, секако, не е мал. Дури се забележани и случаи кога некои од бабите/дедовците дознале од рекламните кампањи, а не од своите ќерки, дека подмладокот е на пат – „мала" непријатност, „цивилна жртва" на (зло)употребата на приватноста на клиентите на „Таргет".

Пазарниот резултат од ваквата операција бил фантастичен. Во 2002 г., со употреба на дотогаш традиционалните начини на обработка на клиентите, „Таргет" имал приход од 44 милијарди долари. Во 2010 г., набрзо по воведувањето на новиот „пристап" во обработката на приватните навики на клиентите, годишниот приход на компанијата се искачил на фантастични 67 милијарди долари! Аферим маркетинг!

**Гласот на морската сирена.** Приказната за приватноста може да се фати и од друга страна. За седум години од своето постоење, „Фејсбук" годинава ќе ја надмине бројката од 1 милијарда луѓе кои, во виртуелниот свет на интернет-комуникациите, слободно ги споделуваат и најприватните детали од својот живот, со збор, слика и со дигитално движење. Родендените и семејните веселби се мешаат со готвачките рецепти, политичките иницијативи, спомените од годишните одмори, упатствата за препишување семинарски и бракоразводните детали. Спомнатиот „Њујорк тајмс", неколку недели пред приказната за „Таргет", оценувајќи ја најавата дека „Фејсбук" ќе почне да се котира на Њујоршката берза, вака ја опиша неговата вредност од, сега знаеме, вртоглавите 100 милијарди долари: „'Фејсбук' се смета за толку вреден затоа што е многу повеќе од обичниот збир на неговите корисници. Тој претставува повеќе од светски најголемата социјална мрежа, бидејќи е брза машина за мелење податоци, што го бележи и го процесира секој клик и интеракција на својата платформа... Тој ја има привлечната моќ на морските сирени за рекламерите кои се надеваат да ги употребат тие информации за да ги спојат своите огласи со вистинската публика... Корисниците не му ги откриваат на 'Фејсбук' само своите имиња ('Фејсбук' забранува употреба на псевдоними) и градот во кој живеат, туку и своите пријатели и членовите на семејството и својот вкус за сè и сешто, од поп-музика до политика... Огромен јазол на дигитални поврзувања... Времето што го трошат и информациите ►

што ги оставаат на 'Фејсбук', всушност, се цената што корисниците ја плаќаат за бесплатните веб-сервиси".

Но, од ден на ден, прикажаната за приватноста и незабележливиот начин на кој сме согласни да ја изгубиме преку оддавањето на нашите навики (или, можеби, несвесно „бесплатно" да ја „продадеме", како што сугерира „Њујорк тајмс"), станува сè посериозна. Работите се комплицираат кога во трговијата ќе се вмеша политиката.

Заговорот на белиот кит Американските новинари со задоцнување од една-две години открија дека „главниот научник" (Chief scientist) во изборниот штаб на минатата претседателска кампања на претседателот Обама бил специјалист за проучување на навиките кај гласачите. Дискретниот проект, под кодно име „Нарвал" (Narwhal), кој го предводел овој научник, имал за задача да открие како да се систематизираат сличните гласачки навики кај различните политички избирачки групи. Проектот, всушност, уште од 2008 г. собира милиони податоци за милиони гласачи во САД и ги комбинира нивните мултиидентитети (нивните онлајн активности, реалните политички активности, донаторските навики, подготвеноста за волонтерски ангажман итн.) во целни групи на граѓани-гласачи, обединети во категоризирани политички профили. Потоа, за таквите профили се подготвува посебен политички пристап, иако некои коментатори тоа попрво би го именувале како политичка манипулација. Китовите, па и нарвалот, навистина, немаат заби, но политичкото „грицкање" на приватноста на граѓаните е опасна ескалација на државната моќ против интимните сфери на граѓаните. Можеби, звучи наивно, но поразот на приватноста неминовно следи кога индивидуалната интуиција ќе се претвори во пресметлива групна статистика, со брзина од стотици милиони обработени податоци во секунда.

А потоа се појави клауд компјутингот (cloud computing).




**Новата религија.** Со компјутерското „работење во облак" се направи најголемиот пресврт во информатичката технологија, од измислувањето на првиот микропроцесор наваму. Така, сега, мајката на сите нарушувања на приватноста им е на дофат дури и на просечните информатичари со лоши намери.

Виртуелниот облак – и самиот назив има божји призвуци, бидејќи сугерира на небото - претпоставува дека сите (сите!!!) ваши информации ќе се чуваат во една недефинирана зона на бескраен меморискi капацитет, таму некаде... на „небото". Корисниците, таа маса од простодушни интернет-верници, веднаш скокнаа и ја прифатија оваа парадигма - сè што имам ми е пристапно во секој миг! Музика, банкарски податоци, семејни дребулии, болнички наоди, книги (дури и до која страница сум во одредена книга или списание) - сè! На „Фејсбук" или на „Твитер", сепак, го оставаме она што сакаме да го оставиме, обично, покусо по содржина, во формат „контролиран" од нас. „Клаудот", пак, е нешто друго - сеопфатен контејнер на сите наши релевантни податоци: колку џогиравме денес, по кои патеки, колку време се задржавме за да го помилуваме кутрето на згодната комшика-џогерка... Дали мулвањето дало резултат ќе се види со вкрстување на нејзините дигитални податоци со вашите, бидејќи вашите смартфони пријавиле дека вечерта сте се наоѓале на иста GPS-локација цели три часа!

Има и дополнителен „трик": не станува збор за научна фантастика ниту треба да се имаат компјутерските капацитети на американската NSA, бидејќи технологијата се продава и во дуќанчето кај Јаја-паша, што порано беше телефонски сервис за јавување во странство.

Не само единките, туку и компаниите се во иста ситуација. Потребата од намалување на трошоците, можноста за брзо растење, интерконекцијата со филијалите, универзалниот достап до ресурсите, работењето од дома итн., наложуваат податоците да се чуваат во „облакот". Податоците од продажбата, резервите, (не)платените даноци, адресите и потрошувачките навики на вашите клиенти, вашите службени патувања (заедно со секретарката!), резервациите на авиобилети и сметките платени во фаст фуд киосците се чуваат во, наводно, супер сигурни дата-центри. Вашиот центар, за да се заштити од можноста да ги изгуби вашите податоци во случај на некој катастрофичен настан, ги реплицира кај својот партнер во соседната држава. Овој, пак, ги дели на блокови и ги чува во Германија, Шведска и во дата-центарот на „Гугл" во Аризона, САД. На овој начин, можноста за неовластен достап до вашите (приватни, дури и кога се службени) податоци е неколкукратно зголемена.

Мори Алисо една, добредојде во Земјата на чудата!

**Локалните нарвали.** Како изгледа тоа локално? Дури и во Македонија со години се зборува за НЗК - националната здравствена картичка. Според она што сакаат здравствените власти да го постигнат со овој информативен систем, слободно можеме да го категоризираме како здравствен клауд на податоци за сите жители во државата. Ова, од аспект на приватноста, е железничка несреќа во слоу-моушн. Кој и како ќе има достап до најчувствителните податоци за пациентите, никаде не се пропишува. Од санитарниот работник (чистачката, де), преку медицинските сестри, до докторите и аптекарите, сите ќе можат да сирнат во тоа дали некој е болен од пневмонија, дали скршил нога или има СИДА. Нема систем за контролиран достап, а уште помалку процедура за автоматско известување на пациентот кој сè, кога и колку се послужил со неговите податоци. „Мијалков" во Земјата на чудата!

Всушност, како што реторички би се запрашал британскиот автор Б. Ц. Роу (B. C. Rowe), приватноста е снопче од различни права, како снопче од стапчиња - колку стапчиња треба да извадите пред да го растурите снопчето, односно да ја нарушите целината на вашето право на приватност?

Тоа е прашањето што треба да си го одговори секој од нас пред да го пополни прашалникот за брендирана кредитна картичка на „Рамстор" или на „Веро", или пред да ја постира следната фотографија од плажите кај Полихроно. Оти, овде иднината може и да доцни, но не толку многу за да не зажалите уште денес.

## ИМА ЛИ ЖИВОТ ПО „ФЕЈСБУК"?

„По пат на болно отрезнување, оние што протестираа низ целиот Блиски Исток и Северна Африка, низ евромедитеранскиот регион и преку морето, учат дека ниту глобализацијата ниту 'МекФејсбук' начинот на живот (главно, поминат во големи, разладени шопинг молови) се покусиот пат до развојот; дека слободната трговија не е доблест, туку инструмент; дека либерализмот не е состојба на умот, туку добро доктринарно развиена идеологија; и дека, конечно, социјалните мрежи се само средство за комуникација, а не замена за независното критичко мислење или за колабираниот меѓугенерациски општествен договор...

Оваа гротеска од самонаметнат сајбер-Гулаг, наречена 'социјални медиумски мрежи' може да заврши како што тоа се случи со пушењето во 21 век. Во раниот 20 век пушењето беше кул, секси, храбро, одметничко, ослободувачко и, најмногу од сè: социјално. Како такво, се воздигнуваше и се промовираше од тогашниот западен печат, во филмовите и во другата индустрија за забава. Сепак, штом физичката и менталната изложеност и штета, како и подведливоста и тешката зависност беа уверливо докажани, пушењето беше забрането на сите јавни места, за деца и за возрасни, во училиштата и во болниците... денес, пушењето во земјите на ОЕЦД е проскрибирано, гетоизирано и, сведено во специјално означени застаклени кутии со моќни вентилациски системи и чувствителни сензори за пожар".

Анис Х. Бајрактаревиќ, член на словенечкиот институт ИФИМЕС

# СЕЛЕКТОР

## Книга за животот на Маги - EKV



**Лидија Николиќ, најдобрата пријателка на Маргита Стефановиќ, легендарната клавијатуристка на култната „Екатарина Велика", во својата книга „Osećanja. O. Sećanja" открива непознати детали од животот и од кариерата на Маги, од патот до ѕвездите до најтешките мигови**






Лидија Николиќ, за чувствата и за сеќавањата

Користени фотографии од книгата „Osećanja. O. Sećanja", со дозвола на авторот и издавачот

# Останав со Маги и ко

Разговараше Иван Бејковиќ

Пријателство кое траеше цел живот, можеби, вака најдобро би се опишала книгата „Osećanja. O. Sećanja“ на белградската писателка и професорка Лидија Николиќ, посветена на Маргита Стефановиќ – Маги од ЕКВ, која за кус временски период доживеа голема регионална популарност, за што зборува и нејзиното второ издание. Лидија, која ѝ беше најдобра пријателка на Маргита, низ личната приказна и односот кон Маги, всушност, не ја следи нејзината музичка кариера, туку ги открива суштината и потеклото на нејзиниот талент, но и длабочината на амбисот што таа се обиде да го прескокне. А, токму талентот најдобро го откриваат белешките на Маги, според кои во нејзиниот живот сè помалку имаше музика, а сè повеќе размислување за неа, за мечтаењата, играта на зборови и буквите на хартија, што таа ги третираше како парчиња на ритамот и музиката...

**Кој беше поводот да напишете книга за Маргита Стефановиќ, Вашето пријателство кое траеше сè до нејзината смрт пред десет години или, пак, нешто друго?**

Јас, како писател, никогаш немав намера да напишам книга за Маргита. Но, пред неколку години беше објавена една книга за неа, со која читателите не беа задоволни, а еден новинар ја опиша како „најсрамното нешто објавено на српски јазик“. Не би сакала да го спомнувам ниту авторот ниту книгата, но ќе кажам дека отидов на нејзината промоција, а кога се изборив за збор, кажав нешто во одбрана на Маги. Таа моја беседа набрзо се најде на интернет, по што многу луѓе ме поттикнаа да напишам книга за неа, каква што навистина ѝ прилега. Една реченица посебно ме трогна: „Ако не го направите тоа, еден ден со вас ќе згаснат и сите тие спомени“...

**Како започна Вашето пријателство, од Вашето раѓање до нејзината смрт?**

Се запознавме и пред да го научам првиот збор, а Маргита беше гостинка на мојот прв роденден. Израснав во центарот на Белград, на „Змај Јовина“ улица, каде што живееше и тетката на Маги – Маргита, сестра на нејзиниот татко, по која таа го доби името. Додека таа беше на третиот кат, јас од балкон ја гледав качена два ката погоре, на петтиот. По две години се преселивме во зграда на „Албанска“ улица, каде што Маги живееше до пред крај на основното училиште, кога се пресели на Славија. Бевме неразделни, одевме во исто основно, па во иста гимназија. Беше постара една година. Се сеќавам, најтрауматичен момент за мене беше кога Маги тргна во прво одделение. Никако не можев да сфатам и да прифатам дека таа ќе оди в училиште, а јас нема да одам. За тоа напишав и приказна што се најде во мојата прва книга за деца, а објавена е и сега, во овие сеќавања за Маргита.

**Какво беше Вашето пријателство?**

Нашето пријателство во почетокот беше угодно и пријатно, а подоцна стана тешко, напорно и убиствено. Но, јас издржав докрај, не осврнувајќи се на предупредувањата од најблиските. А, и сами знаете каква беше нејзината судбина. Во време кога сите ѝ го свртеа грбот, јас останав со неа докрај. Имав грижа на совеста за некои работи, за кои, можеби, сум ѝ згрешила, но тоа крајно искрено го опишав во книгата. А, токму за тоа ми беше искажано најголемо признание – дека не сум ги заобиколила работите што секој неискрен биограф би ги забошотил. Маги знаеше да каже дека од најрано детство ние сме два света. Но, дали тие два света ги поврза нераскинливото пријателство затоа што спротивностите се привлекуваат или е во прашање нешто друго, не успеав да одгатнам!?

**Во годината кога се навршува една декада од нејзиното заминување, успеавте ли да дознаете зошто Маги важи за култна личност на експугословенскиот рокенрол?**

Тоа е прашање за музичките критичари. Во книгата избегнав да пишувам за музиката на ЕКВ. Таа повеќе е ода за едно пријателство, за љубовта. Книгата зборува за трагедијата на гениите, за товарот на славата што го носат големи и генијални луѓе.

**Некој напиша дека Маги спаѓаше во редица на оние уметници кои заслужија многу подобар крај...**

Секако! Но, главниот проблем беше во тоа што таа по смртта не остави никој кој би се грижел за нејзиниот лик и дело. Милан Младеновиќ зад себе остави живи родители, кои се бореа за честа на неговото име, за спомент на него. Маги немаше никој! Никој, освен мене. И јас сега се обидувам да го рехабилитирам нејзиното име. Којзнае, можеби, вистината се наоѓа во зборовите на духовниот учител Екарт Тол, кој напиша: „Некои се свртуваат кон дрогата, бидејќи животот на овој свет е премногу тежок за нив“.

**Зборувавте ли некогаш со Маги за проблемите што ги имаше?**

Никогаш! Таа беше многу затворена и никогаш со никого не зборуваше за тоа што ја мачеше.

**Знам дека многу млада ги загуби родителите...**

Без мајка остана кога имаше 29 години, а татко ѝ почина кога имаше 37. Никогаш не се мажеше, немаше деца. Во меѓувреме, ѝ умреа сите тетки и чичковци кои беа дел од нејзиното семејство. Потоа отидоа ВД, Милан, Бојан... Во 1996 година, кога почина нејзиниот татко, практично, таа ја доби својата смртна пресуда. Пристигна дијагноза дека е болна од СИДА. Шест години пред смртта таа знаеше што ја чека и тогаш, дефинитивно, крена раце од себе. А пред тоа, во нејзините дневници, јасно се гледаа обиди да ги реши проблемите. Но, тогаш тргна да продава еден по еден стан, за накрај да се најде во гаража во Борча, а потоа и во Домот за незгрижени лица.

**Какви беа Вашите последни средби?**

Последните месеци таа беше речиси целосно слепа. Ја видов во средината на јули 2002 година, а почина на 18 септември истата година. Во меѓувреме, ѝ се изгуби секоја трага, сè додека не ја најдоа падната на улица, по што Брза помош ја однесе во Домот за незгрижени лица, а оттаму на Инфективна клиника. Беше изнемоштена и слепа, а на крај ѝ се накалеми и токсоплазмоза, болеста што ѝ ја пренесоа мачките, а која остава последици на мозокот.

**Се сеќавам на едно нејзино интервју, кога на прашањето „каде се гледа себе си“, кажа дека „и мачките замижуваат кога ќе погледнат во иднина“...**

Да, и тоа интервју најде место во второто, дополнето издание на мојата книга...



# ога сите ѝ свртеа грб



**По сè, како денес се сеќавате на Маги?**

Помнам сè, и убави и помалку убави работи. Но, најмногу ја помнам по љубовта што ја делевме. Сепак, една слика никогаш нема да ја заборавам. На една од последните средби, кога ја испраќав накај дома, силно ме прегрна, ја завлече главата под мојата коса и ми кажа: „Тоа е сè што ми е потребно“. Не беше од оние типови кои постојано се жалат на нешто, а без оглед на сè она што ѝ се случило, наоѓаше причина за шега и за смеа. Беше трудољубива личност, која работата ја ставаше пред сè на овој свет. За неа беше изгубен секој ден што поминуваше без да направи нешто корисно. Докрај имаше сила да сака, да работи и да се смее... Најпосле, ако се анализира нејзината кариера, Маги никогаш не била без работа. Во почетокот, приоритет ѝ беше пијанистичката кариера, потоа дојде ЕКВ, па проектот „EQV“, со албумот „Ти си сав мој бол“ посветен на Милан Младеновиќ. Маги создаде и еден куп архитектонски проекти, меѓу кои е и проектот на виртуелната црква кој, за жал, не се оствари. Последните години од животот пееше во црковен хор, а тоа ѝ беше многу важно. Освен тоа, таа многу убаво црташе, одлично пишуваше. И, не само текстови за ЕКВ, туку и раскази. Еден од нив е во книгата. Навистина беше многу талентирана, без оглед што беше исклучително скромна личност.

**Книгата за Маги е преполна со фотографии и со документи кои пошироката јавност никогаш порано ги нема видено. Како дојдовте до нив?**

Од вкупно 150 фотографии, можеби, досега на јавноста ѝ се познати пет или шест. Не повеќе. Тие потекнуваат од моите и од нејзините фотоалбуми кои таа му ги довери на чување на еден пријател, како и од архивата на Срѓан Вејвода, нејзиното поранешно момче и соработник на ЕКВ. Зад Маги останаа и дваесетина дневници кои досега никој ги немаше видено. Во нив, пак, има многу цртежи, многу документи. Од тетратка од прво одделение, преку индекс, до отпусни листи од болница, жални вести, прикази и песни испишани со нејзина рака. Препеви на песните на ЕКВ на англиски јазик, кои таа ги направи, што уште не. Постојат и парчиња кои се дел од моите споменари. Но, најмногу се нејзини работи, што ги оставаше кај мене на чување. Всушност, кога ги продаде становите, додека не ја купи таа гаража во Борча, два пати тие нејзини лични работи беа на чување кај мене. Првпат кога во 1996 г. замина за Индија, откако претходно го продаде семејниот стан на Славија, по што купи два помали. Во еден живееше, а другиот го издаваше под кирија. Кога се врати од Индија, јас ѝ ги вратив сите работи, за таа повторно да ми ги предаде кога остана и без тие два стана. Тогаш ми кажа: „Ти ќе знаеш што треба да се прави со ова“. Тогаш не сфатив на што мисли, но денес сум сигурна дека ѝ ја исполнив желбата.

**Фановите на ЕКВ и на Маги во Македонија ќе бидат пресреќни кога ќе откријат дека дел од книгата носи наслов „Македонија“!**

Во делот „Македонија“ е и песната „Пушчи ме“, која ја најдов во нејзините дневници што настанаа во 1993 година, кога Маги и ЕКВ беа на турнеја низ Македонија. Настапуваа во Куманово, Гостивар, Штип, Охрид, Струга... Во тие дневници постои еден клучен дел за Македонија, каде што таа со големи букви пишува: „Македонија – земја во која глумеа и живееја моите предци. Долг пат до минатото“. Ова за некого е нејасно, но приказната се надоврзува на еден текст од весник, каде што пишува дека нејзиниот чичко Синиша Раваси, инаку полубрат на нејзиниот татко, беше првенец на театарот во Скопје пред Втората светска војна, а подоцна и првенец на театарот во Нови Сад. Синиша, кој починал мошне млад, и Љубица Раваси, биле деца од првиот брак на нејзината баба, мајка на нејзиниот легендарен татко, прочуениот режисер Славољуб Стефановиќ – Раваси. Во вториот брак, баба ѝ на Маги ги имала синот Славољуб и ќерките Радмила и Маргита, по која таа го доби името...

**Ве изненади ли топлиот прием на кој наиде Вашата книга?**

Во целост, бидејќи бев исплашена на кој начин ќе биде прифатено нешто што е поврзано со Маргита Стефановиќ. Иако, внимавав никого да не го навредам... Имаше право фотографката Зорица Бајин – Ѓукановиќ кога кажа: „Маргита би била среќна ако ова огледало го држи во своите раце“.



## Мистериите на организмот

# Манек - човекот што живее без храна и без лекови!

**Индиецот тврди дека не јадел цврста храна повеќе од 13 години освен во ретки прилики на социјализирање или подолготрајна лоша клима со многу малку сончеви периоди. По урнекот на шоуто „Големиот Брат“, тој бил набљудуван, во секоја секунда од денот, од врвни научници (финансирани од НАСА), и тоа во три наврати: првиот пат над 100, вториот над 200 и последниот пат над 400 дена и не откриле ништо негативно врз неговиот организам.**

Пишува Златко Славенски

Во 1920-те години некои истражувачи теоретизираат дека постои невролошки пат на поврзаност помеѓу окото и хипоталамусот (што е од есенцијално значење за да се потврди дека кога светлината влегува преку очите, таа доаѓа до уптавувачкиот центар во мозокот на сите животни функции). Дури во 50-ти и 60-ти години од 20-от век со помош на електорнскиот микроскоп се потврдува оваа теорија дека светлината преку окото доаѓа до „мозокот на мозокот“ т.е. до хипоталамусот (она што старите цивилизации го знаеле интуитивно). Всушност, светлината преку окото доаѓа до местото во хипоталамусот кое содржи она што го нарекуваме билошки часовник. Како што нашиот рачен часовник ни кажува кое е добата на денот, така овој биолошки часовник му кажува на телото кога да се разбуди, кога да си легне, кога да јаде... Сите тие функции треба да бидат усклadени со природата, со космичкиот поредок на нештата. Науката докажа дека светлината преку окото влегува во мозокот кој ги регулира сите физиолошки дејствија на телото.

На ова секако треба и да се придодадат и истражувањата на лекарот д-р Џејкоб Либерман, кој кон крајот на минатиот век ја возбуди американската и светска јавност со книгата-бестселер „Светлоста - лек на иднината“, во која ги надградува претходните сознанија за лековитоста на светлината, притоа развивајќи го својот систем за „тренирање на гледањето на очите“ (имено, како паталец од слабиот вид уште од својата најрана возраст, преку овие истражувања аплицирани на себеси, денес во својата шеесет-и-неколку годишна возраст - сосема ги има отфрлено очилата, заедно со генерално подобреното општо здравје).

И така, на крајот на оваа (да се послужиме со една светлосна метафора) блескава низа на сознанија за светлината, доаѓаме до индиецот Хира Ратан Манек, кој во почетокот на 1990-те години ги обзнани на светот своите сознанија за соларната јога, која ја истражувал цели 30 години. Создал индекс, или протокол за тоа како се изведува ова гледање во Сонцето. Целосниот циклус подразбира гледање во Сонцето во т.н. сигурни временски периоди од денот, т.е. еден час од изгрејсонце или еден час пред зајдисонцето (кога УВ-факторот не е поголем од 2), во севкупно времетраење од 270 дена, почнувајќи со 10 секунди и секој ден се зголемува за нови 10 сек. После 60 дена се подобрува видот, а после 90 дена со 15 мин. гледање во Сонце, одлично менталното здравје.

Според Манек, мозокот можеби е мал дел од телото, но во него е целото тело. Го лечите ли мозокот - тогаш ја елиминирта причината за болестите (таму е грешката на современата медицина - не се занимава со причините на болестите, туку само со последиците). Здравиот мозок го носи целокупното здравје. Медицински е докажано дека гледањето во сонцето ги регенериа неуроните во мозокот, а таквата регенерација е најкраткиот пат до здравјето. Здравјето на телото зависи од здравјето на мозокот, а здравјето на мозокот зависи од бројот и силата за регенерација на неуроните. Со гледањето во сонцето мозокот се „опушта“, а што повеќе опуштен мозок, толку повеќе се регенерираат неуроните и таквиот здрав мозок го контролира сеопштото движење на енергетската телесност.

Според овој индекс на Манек, после 3-6 месеци т.е. 15-30 минути гледање во Сонце, ќе се решите од сите здравствени проблеми, какви и да биле: рак, сида, срцеви проблеми, остеопороза, жолтица, артритис... Ако сега е прифатено да се лечи жолтица со помош на сончева светлина, зошто не би се лечеле и другите



болести. Некои современи специјалисти за болести на ракот, веќе прифаќаат дека сончевата светлина е една природна хемотерапија. Потоа лечење на колена - Менек смета дека хируршките интервенции на колената се тотално непотребни, само е потребни колената да се изложуваат на сончева светлина и, леко масирајќи ги, да се гледа во сонцето според зададениот протокол. Што се однесува до сидата - тој ја дијагностицира како недостаток на светлина во организмот - дајте му светлина на енергетските области во телото и болниот ќе биде од сида - вели Манек. Според него, после 6-9 месеци т.е. 30-45 минути гледање во сонце, гладот полека престанува да се појавува. А што е гладот? Тоа е недостаток од енергија. Ако ја акумулираме истата количина на енергија од Сонцето, тогаш нема да имаме потреба од цврста храна (сеедно растенијата се развиваат од сончева енергија, животните ги пасат, па ние ги јадеме и животните и растенијата - значи ја примаме сончевата енергија „преку втора или трета рака“). Самиот Манек изјавува дека нема јадено цврста храна повеќе од 13 години освен во ретки прилики на социјализирање или подолготрајна лоша клима со многу малку сончеви периоди. Инаку, праксата на Менек е куриозитет во денешницава и по тоа што за првпат ваквата сфера на активности, максимално темелно била истражена од официјалната наука (особено медицинската). По урнекот на шоуто „Големиот Брат“, Манек бил во секоја секунда од денот посматран од различни групи на врвни научници од Америка (финансирани од НАСА), Европа и Индија - и тоа во три наврати : првиот пат над сто дена, вториот над 200 дена и последниот пат над 400 дена. Не се открило ништо негативно врз организмот на Манек, освен за 40% пониската вредност на глукозата во крвта - па бидејќи Манек се чувствувал одлично - се заклучило дека би требало да се ревидираат сознанијата за индексот на вредностите за висината на глукоза и шеќер во крвта, кои се (според Манек) одредени на општа, а не на индивидуална основа. После овие забележани истражувања, Манек бил оставен на мир од официјалните структури на научните кругови - и како што самиот изјавува - не му помагале во ширењето на оваа пракса, но не му ни пречеле повеќе. Исто така во светската јавност се забележани тестирањата со гледањето во Сонцето врз специјалните воени единици на САД и Индија, а се појавија и информации и за такви сериозни истражувања кои ги има превземено НАСА во функција на решавање на проблемот со храната на долгите интерпланетарни патувања.

Човекот и се во вселената е наматеријално - изјави скоро скандалозно квантната физика и механика пред некоја деценија. Она што древните духовници одамна го знаеја, дека сме сочинети всушност само од светлосна енергија (во сите религии светлината кај светците и битните настани има посебно и мистично место) - сега науката почна да го докажува: под ултразголемувачки микроскоп научниците видоа дека телото на човекот е всушност физичка празнина; овде-оне по некоја светла точка која лебди во празнотијата, слично на призорот на ноќното ѕвездено небо. Открија дека единствените честички за кои можеби можеме да се фатиме како цврсти, се всушност некој вид на битови на информација - всушност, ние и се останатго е само енергетска тенденција за нешто можно, а не нешто готово и завршено. Во ваквиот поглед на нештата, праксата на Менек веќе не изгледа толку неверојатна.

**Според индексот на Манек, после**

**3-6**

**месеци т.е.**

**15-30**

**минути гледање во Сонце, ќе се решите од сите здравствени проблеми, какви и да биле: рак, сида, срцеви проблеми, остеопороза, жолтица, артритис...Ако сево ова е можно и ако се примени во секојдневието, тогаш прехрамбената и фармацевтска индустрија би доживеале колапс.**



И - што како заклучок? Дали е сето ова веројатно? Зашто, ако го преведеме сето ова на секојдневицата - прехрамбената и фармацевтска индустрија би доживеале колапс. Или сепак човекот е човек и заради своите хедонизам на косумирање и заради неговата чудна природа, се уште од човек неодгатната? Знаете ли некој човек од вашето опкружување кој - не парцијално - туку тотално го спровел протоколот на Хира Ратан Манек за гледање во Сонцето и сега живее само или претежно од светлина?

Во секој случај, било заради конкретната или заради мистичната светлина, би било добро да се држат очите широко отворени.

Тоа се нарекува слобода, нели?

(Крај)

## Никола Тесла

„Сите народи насекаде треба да имаат слободни извори на енергија“



**Години по првите експерименти на Никола Тесла за слободна енергија, браќата Рајт го конструираа првиот авион. Набрзо по тој прв лет во 1903 година, авионскиот транспорт стана неразделен дел од животот – се прелетуваа огромни далечини, океани, обиколен беше светот, авионите станаа и најмоќното оружје во војните, а само половина век по првиот лет од триесетина метри, човекот летна во космосот. Како е можно, во истиот тој период, слободната енергија да остане само неостварена идеја во главата на генијалниот ум? Зошто развојот запре на првиот чекор?**

# Колку плаќате за БЕСПЛАТНА струја?

Митко Билјаноски

Струјата повторно поскапува. Можеби нема да поскапи токму денеска или утре, но цената сигурно ќе се зголеми. Трендот е тој со недели, месеци, години... Постојано не поставува нови и нови рекорди и ќе ги празни сè побрзо семејните буџети.

Ако е за утеха, ова не е само кај нас. Цената на енергијата постојано се зголемува во целиот свет од логични причини: со зголемувањето на населението и со развојот се зголемуваат енергетските потреби, а главните извори на енергија се сè поскромни. Со шоферски речник, светот денеска вози на резерва од нафта. Се воделе и ќе се водат војни за контрола на копнените нафтени извори, а веќе и за контрола на морските територии, кои ги кријат останатите наоѓалишта на нафта и гас. Токму поради ова, иако производствената цена на нафтата е околу 2 долари за барел, цената на светските берзи е стотина долари. И секако, никој не очекува дека ќе се намали.

Секако, кризата со нафтата не е нова и веќе одамна се работи на подобрување на ефикасноста на алтернативните извори на енергија. Но, и развојот на новите технологии чини пари, а ефектите не се доволно добри за да ги истиснат сосема од употреба нафтата, гасот и јагленот.

Кој не сонувал за свет со слободна енергија за сите? Тој сон не е од вчера. Но, никој не стигнал поблизу до остварување на овој сон како младиот гениј од Лика, кого денес гоословуваат како „човекот што го измисли 20-тиот век".

Во врвот на својата светска популарност, Никола Тесла, пионерот на комерцијалната електрична енергија, го говорел тоа што еден век подоцна го говорат заговорниците на обновливи извори на енергија. Без да мисли на глобално затоплување или на ефектот од стаклена бавча, предупредувал на последиците од согорувањето на супстанции за генерирање енергија. Не само што укажувал дека при горењето на јагленот не се ползува неговата цела енергија туку и тврдел дека за енергија не смее да се трошат необновливи извори.

„Какви и да бидат изворите на примарна енергија во иднината, мора тоа да го правиме рационално, да ја добиваме без да трошиме каков било материјал", напишал Тесла во магазинот „Сенчери" во 1900 година. Уште на почетокот на минатиот век ги поставил основите на генерирање енергија од обновливи извори. Како дете во Лика им се восхитувал на водениците и ветерниците и бил убеден дека тие се најефикасните енергетски направи воопшто. Верувал и во ефикасно скротување на енергијата од Сонцето.

Но неговиот сон не запирал тука. До крајот на својот живот настојувал да обезбеди слободна енергија за целиот свет. Неограничена и бесплатна!




**Енергетска контрареволуција.** Никогаш порано во историјата обичните луѓе не ги почувствувале благодатите од технолошкиот развој како во првите 20 години од минатиот век. Викторијанската ера го отстапила местото на автомобили, авиони, грамофони, филмови, телефони и радио. Квалитетот на животот значително се подобрувал, биле совладани многу болести, а овие достигнувања не биле привилегија само на богатите. Да го земеме воздухопловството, на пример.

Како е можно, во истиот тој период, идејата на Тесла за слободна енергија да остане само неостварена идеја во главата на генијалниот ум? Зошто развојот запре на првиот чекор? Неговите процени биле погрешни, или, пак, сè уште не се родил ум со капацитетот на Тесла?

Одговорот на сите овие прашања, за жал, е НЕ. Уште современиците на Тесла развивале технологии за производство на огромна енергија за екстремно мала цена. Сепак, ниту една технологија не стигнала до пазарот. Покрај засилувачкиот трансмитер на Тесла, радијантната енергија ја ползувале направата на Хенри Мореј, моторот на Едвин Греј и машината „тестатика" на Пол Бауман. Денес во Швајцарија, заедницата Метернита користи пет-шест оперативни машини што произведуваат енергија без гориво. Развиени се и други технологии – вечни магнети што произведуваат и 15 пати повеќе енергија отколку што трошат, механички греалки со ротирачки цилиндри десет пати поефикасни од обичните, направи што го изолираат водородот од водата, имплозивни мотори што произведуваат механичка работа, црпејќи енергија од вакуум, прототипи на апарати за ладна фузија, пумпи за топлина (како што е на пример вашиот фрижидер, само топлинската енергија што се ослободува оди во неповрат)... Има уште десетици и десетици примери на суперефикасни технолошки направи, тестирани и документирани, што не дочекале комерцијална употреба. Зошто? Пред сè зашто таквите производи, кои се од огромна полза за луѓето, се од огромна штета на големите енергетски компании и нафтени картели, кои, пак, со својата финансиска моќ практично го контролираат општеството. А генијалните умови по непишано правило се катастрофални бизнисмени. Колку што биле хуманисти и идеалисти, толку биле ужасни политичари. Тесла е екстремен пример како генијалниот ум може да биде поразен од алчните моќници.



Според проценките на Тесла, кулата Ворденклиф ќе можела да генерира електрична енергија од 100 милиони мегавати и да ги пренесува до која било локација користејќи ја Земјата како спроводник!

**Американска смисла за хумор.** Во 1884 година, младиот научник Никола Тесла од Париз емигрирал во Њујорк и побарал работа кај Томас Едисон, водечкиот иноватор во Америка во тоа време. Му дал писмо со препораки, потпишано од Чарлс Бачелор, кој порано работел за Едисон. Содржината на препораката е оспорена, но според една верзија, во неа било напишано: „Знам двајца велики луѓе, вие сте едниот од нив, а вториот е овој млад човек".

Едисон го вработил Тесла во одделението за машини. Работел на едноставни електроинженерски задачи, но набрзо напре-







Тесла не го развил својот систем за безжичен трансфер на енергија како циркуска точка за да ги забавува посетителите на саемите. Во својата глава тој имал слика на светски систем во кој енергијата би се пренесувала без жици



## НА СИТЕ ОБИДИ ДА ГО ВМЕШААТ ВО ТОГАШНИТЕ ЕТНИЧКИ КОНФЛИКТИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА, ТЕСЛА ПРОКОМЕНТИРАЛ: „КОГА ВАШАТА ОМРАЗА БИ МОЖЕЛА ДА СЕ ТРАНСФОРМИРА ВО СТРУЈА, БИ ГО ОСВЕТЛИЛА ЦЕЛИОТ СВЕТ“

дувал и почнал да ги решава најтешките проблеми во компанијата. Во 1885 година тој најавил дека може да го редизајнира неефикасниот мотор и генератор на Едисон, за да го направи полесен за одржување и поефикасен. Едисон му дофрлил: „Ќе има 50.000 долари за тебе – ако ти успее“. Тоа било необично. Едисон бил познат како скржавец и немал толку пари при рака. Но, Тесла се зафатил со работа и по неколку месеци ја завршил задачата. Но, наместо награда, добил одговор: „Тесла, ти не го разбираш нашиот американски хумор“. Наместо 50.000 долари, Едисон му понудил на Тесла зголемување на платата од 18 на 28 долари неделно. Измамен, ограбен и понижен, Тесла ја одбил понудата и го напуштил Едисон, но сиромаштијата го принудила повторно да се вработи во неговата компанија. Овојпат, не како инженер, туку како физички работник, да копа ровови за надница. Но, додека мускулите копале, умот цело време го развивал наизменичниот повеќефазен систем, кој го замислил уште во Париз во 1882 година.

Во 1887 година Тесла конструирал индукционен мотор на наизменична струја, ги развил принципите на Теслиниот трансформатор и почнал да работи за Џорџ Вестингхаус, на кого му се допаднале идеите за повеќефазна струја.

Тесла не го развил својот систем за безжичен трансфер на енергија како циркуска точка за да ги забавува посетителите на саемите. Во својата глава тој имал слика на светски систем во кој енергијата би се пренесувала без жици. Струјата би ја генерирале два извори, а спроводник би биле „разни природни медиуми“. На пример, можен ултравиолетов зрак би се користел да формира вертикален јонизиран канал во воздухот директно над предавателите и приемниците. Истиот концепт денес се користи за виртуелните молњи и за електроласерското оружје со електрошокови.

Можност да ги развива своите идеи Тесла добил во 1899 година, кога се преселил во Колорадо Спрингс и направил лабораторија за експерименти со високонапонски и високофреквентни струи. Во својот дневник тој ги запишувал експериментите за јоносферата и ползувањето на земјините струи преку трансверзални и лонгитудинални бранови. Тој докажал дека Земјата е спроводник и правел вештачки молњи, долги и по 40 метри и со напон од милиони волти. Успеал и безжично да пренесе енергија преку екстремно ниски фреквенции и пресметал дека резонантната фреквенција на Земјата е околу 6 херци (ова било потврдено дури по повеќе од 50 години). Светилките што ги поставувал директно во земјата засветлувале кога тој ќе го вклучел изворот на струја.

Тоа не било доволно. За да се пренесе енергијата до целиот свет, му бил потребен поможен извор на енергија.

Имал сон, немал пари. Во 1900 година, успеал да собере 150.000 долари. Од таа сума, 51 отсто биле пари од Џеј Пи Морган. Тоа подоцна ќе се покаже кобно, но Тесла можел да гради својот сон - кулата Ворденклиф. Нејзината намена била тројна – комерцијална трансатлантска безжична телефонија, радиопредавател и безжична трансмисија на енергија.

Изградбата на кулата му била доверена на прочуениот архитект Сенфорд Вајт, а Тесла лично ги надгледувал сите градежни работи. Веќе во 1902 година Тесла ги префрлил сите лабораториски операции во кулата. Според неговите процени, таа ќе можела да генерира електрична енергија од 100 милиони мегавати и да ги пренесува до која било локација користејќи ја Земјата како спроводник!

**Зрак на мирот - зрак на смртта.** Кулата, исто така, би можела да служи и како извор на „зракот на мирот“ - импулс со огромна енергија, која би можела сосема да уништи какво било оружје на огромна далечина. Под влијание на противниците на идејата за слободна енергија, медиумите веднаш го преименувале „зракот на мирот“ во „зракот на смртта“, иако Тесла бил убеден дека постоењето на таквиот штит би ги направил апсурдни сите војни.

Планирал предавателот да произведува електричен напон од 100 милиони волти и струја од 1.000 ампери. Ако оперирала на радиофреквенција од 2 мегахерци, енергијата ослободена при еден период од осцилацијата би била 100 милиони милијарди џули, енергија што би се ослободила при експлозија на 100 мегатони ТНТ.

### Заборавете вајфај-антени, користете светилки

Без оглед дали сурфате од мобилен додека пиете кафе на летна тераса, дали на работното место се мешаат вајфај-сигналите или, пак, можеби ги крадете од соседот, по правило трпите фрустрации поради пребавниот пренос на информации. Безжичниот интернет го користат сè повеќе луѓе и компании, па сè потешко е да фатите чист сигнал.
Но, радиосигналните се само едно делче од спектарот бранови што може да носат податоци.

Германскиот физичар Харалд Хас нуди решение, кое го нарекува „податоци преку илуминација“. Тој смета дека, слично на оптичките влакна, податоците може да се пренесуваат и преку ЛЕД-светилка, која би треперела побрзо отколку што може да забележат нашите очи. Слично на принципот на инфрацрвениот далечински управувач, само многу помоќно. Изумот на Хас, наречен „ди-лајт“, може да произведе трансфер на податоци од 10 мегабити во секунда, значи како широкопојасен интернет. Приклучувањето би било контролирано – ако ја гледате светилката, може да примате податоци од неа.




## ИАКО СИГУРНО ЌЕ СТАНЕЛ МИЛИОНЕР И ВЕРОЈАТНО ПРВИОТ МИЛИЈАРДЕР НА ПЛАНЕТАТА, ТЕСЛА ГО ИСКИНАЛ ДОГОВОРОТ ЗА ДА НЕ ГО УНИШТИ ВЕСТИНГХАУС, ЕДИНСТВЕНИОТ ШТО ВЕРУВАЛ ВО НЕГОВИТЕ ИДЕИ

„Разликата помеѓу струјата што е потребна за работа на, да речеме, машина за шиење и на струјата што би се употребила како метод за уништување е во дозирањето. Ако целата електрична енергија што ја користи машината за шиење при еден час работа се ослободи во еден милионити дел од секундата, таа ќе предизвика сосема поинаков, секако негативен, ефект врз машината... Таквиот предавател би имал капацитет да зрачи енергија на нуклеарна бојна глава. Која било локација во светот би можела да биде уништена со брзина на светлината“, напишал Цери Смит во својата книга „ХААРП: Врвното оружје на конспирации“, објавена во 1998 година.
Дури и да не го произвела „зракот на мирот“, кулата на Тесла секако би ги уништила сите мегабизнисмени од тоа време, кои печалеле огромни суми од продажбата на електричната енергија. Бесплатна енергија за целиот свет!
Но, тука се испречиле човечноста на Тесла и неговото катастрофално чувство за бизнис.
Кога неговиот главен финансиер Вестингхаус паднал во долгови, единствениот начин да се извлече е да престане да ги исплака давачките за интелектуалната сопственост на патентите на Тесла. Иако сигурно ќе станел милионер и веројатно првиот милијардер на планетата, Тесла го искинал договорот. Решил да не го уништува Вестингхаус, единствениот што имал храброст да го вложи своето богатство во визионерските идеи. Се откажал од огромна сума пари за да му овозможи на Вестингхаус да опстане и да продолжи да ја шири наизменичната струја низ светот. И не само тоа. Вестингхаус бил единствениот, кој во вистинско време би можел да обезбеди слободна енергија за сите во светот.



Генијалните умови, по непишано правило се катастрофални бизнисмени. Колку што биле хуманисти и идеалисти, толку биле и ужасни политичари

Кулата Ворденклиф никогаш не била довршена. Тесла немал доволно пари. Ја дал под хипотека и ги отпуштил работниците. Иако делумно оперативна, кулата почнала да пропаѓа. Со неа почнал да пропаѓа и Тесла. Во 1915 година му припаднала на Џорџ Болт, сопственикот на хотелот Валдорф Асторија, на кого Тесла му должел 20.000 долари. Конечно била уништена со динамит во 1917 година. Ја разнеле маринци, по наредба од Вашингтон, поради стравувањата дека ја користат или може да ја користат германски шпиони.
Тесла ја исцрпел својата енергија во свет што бил решен да ги отфрли сите негови слободоумни идеи. Но и денес сè уште свежо звучат зборовите на генијот: „Човештвото сè уште не е доволно развиено за да дозволи да биде водено од истражувачките чувства. Но, кој знае, можеби е подобро во овој денешен свет, революционерните идеи и пронајдоци, наместо да бидат помогнати, да бидат отфрлени од себични интереси, глупост и игнорантност, да бидат напаѓани, да поминат низ горки судови и трибунали, низ страдањата на комерцијалната егзистенција. Така ние ја црпиме нашата светлина. Сите велики нешта, кои порано биле исмевани, осудувани, напаѓани и отфрлени, се вратиле уште помоќно, низ страдањето до триумф“.

# Технологија



**Sony SmartWatch SDK со музички плеер и игри.** Постојат одреден број "паметни часовници" од кои некои се во развој, додека другите се достапни во продажба. Еден од нив е Pebble паметниот часовник, кој поради релативно ниската цена од 115 и 125 долари е распродаден во рекордно време.
За да остане во трка со својот паметен часовник Sony SmartWatch SDK, Sony издаде надградби - две нови проширувања во облик на музички плеер и логички игри.
Sony SmartWatch надградбата во форма на музички плеер овозможува директна контрола на репородукција на звукот на вашиот мобилен , ја прикажува песната која во моментот ја слушате, дозволува контролирање на јачината на звукот и движење низ песните, додека е поврзан преку Bluetooth со вашиот телефон. Бесплатната верзија на музичката надградба работи со Android vanilla музичкиот плеер, а се надеваме дека Sony наскоро ќе извади уште корисни надградби.

## Следната генерација iPad уреди со анти-рефлектирачки стакла



Истражувачите од Институтот за технологија од Масачусетс имаат развиено само-чистечко стакло без рефлексија и замаглување, кое би можело да биде идното решение за дисплеите на Apple. Во врска со тоа , MIT News известува дека " новиот начин на изработка на површинската структура на стаклото ја елиминира рефлексијата, создавајќи стакло кое е речиси непрепознатливо заради отсуството на сјајот од површината и можноста да ги отфрли капките од вода". Истражувачите се надеваат дека ќе имаат можност да изнајдат евтин начин на производство на ваквото стакло, што подоцна ќе може да се примени во производство на оптички уреди, екрани кај паметните телефони и телевизори, соларни панели па дури и на прозорците на зградите. Кога станува збор за Apple, новото стакло може да биде корисно во изработката на iPad, iPhone и iPod touch. Во април беше најавено дека Apple до крајот на следната година на пазарот ќе ги лансира комплетно редизајнираните iMac уреди, но овој пат со анти-флектирачки дисплеи.




**Ист, но подобар.** Новиот iPad пред се е производ за оние кои до сега сеуште немале искуство со користење на тој уред, а помалку за оние кој веќе ја поседуваат претходната верзија. iPad со безимен модел, како што беше и претходно со iPhone. Приказната се повторува: да се прошири базата на корисници со оваа верзија на iPad, која е надградена, а не нов модел.
Најголемо внимание пред претставувањето на новиот iPad предизвика најавата на новиот екран, кој е значително подобрување во однос на претходната верзија. Резолуција од 2048x1536 со 3,1 милиони точки, има за 44% поголема заситеност на боја во однос на iPad2. Ако толку точки се собрани во 9,7 инчи, на прв поглед не се забележува само изостреност на сликата, туку длабочина на боја која е невообичаена за екран. Ако одблизу погледнете во екранот, тешко дека ќе забележите некои точки. Таква деталност бара од Apple да ги надгради и подготви апликациите кои се испорачуваат како дел од стандардниот софтверски пакет. Кај iPhoto, потребно е само да се споредат иконите на старата и нова апликација: разликата е видлива, се забележува помалиот број точки. Исто така и острината на секој текст е далеку подобра отколку кај останатите екрани. Додека го држите iPad-от во раце, не е забележлива разликата во однос на постариот модел 2, но се забележува разлика во однос на првиот модел. Копчињата и приклучоците се на исто место. Неодамна надградениот оперативниот систем iOS 5,1, добро е познат на корисниците на iPhone и Apple компјутери. Тројката е малку подебела и потешка од двојката. Ако ги спoредиме: iPad 3: 241x186x9,4mm, 650 g; iPad2: 241x185,7x8,6mm, 601 g; iPad 1: 243,8x189,7x12,7mm, 680g. Под реномираниот екран на iPad се крие новиот двојадрен A5x процесор и четиријадрена графичка карта, за која Apple тврди дека е четири пати помоќна од конкурентската Nvidia Tegra 3. Ако се спореди Kindle Fire на Amazon, за кој се говореше дека е конкуренција на iPad, разликата е огромна. Со новата верзија, iPad го остава Fire далеку зад себе.

**Диктафон подобар од Siri.** iPad3 ја дели камерата со iPhone 4s, но не и контроверзната асистентка Siri. Таа за сега останува ексклузивно во мобилниот, но затоа iPad 3 доби можност за диктирање, па новиот gumb на виртуелната тастатура вклучува микрофон. Некои предвидуваат дека токму таа функционалност на iPad ќе побуди привлечност во очите на деловниот свет. Тестирањето на диктафонот на англиски покажува одлични резултати; iPad многу подобро ги разбира и препознава зборовите од Siri.



**Мобилната поддршка е проширена на 4G LTE мрежа.** Освен досегашната технологија, iPad 3 сега има и 4G LTE антена. Што за земјите кои имаат ваков тип мрежа, значи download до 73 Mbps. Освен 4G LTE iPad ги има и останатите антени што значи дека сега има вкупно четири, и дозволува пренос на податоци преку GSM / UMTS мрежите, HSPA+ со 21 Mbps и DC-HSDPA со 42 Mbps.



**Следната година DDR4.** Новата верзија на мемориски модули со ознака DDR4, ќе се појави во продажба в година, потврдува Микрон. За разлика од моменталниот мемориски стандард DDR3, DDR4 е енергетски поефикасен и работниот напон му започнува од 1,2 волти наместо 1,5 како што е случајот кај DDR меморијата, а и работните фреквенции се повисоки, па процесот на запишување, читање и освежување на податоците е поефикасен. Основната работна фреквенција на DDR4 модулот е 2.133 MHz. Се очекува конечната спецификација за стандардите да биде завршена до средина на летото, а првата голема испорака на DDR4 би требало да започне кон крајот на оваа година.

Се очекува DDR4 најпрво да биде достапен за сервери и десктоп компјутерите, за преносните компјутери во втората половина на следната година, а кај таблети и други преносни уреди ќе се појави подоцна. DDR4 меморијата не е директно компатибилна со DDR3, DDR2 и DDR, бидејќи користи поинаков физички интерфејс, работен напон, сигнални протоколи, итн.

**Нова iSight камера.** На многумина им е важно уредот да има добар фотоапарат, па тоа подобрување е дочекано со радост: модел iSight со пет мегапиксели со иста оптичка поддршка како кај iPhone 4s, пет елементи во објективот и IR филтер. Овозможено е снимање на 1080p видео. Сепак, во затворени простории не дава најдобри резултати, додека оние фотографии направени во природа се несомнено подобри. Со претпоставка дека камерата на iPad-от нема да се користи како камерата на iPhone 4s за секојдневно опуштено сликање, туку за видео разговори. Во деловното опкружување тоа може да послужи за видео конференции.



**Проблеми со прегревање?** Само неколку дена после излегување на пазарот, iPad ја разбранува јавноста: многу нови корисници се жалат на загревања. Тестовите покажуваат дека постои разлика во температурата на куќиштето помеѓу верзијата 2 и 3. Прекрасниот екран ве мами да гледате филмови а по подолга работа уредот се загрева, но уредот не се исклучува автоматски. Загревањето на iPad 3 не би требало да не чуди, бидејќи подобрениот процесор, графичка карта и екранот трошат многу повеќе, што доведува до значително загревање.

На крај останува прашањето во што е магијата што купувањето на еден производ го претвора во социокултурен феномен, што доведува до три милиони продадени примероци само во првите неколку дена?

Очигледно е дека јавноста копнее по уред со едноставен интерфејс и робустен оперативен систем.

Да, сака и модерен дизајн, голем спектар на содржини и апликации.

Или, едноставно, многумина само сакаат гордо да се пофалат "имам iPad". Дали е тоа само резултат на невиден медиумски и маркетиншки феномен кој го разработуваат сите економски експерти, усовршен производ кој пркоси на конкуренцијата, или комбинација од двете?

По многу технички карактеристики iPad3 не може да се гордее дека е најдобар во се. Новиот iPad дури крши неколку темелни правила на модерните гаџети: не е ниту потенок, ниту полесен, нема ниту поголем екран од својот претходник. Сосема спротивното, дури и со дискутабилно ефикасна батерија. По се, освен екранот, iPad 3 би требало да биде просечен производ. Потклекнува кога се споредува со различни Samsung таблети, но сепак магијата е тука со месеци пред да се појави новата верзија. iPad 3 ја прикажува еволуцијата на модерните уреди, чија иднина беше претставена во пресрет на заминувањето на Стив Џобс.



**Две слики на еден екран**

Тим на истражувачи од лабораториите на Мајкрософт, има развиено технологија за претставување на две одделни слики на еден екран. Зарем не би било убаво на истиот екран симултано да се гледаат две различни работи – еден корисник може да претпочита филм, а друг фудбалски натпревар? Идејата која стои зад оваа технологија е јасна, во зависност од аголот на гледање два корисника истовремено гледаат две различни слики на еден екран. Иако изгледа неверојатно, на истражувачите од Редмонд тоа им успеало да го направат на обичен LCD дисплеј. Решението е комплетно софтверско и е применливо на повеќето постоечки LCD екрани, единствено од корисникот се очекува да го прилагоди вистинскиот агол на гледање за да ја добие посакуваната содржина.

сурфај и

# сподели

интернет со кого сакаш

брзини и над 10 Mbps

пакет со месечна претплата од 0 ден.




## Одбери пакет, вклучи го рутерот и сурфај!

Едноставно вклучи го безжичниот рутер и сподели интернет со сите WiFi уреди во твојата близина. Сурфај со брзини и над 10 Mbps, одбери пакет со месечна претплата од 0 денари! За повеќе информации јавете се на (02) 55 11 155 или (02) 55 11 188, кликнете на www.neotel.mk, дојдете во нашиот продажен салон во Скопје или посетете ги нашите застапници низ Македонија.

neotel®

телекомуникациски оператор

# Опра: Кралицата не се плаши да падне

**Како е можно некој, па било тоа и првата дама на Америка, да не ѝ понуди парче од „најдобрата пита на светот" на најголемата поборничка за правата на жените и на децата. Жената што девет пати едноподруго била на престижната листа на „Тајм". Јавноста, од друга страна, е вџашена како е можно едно парче пита да предизвика бес кај жената што изненадува, шокира и провоцира, која целата слава ја стекна токму со својата отвореност**



Пишува Митко Биљаноски

Ако се чини дека сѐ оди на добро, очигледно, сте пропуштиле нешто, вели еден Марфиев закон.

Работите, секако, тргнаа на лошо за Опра Винфри. Со години највлијателната жена на американската естрада -па и во Америка воопшто, рамо до рамо со првите дами – беше изоставена на најновата листа на списанието „Тајм" на 100 највлијателни лица во светот. Таа беше на сите претходните листи (девет пати, повеќе од Барак Обама, Хилари Клинтон, Стив Џобс и Далај-лама), со што, конечно, е прекинат перфектниот рекорд.

Главната причина поради која Опра беше исфрлена од листата не е прекинувањето на нејзиното шоу. Тоа се три букви - ОВН. Пред да го заврши своето шоу, тоа беше најгледаната телевизиска емисија во Америка. Но, точно една година откако се повлече од екраните, таа има сериозни тешкотии да ја придвижи од мртва точка својата телевизиска мрежа „Опра Винфри нетворк". Очигледно, нејзината телевизија не привлече масовна публика која очекуваше повеќе од брендот Опра. „Кралиците не се плашат да паднат. Неуспехот е уште едно скалило до врвот",

велеше самата кралица на американската естрада. Но, се покажа дека нејзиното име, само по себе, не било доволно.

И, како по навика, во вакви ситуации проблемите доаѓаат во низа. Во претходниот изборен циклус, пред четири години, Опра значително му помогна на Обама да ја забележи својата историска победа. Го прегрнуваше во своите емисии, отворено го поддржуваше и на својата армија бели обожаватели им порачуваше дека нема ништо лошо ако првпат гласаат за да изберат кандидат со темна кожа во Белата куќа.

Во екот на кампањата за реизбор на Обама, Опра веќе не е толку добредојдена во Белата куќа. Причините – спорот со првата дама Мишел Обама, тврди Едвард Клајн во својата нова биографска книга „Обама во Белата куќа“. Клајн тврди дека на Мишел ѝ пречело тоа што Опра се чувствувала премногу заслужна за успехот на Обама, почнала да се плетка во Белата куќа, па дури давала и совети како да се редекорира највлијателниот дом во светот. А кога побарала интервју од Мишел, била шокирана кога таа и нејзината продуцентка Гејл Кинг повеќе немале ВИП-статус – морале да чекаат како обични гости во чекалницата. А, кога, конечно, биле примени, трите почнале да разговараат, типично за жени што се сметаат за домаќинки – за пити.

„Бизарно, Мишел спомнала дека готвачите во Белата куќа ја прават најдобрата пита во светот. Но, на Опра и на Гејл не им понудила парче!“, тврдат изворите на Клајн.

Но, уште поголеми искри предизвикал друг инцидент, во врска со темата што (покрај возраста) не се спомнува пред дама. Опра ја поканила Мишел во нејзината емисија да говори за кампањата против дебелината кај децата. Мишел ја одбила, наводно, поради тоа што самата Опра има проблем со својата линија. На својата најверна пријателка Гејл ѝ кажала: „Мишел мрази дебели луѓе и не сака да се плеткам околу Белата куќа“.

Кај Опра се врати бесот. Како е можно некој, па било тоа и првата дама на Америка, да не ѝ понуди парче од „најдобрата пита на светот“ на најголемата поборничка за правата на жените и на децата. Жената што девет пати едноподруго била на престижната листа на „Тајм“.

Јавноста, од друга страна, е вџашена како е можно едно парче пита да предизвика бес кај жената што изненадува, шокира и провоцира, која целата слава ја стекна токму со својата отвореност.

„Бев кутро мало црно детенце со влакнеста глава... Немав ниту фустан ниту чевли од продавница... До мојата шеста година единствена играчка ми беше кукла направена од клас пченка и чепкалки“, го опишуваше Опра во својата емисија детството во Мисисипи, американска сојузна држава за која се смета дека има највисока стапка на расизам во светот.

„Бевме толку многу сиромашни што не можевме да си дозволиме да имаме куче или мачка, па чував две лебарки како миленичиња. Ги чував во вазна и ги викав Мелинда и Сенди“. Раскажуваше како носела вода од бунар, за бабата и за дедото кои ѝ се заканувале и ја удирале со стап.

Но, во биографската книга на Кити Кели, исповедта за „Опрелашка“ категорично ја урива нејзината сестра Патриша.

„Секако дека не бевме богати. Но, Опра претерува, веројатно, за да привлече колку што е можно поголема публика и повеќе симпатии. Никогаш немала лебарки за миленичиња. Секогаш имала куче. Имаше и бела мачка, јагула во аквариум и папагал, кого го учеше да зборува“, вели Патриша.

Нејзината тетка Катарина Кар Истер, пак, ги отфрла тврдењата дека Опра растела без семејна грижа.

„Опра растеше како единствено дете, со грижа од сите нас. Не ми е познато од каде ѝ се бесмислиците дека растела во гнасотии. Ниту некој ја тепал ниту растела без кукли и фустанчиња. Ја сакам Опра, како и сите добри дела што ги прави за другите, но не ги разбирам нејзините лаги. Лаже со години“, вели тетка ѝ.

Таа ги отфрла и тврдењата на својата внука дека поради потемната кожа морала да спие на задниот трем на пансионот, додека сестра ѝ, која имала посветла кожа, спиела со мајка си во спалната.

„Тоа ме вознемирува повеќе отколку лагите за лебарките и за куклата од пченкарен клас. Опра спиеше на тремот само поради тоа што Вернита мораше повеќе да се грижи за новородената ќерка“.

Кити Кели, која добила низа награди за своите биографии на славни личности, како што се Елизабет Тејлор, Френк Синатра, Ненси Реган и семејството Буш, вложи три години работа за книгата што, едноставно, е насловена „Опра“. За да ја изработи биографијата, Кели ги анализирала сите интервјуа на Опра што таа ги дала во разни медиуми низ светот, собрала повеќе од 3.000 документи.

„Факт е дека биографијата, во основа, е инвазија врз нечиј живот, па разбирам зошто неавторизираните биографии предизвикуваат бес. Таквите творби нудат независен приказ. Не се клечи и поклонува пред јавните личности кои



**Роднина на Елвис!?**
Опра постојано кажува дека е роднина со Лиз Мари, ќерката на Елвис Пресли, ама тоа е апсолутна лага. Вистина е дека имаме роднини со презиме Пресли, но тие не се во крвно сродство со Елвис. Опра го знае тоа, ама сака да ја шири лагата дека му е роднина на Елвис, зашто така смета дека е подобра отколку што е. Кога ја прашав зошто зборува такви лаги, таа ми одговори: „Тоа сакаат да го слушнат луѓето. Вистината е здодевна. Луѓето не сакаат да се здодеваат. Повеќе сакам драматични приказни“, раскажува тетка и Катарина.





навикнале да им се обраќаат со почит. Ни Опра Винфри не се разликуваше“, пишува Кити Кели.

На веста дека Кели ја пишува нејзината биографија, Опра реагираше воздржано: „Ова е Америка. Јас не учествувам во тоа. Ако некој сака да напише книга, нека напише“, но подоцна додаде дека веќе знае оти книгата ќе содржи „куп невистини“.

Сè уште нема коментар од Опра за новата биографска книга на Клајн, чии исечоци објавува весникот „Њујорк тајмс“.

Но, дури и нејзините најголеми обожаватели се прашуваат како е можно жената со најгледано шоу во историјата на телевизијата, која со години беше меѓу највлијателните во светот, која заработи огромно богатство без да добие наследство или да се омажи за милијардер, чија прегратка може да реши избори и која е идол на жените низ светот - да збесне поради парче пита. Особено кога самата ја отвораше својата интима и пред милиони гледачи споделуваше детали за претрпените сексуални малтретирања, за интимните врски, па и за прекумерната тежина. Можеби, тоа е причината за падот на рејтингот на ОВН.

Ако се чини дека сè оди на добро, очигледно, сте пропуштиле нешто.

1

„Повикуваше момчиња дома преку ден, кога мајка и беше на работа. Момчињата беа многу постари од неа. Кога ќе стасаа пред врата, Опра на мене и на помалиот брат Џефри ќе ни дадеше сладолед и ќе побараше да си играме на тремот. Не знаев што прават се додека не потпораснав. Потоа ми кажуваше дека прави ’коњ’, како што го нарекуваше сексуалниот чин. Помина уште многу време пред да откријам дека Опра го прави ’коњот’ за пари“, раскажа сестра и

2

„Секако дека не бевме богати. Но, Опра претерува, веројатно за да привлече што е можно поголема публика и повеќе симпатии. Никогаш немала лебарки за миленичиња. Секогаш имала куче. Имаше и бела мачка, јагула во аквариум и папагал, кого го учеше да зборува“, вели Патриша.

3

**Тајната за изгубениот Винсент**

Опра призна дека била промискуитетна во пубертетот, дека на улица наоѓала мажи заради секс, затоа што барала внимание. Во зимата 1968 година, таа почнала да се жали дека и е студено. Била бремена. Во првата половина од бременоста криела, а во втората настојувала да се повреди за да го изгуби плодот. На татко и му кажала дека ја нападнал неговиот брат и оти тој веројатно е татко на детето. „Сите во семејството го прикриваа тоа. Бев позната како промискуитетна личност, а сметаа дека за тоа самата сум виновна. Предмет на разговорите стана кој е таткото на детето, а не напатствувањето “, раскажа самата Опра.

Поради стресот, Опра добила трудови во седмиот месец од бременоста. Вечерта на 8 февруари 1969 година, неколку дена по нејзиниот петнаесетти роденден, Опра роди машко дете, кому му даде име Винсент Мигел Ли. Но, никогаш не го видела. Ја напуштила болницата по два дена. Новороденчето починало по 38 дена. Само малкумина знаеле за тоа.



**„ФАКТ Е ДЕКА БИОГРАФИЈАТА ВО ОСНОВА Е ИНВАЗИЈА ВРЗ НЕЧИЈ ЖИВОТ, ПА РАЗБИРАМ ЗОШТО НЕАВТОРИЗИРАНИТЕ БИОГРАФИИ ПРЕДИЗВИКУВААТ БЕС. ТАКВИТЕ ТВОРБИ НУДАТ НЕЗАВИСЕН ПРИКАЗ. НЕ СЕ КЛЕЧИ И ПОКЛОНУВА ПРЕД ЈАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ, КОИ ПРИВИКНАЛЕ ДА ИМ СЕ ОБРАЌААТ СО ПОЧИТ. НИ ОПРА ВИНФРИ НЕ СЕ РАЗЛИКУВАШЕ“, ПИШУВА КИТИ КЕЛИ.**




## Лаги за „Оскар“

Откако во летото 1986 година го сними филмот „Бојата на пурпурот“, една недела пред премиерата Опра реши да сними емисија за силувањето, инцестот и за сексуалното малтретирање. Таа емисија беше пресвртница во нејзината кариера – доби аура на жртва што извојувала победа над несреќата. Тоа ѝ го отвори патот да стане прва црнка чие богатство се мери со милијарди, но и светска икона.

Во студиото постојано беше непредвидлива. Во декември 1985 година, Опра ја претстави својата гостинка, младата Лори, и го отвори разговорот со констатацијата дека секоја трета жена во Америка била сексуално малтретирана или нападната.

„Значи, влезе во собата и почна да ве милува? За деветгодишно девојче мора да било многу страшно да има сексуален однос со таткото“, ја праша Опра својата гостинка, а таа молкум кимна со главата. Потоа Опра дојде кај публиката и ѝ го даде микрофонот на една средовечна жена, исто така, бела Американка, за да каже: „И јас бев сексуално малтретирана“. Во тој момент, Опра ја прегрна гостинката и заплака: „И јас го доживеав тоа. Факт е дека сите тие несреќни искуства го оформија мојот живот“.

Опра ја окриваше својата тајна, а светот чувствуваше како излегуваат сите болки од душата: „Ми беше роднина. Јас имав девет години, а тој деветнаесет. Дома немаше никого. Не знаев што се случува, никогаш немав видено маж. Сепак, знаев дека се случува нешто лошо кога со раката тргна надолу за да ме допира и притиска. Моето молчења го купи со влезница за зоолошката градина. Се сеќавам дека ме болеше и оти кравев до зоолошката“.

Раскажа како подоцна ја злоупотребило и момчето на нејзината роднина, а потоа и чичко ѝ.

„Постојано бев злоупотребувала, од мојата деветта до четиринаесеттата година“, додаде. Нејзината исповед стана прва вест во Америка и, главно, доби поддршка за искреноста и отвореноста. Нејзините роднини категорично ги демантираа овие обвинувања, а скептиците се сомневаа дека таа се обидува да ја омекне јавноста за да добие на популарност поради филмот, како „голема реклама за 'Оскар'“.

Години подоцна, роднините не само што повторуваат дека исповедта на Опра била лажна, туку додаваат дека таа како мала правела сѐ, навистина сѐ, за да добие пари. „Повикуваше момчиња дома преку ден, кога мајка ѝ беше на работа. Момчињата беа многу постари од неа. Кога ќе дојдеа пред вратата, мене и на помалиот брат Џефри, Опра ќе ни дадеше сладолед и ќе побараше да си играме на тремот. Не знаев што прават сѐ додека не потпораснав. Потоа ми кажуваше дека прави 'коњ', како што го нарекуваше сексуалниот чин. Помина уште многу време пред да откријам дека Опра го прави 'коњот' за пари“, раскажа сестра ѝ Патриша. По ова, сестрите се скараа и сѐ уште не ги нормализирале односите.



1971-1984: Опра почетник репортер



**1971.** На возраст од 17 години се вработи како хонорарна презентерка на телевизиската станица WVOL во Нешвил.
**1976.** Стана водителка на вестите во 17 часот на телевизијата WLAC во Балтимор.
**1978.** Дебитира со сопствена емисија „Луѓето раскажуваат“ на WLAC.
**1983.** Сесели во Чикаго, на телевизијата WLS, за да ја води емисијата „АМ Чикаго“. Наскоро емисијата стана најгледано локално ток-шоу.
**1985.** Глуми во филмот „Бојата на пурпурот“.
**1986.** Го смени името на емисијата во „Опра Винфри шоу“ и ја прошири на едночасовен термин на националната телевизија.
**1987.** Во една епизода делеше награди на луѓе од

2007-2011: Следните нивоа на Опра

**Клуч**
- Многу посебни епизоди
- Контроверзни моменти
- Зградата Емпајер
- Скок на гледаност
- Купи друга куќа
- Кулминација




1985-1987: Обука за разноврсност на Опра



публиката, во зависност од бојата на очите.
**1988.** Во епизодата „Санот за диета се остварува“ се појави на сцената со цел вагон сало.
**1992.** Објави свршувачка со сојот пријател Стедман Греем, за кого потоа не се омажи.
**1993.** Сведочи на церемонијата на која претседателот Бил Клинтон го потпиша новиот закон за заштита на децата од сексуално малтретирање.
**1996.** Ја избира „Длабочините на океанот“ како прв избор за Клубот на читатели на Опра.
**1997.** Ја основа мрежата Ејнџел, како филантропска организација.
**1998.** Го доби спорот против Биг биф - фармери што ја тужеа поради нејзини изјави за болеста кравјо лудило.
**2000.** Го основа „О: Магазинот на Опра“, на кој се појавува на секоја насловна страница.
**2004.** Извикува: „Сите добивате автомобил! За секого автомобил!“ и на сите присутни гости во студиото им подарува по еден „понтијак г-5“.
**2005.** Го разоткрива Џејмс Фреј, човекот што ги измисли своите мемоари. Том Круз во нејзината емисија скокаше по каучот. (Може и без ова)
**2006.** Лудакрис, 50 Сентс и Ајс Кјуб ја обвинија дека има предрасуди кон хип-хопот, а таа одговори дека го сака Каније Вест.
**2007.** Го поддржа Барак Обама и придонесе за неговата победа на претседателските избори.
**2011.** На 25 мај го заврши своето шоу.

1988-1995: Опра - терапевт

2000-2006: Опра го живее својот сон

1996-1999: Опра - гуру



| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | | | | ■ | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | ■ | | | | | | | ■ | | | | | | ■ | | | |
| 3 | | | | | | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | | | |
| 4 | | | | | ■ | | | | | | | | | | ■ | | | | | | ■ | |
| 5 | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | | | ■ | | | | | |
| 6 | | | | ■ | | | | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | |
| 7 | | | | | | | ■ | | | | | ■ | | | | | | | | ■ | | |
| 8 | | | | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | | | | | ■ |
| 9 | | | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | | | ■ | | | |
| 10 | | ■ | | | | | | | ■ | | | | | | | ■ | | | | | | |
| 11 | ■ | | | | | | | ■ | | | | | | | | | ■ | | | | | |
| 12 | | | | ■ | | | | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | |
| 13 | | | ■ | | | | | | | | ■ | | | | | | | | | | ■ | |
| 14 | | | | | | ■ | | | | | | | | | ■ | | | | | ■ | | |
| 15 | | | | | | | ■ | | | | | | | ■ | | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | | | | | | ■ | | | | | | | | | | |

**Хоризонтално**

**1.** Црковна област под управа на митрополит - идолопоклонство

**2.** Град во Хрватска - шпански конквистадор, Франциско - наш композитор, Дамир - англиски утопист, Томас

**3.** Соли на азотната киселина - муза на астрономијата - главен град на Турција

**4.** Река во Нигерија - неправилност - наречје, дијалект - автознак за Белгија

**5.** Знак за олово - вид отровен алкалоид - самофалба (разг.) - бесценети

**6.** Обединети арапски емирати - подземна река во грчка митологија - чешки атлетичар, Емил - холивудски актер, Роберт

**7.** Германски физичар, Филип - град во Германија - претсмртно бунило - египетски бог, Амон

**8.** Наша модна креаторка, Коцева - бродско јаже - вид вулканска карпа

**9.** Притока на Дунав - полусвилена ткаенина со риги - самогласка - низ, серија

**10.** Температура - дел од телевизор (мн) - планина во Бурма - примитивна направа за предење (мн.)

**11.** Артисти - вид влечуга која живее покрај реките - невестински венец

**12.** Автознак за Словенија - американска писателка, Маргарет - австриски диригент, Херберт фон - американски рапер, Фифти

**13.** Еторе Скола - член на горен дом на парламент - тркач на долги патеки - автознак за Австрија

**14.** Град во Грција (Флорина) - правец во музиката - пражител на Шпанија - Иван Точко

**15.** Чешел за лен - автомати - битолско село

**16.** Справа за мерење јачина на боите - работник во топилница

**Вертикално**

**1.** Воведувач на монопол - холивудски актер, Том

**2.** Руска атлетичарка, Елена (скок со стап) - вулкан во Галапагос

**3.** Екс Ју револуционер, Јосип Броз - наша екс раперка - шкотска игра

**4.** Дел од шпорет - господар (грч.) - обоено во сина боја

**5.** Стара мерка за тежина - земја (лат.) - изработувач на ремени

**6.** Знак за фосфор - карти за гатање - вид боен отров - Клинт Иствуд

**7.** Народна обувка - панично лице - метар

**8.** Холивудска актерка, Ремик - опојни средства - италијански кошаркарски тренер, Месина

**9.** Иноватори - клокотење

**10.** Пријател, другар (тур.) - вид морски полжав - река во Австрија

**11.** Езеро во Азија - млеко што се зема од бачило - зимзелено дрво

**12.** Град во Нигерија - минерал пронајден во Атакама

**13.** Имагинарна единица - лекар (грч) - скаменет корал

**14.** Разговор меѓу неколку луѓе - лица што вадат - автознак за Охајо

**15.** Град во Украина - археолошки локалитет во Албанија - Грегори Пек

**16.** Линда Еванс - список на имиња, адресар - членови на католичката црква

**17.** Град во Романија - вајар - шведски хемичар, Алфред

**18.** Американски артист, Рој - неплоден - светлечки гас

**19.** Рендген - работник во коксарница - слатки јадења

**20.** Подрачје под власт на имам - жител на Иран - ништо (тур.)

**21.** Автознак за Јордан - храм на божицата Атена - хрватска нафтена индустрија

**22.** Арапско писмо - тиран, самодржец

Решение од минатиот број

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Л | О | М | О | Н | О | С | О | В | ■ | С | К | А | Н | Д | И | Н | А | В | И | Ј | А |
| А | П | А | Р | А | Т | ■ | Д | Е | С | П | И | Н | А | ■ | Д | А | Р | И | Т | Е | Л |
| К | А | Р | Е | В | ■ | Т | О | Л | У | О | Л | ■ | Ф | Р | Е | Д | Е | ■ | И | Л | И |
| О | Р | ■ | Л | И | Б | О | Р | ■ | К | Р | И | С | Т | Е | Н | ■ | П | О | Р | Е | З |
| С | Т | А | ■ | К | О | К | А | И | Н | ■ | М | Р | А | З | ■ | Ж | И | В | И | Н | А |
| Т | ■ | С | П | И | Р | С | ■ | М | А | Р | И | Е | ■ | И | Р | Е | Н | Е | ■ | А | Р |
| А | Л | Е | А | ■ | Д | И | Н | А | Р | И | ■ | Д | И | Л | Е | Т | А | Н | Т | ■ | И |
| ■ | А | С | Т | Р | О | Н | О | М | ■ | А | Н | А | С | А | С | О | ■ | А | Р | А | Н |
| И | З | О | Л | А | ■ | И | В | А | Ј | Л | О | ■ | А | К | О | Н | И | Т | И | Н | ■ |
| Н | А | Р | А | С | Т | ■ | А | Т | А | Т | У | Р | К | ■ | Р | И | Н | О | Л | О | Г |
| Т | Р | И | ■ | П | Р | И | Т | ■ | Б | О | Л | Е | С | Т | И | ■ | К | С | Е | Н | О |
| Е | О | ■ | Г | Р | Е | В | О | Т | А | ■ | С | Л | О | Ј | ■ | К | А | Т | Р | И | Н |
| Л | ■ | Г | Л | А | В | А | Р | И | Н | А | ■ | А | Н | У | Б | И | С | ■ | И | М | И |
| С | А | Р | А | В | О | Н | ■ | Г | А | Л | О | Н | ■ | Н | А | Р | О | Д | ■ | У | Т |
| А | Т | И | Н | А | Г | О | Р | А | ■ | К | О | С | Т | Е | Л | О | ■ | О | К | С | И |
| Т | А | Н | Ц | ■ | А | В | Е | Н | Т | И | Н | ■ | К | Р | А | С | Н | О | П | И | С |

## Овен

21.03-19.04

Се наоѓате во креативна фаза и забрзано ги договарате работните задачи. Поради големата амбиција повремено успевате да ги преминете основните правила или да ги спроведувате по сопствена желба, без претходна консултација со соработниците. Во љубовниот живот упорно се обидувате да покажете авторитет пред својот партнер. Постои личност која влијае премногу провокативно врз вашето емотивно расположение. Исфилтрирајте ги своите мисли и чувства пред да донесете нова одлука.

## Рак

21.06 - 22.07

Чувствувате прилив на креативна енергија, но не можете да се помирите со просечните резултати на работното место. Добивате поддршка од околината, а соработниците веруваат во вашето знаење и во професионалните способности. Доколку вашите чувства се наоѓаат пред разумот, тоа претставува добар предзнак. Направете сè што е потребно за да ги разубавите односот со саканото лице. Потрудете се да изгледате заводливо и привлечно. Љубовниот живот ќе разбуди нова енергија во вас.

## Вага

23.09 - 23.10

Дејствувате на сите страни и знаете како да им ја пренесете својата креативна идеја на луѓето кои ве опкружуваат. Способноста за ефикасно приспособување претставува голема предност во бизнис-средбите. Верувате во своите заводливи вештини, но не сакате да се ангажирате околу минливи вредности. Ви недостигаат присуството на одредена личност и емоционалните симпатии. Имате несекојдневни идеи и сакате да го импресионирате саканото лице.

## Јарец

22.12 - 19.01

Премногу сте горди за да проговорите за одредени прашања што ја отежнуваат вашата бизнис и социјална ситуација. Доколку ви е важно да ги зачувате рејтингот и добрите бизнис-врски, прифатете ја можноста за разумен договор. Во љубовта нема потреба да се преокупирате со илузии и со нечии ветувања. Премногу мечтаете за лице кое е недостижно за вас. Смирете ги страстите и прифатете ја реалната слика за саканото лице.

## Бик

20.04-20.05

Ангажирани сте на различни страни и со будно око ги следите новите случувања на работното место. Потребно е да си направите приоритетна листа во договор со соработниците, зашто само така рационално ќе ги искористите знаењето и енергијата. Корисните информации можат да ви го олеснат патот до деловниот успех. Важно е своите идеи да ги пласирате на вистинско место. Доколку се грижите за емотивното зближување или смирување со саканото лице, употребете ги скриените атрибути.

## Лав

23.07– 22.08

Дејствувате многу енергично и активно учествувате во различни случувања на деловната сцена. Знаете како да постигнете корисни цели и имате големо влијание врз соработниците. Динамиката на деловните случувања наметнува забрзано темпо и бара приспособување. Се наоѓате во фаза на љубовна инспирација. Емотивниот занес што го чувствувате ви буди желба за љубовна средба. Доколку не сте во врска, очекувајте „неочекувана средба“ или телефонски повик.

## Скорпија

24.10 - 22.11

Внимателно анализирајте ја целата ситуација на работното место и проценете ги своите можности. Се фокусирате на дефинирањето на професионалните вредности и на остварувањето на своите цели. Обрнете внимание на корисните информации. Прифатете ги новите емотивни сигнали или нечија љубовна порака. Обидете се да ја предвидите реакцијата на саканото лице. Спонтаноста во изразувањето на чувствата ќе има позитивен ефект врз вашата врска. Потпрете се на вашите чувства.

## Водолија

20.01 - 18.02

Се наоѓате во одлична форма и имате интересни идеи. Со примена на рецептот за успех ќе постигнете резултати во бизнисот и во финансиската соработка. Потребен ви е добар поттик или нешто што ќе ве поддржува во клучните ситуации. Вашата добитна комбинација е мешавина од добри и корисни работи во различни насоки. Љубовните правила се менуваат, дозволено е сè што доведува до заемно задоволство и среќа. Емоционалната состојба ќе ги одредува вашите желби и способности.

## ВРЕМЕПЛОВ

**22 МАЈ 1885**



**Во Париз умре Виктор Иго, основач на францускиот романтизам во 19 век. Негови најпознати дела се „Клетници“, „Ѕвонарот на Богородичната црква во Париз“ и др.**

**24 МАЈ 2007**



**Умре пијанистот Бен Вајсман кој напиша или беше коавтор на околу 60 песни на Елвис Присли. Тој компонираше и музика за филмовите во кои што глумеше „кралот на рокенролот“.**

**22 МАЈ 1918**



**Германски воени авиони го бомбардираа Париз. Во историјата, тоа беше прво авионско бомбардирање на еден главен град.**

## Близнаци

21.05 - 20.06

Сакате да придобиете нечија доверба од деловниот круг. Информациите што ги чуваат не се сигурни критериуми, но без предизвик не постои бизнис-афирмација. Ќе имате тенденција на чести промени во однесувањето и во расположението. На љубовен план копнеете по емотивна слобода или можност да ви се остварат љубовните желби, но случувањата не одат во таа насока. Тешко ви оди усогласувањето на вашиот љубовен ритам и на афинитетите со саканото лице.

## Девица

23.08 - 22.09

Имате чувство како да се наоѓате над другите и самоуверено ги одбивате различните приговори кои не се по ваша волја. Прекумерното инсистирање на личните интереси го привлекува вниманието на околината и ви создава дополнителни проблеми со бизнис-соработниците. Нема потреба да верувате дека среќата доаѓа кога најмалку очекувате или без одобрување од вашето семејство. Треба да го контролирате емотивниот занес, внимавајте на нечии коментари. Ќе го менувате расположението.

## Стрелец

23.11 - 21.12

Сега сте во фаза на креативен подем и се грижите да се подобри вашиот бизнис или социјален статус. Смислете добар план и мудро чекајте да дојде моментот за бизнис-преговори. Сè се сведува на прецизно планирање и на ефикасна примена на успешната формула. Важно е да имате добра концентрација на деловните состаноци. Зрачите од позитивна енергија и знаете како да привлечете нечие внимание. Изгледате доволно привлечно за околината.

## Риби

19.02 - 20.03

Дејствувате енергично пред околината и се обидувате да се вклопите во различните бизнис- интереси. Важно ви е да го зачувате добриот бизнис-рејтинг, но не се согласувате со нечие условување. Потребно е да одредите јасни граници меѓу своите интереси и бизнис-стандардите наметнати од група соработници. Не сакате премногу да го анализирате љубовниот живот, не ви се допаѓа кога некој ви го ограничува изборот. Кај вас, психолошкиот и емотивниот притисок создаваат спротивен ефект.

# Каде си таков си

Гласовите ги позајми
Огнен Георгиевски

To: cickokoco@yahoo.com
Subject: **за навиките**
Date: 14/05/2012

Драг чичко Кочо,

Се стаписав кога налетав на твоето име меѓу интернет-вестите, па сакав да прашам дали сте добри со тета Гога? Тепачка?! За паркинг-место?! Колку ми е жал кога читам такви работи: како да не важат никакви закони, како да не сте в град, како да живеете во анархија! А, човек се приспособува на средината, каква и да е, па сите само придонесуваат соодветно. Колку и да верувам во воспитувањето на моите родители, кои отсекогаш инсистираа на тоа дека секој мора да има лична одговорност за своите постапки и однесување, не можам да го заборавам влијанието на средината.

Кога дојдов овде, ми требаше само еден ден за да се привикнам на тоа дека автобусите доаѓаат навреме: за еден ден, јас очекував да има автобус, за мене, навреме. За непoлн викенд, се навикнав да се смешкам и да викам „благодарам" и веќе не ми е по ќеф ако некој не ми каже „повелете" дури и за најмала ситница. За чекање во ред, и да не зборувам: каде и да сум, без разлика дали брзам или не, се навикнав да застанам во ред и да чекам. И ако некој се направи на три и пол и се обиде да се шмугне преку ред, јас прв се бунам.

Понекогаш, тешко, но, сепак, на крај, однесувањето се менува. Со секоја изминатата година, кога одам на гости кај „наши" луѓе, сè почесто морам да си ги оставам чевлите на врата. На времето, кога дојдов, бев еден од ретките што се изненадуваат кога ќе им се објаснеше дека „чевлите може да се остават кај вратата". Јас, дома, никогаш не сум ни помислил да им кажам на гостите да се соблекуваат на врата. Овде, речиси сите прават така. Отпрвин ми беше чудно; потоа, решив ќе држам отпор, па со мене секогаш влечев влечки. Помина некое време, ги оставив влечките. Малку подоцна престанав да се дотерувам за на гости. Која е поентата? Фризура, сако, убава кошула, со девојка со внимателно избран фустан и долу бел чорап! Еден мој пријател, пак, по оброкот го фрла чаршафот, затоа што е евтин, па може да си дозволи нов.

Дури и најдлабоко врежаните навики од кај нас (како што е, на пример, навиката, ако може - да поминеш најевтино), полека се менуваат. Првпат кога поминав покрај една метро станица, забележав дека влезот за трамваите е сосема отворен: ни ограда ни капија. Да претрчам и веќе сум во станицата - што ќе ми е слободна?! А, никој не го прави тоа. Има казна, сите знаат кои се санкциите, па никој не сака ни да рискира. Се разбира, јас се шмугнав и ме фатија. Сега, по 500 долари, имам 500 причини повеќе и да не помислам на таа навика. Како не ми светна порано дека има камера?

Знам дека овде тоа е така, затоа што со години некој го градел тој систем, таа средина која нè тера сите нас да се однесуваме така. Кај нас е друга приказна... Сепак, се надевам дека виновникот ќе одговара пред законот!

Поздрав, Тоше



To: todorce@gmail.com
Subject: **Re: за навиките**
Date: 15/05/2012

Тошко, синко

Би се изненадил колку не се адаптираат некои луѓе! Некои селани, на пример! А, бре, знаеме и кој е и кој му е врска и колку пати досега ми издишувал гуми и колку брисачи ми украл, ама тротоарот не му го давам! Нека тепа, нека мава, ама не го давам и точка! Тој, научен од тоа селото од каде што дошол, „лимузината" да ја истопори пред порти, цело село да се чуди и да гледа, па со цел памет си загради дел од тротоарот за себе и мисли ќе му молчиме. А, бре, не му го давам тротарот и крај! Колку е негов, толку е и мој! И знам дека ги има сите врски, ама мене Стјуарт ми вети дека ќе зборува со градоначалникот. Инаку, Стјуарт е новиот потстанар, се всели неколку месеци по тебе. Тука е „на проект", на неколку години. Од некое мало гратче, од Австралија е, заборавив точно од каде. Дете од фамилија, се гледа. И - се адаптира. Како што викаш ти: се менува, брзо учи. Македонскиот му е смешен, ама напредува. За некои работи - не се дава. На пример, зиме-лете, Стјуарт задолжително се туширa наутро. Џабе му вика тетка ти Гога дека ќе настине. Дење - ноќе Стјуарт шета насмеан. Не знам што треба да му се случи, за да ти се пожали. Ама, за некои работи, дефинитивно, попушта. Порано, по работа, одеше директно в соба, да го доработи тоа што го има за следниот ден, па потоа сè друго. Сега го гледам, првин ќе дојде на ракиичка, на тераса, со мене и со Гога, па потоа сè друго. Кога ми се исправи, пред некој ден, со канта беровско сирење - некој од тие преведувачите, кај нив, на работа, го однел во кафеана и Стјуарт сфатил каква идеална комбинација се ракијата и сирењето...

Во право си, се адаптираат луѓето на средината. Особено сега, со сите овие глупости со паркинг- местово, со Стјуарт често си муабетиме за хаосот околу нас. Муабетов - трошка македонски, повеќе англиски и многу мавтање и пантомима, ама, сфаќам дека Стјуарт ми објаснува како и тој почнал да паркира каде ќе стигне - дури и на места каде што тоа е забрането. „Па, сите прават така, тоа е...". Си признава, бре, се изненадил и самиот себе. Од една страна, тука е за да им проповеда некакви повисоки, европски, дури и светски стандарди на фирмите со кои работи, овде, во земјава. Од друга страна, по вториот состанок со кој било политичар, Стјуарт сфаќа со кого си има работа. Знае дека шише виски и „деловен" ручек ќе му завршат повеќе работа отколку некакви „професионализам и транспарентност...".

Ама, јас, Тоше, пак мислам дека, како што вика нашиот народ: „Цвеќе на ѓериз никнато - на ѓериз си мириса". Волон со кој се расправам е жив доказ за тоа. А и ти, кога ќе размислиш, сигурно ќе откриеш дека има работи што никогаш нема да ги смениш кај себе: присноста, потребата за лаф-муабет, да си фаќаш сеир понекогаш, или понекогаш, кога ќе фати балкански инает, да не ги редам сите наши интересни одлики. А и Стјуарт да остане овде уште десет години, ќе си ја задржи англосаксонската дипломатичност. Утре, сигурен сум, ќе ја искористи во општината. Дали ќе му успее (ова е, сепак, Балкан), ќе ти пишам во следната порака.

Поздрав, Кочо

# БлокМАКС

## Ефикасен при различни типови болка!

- главоболка
- болка во грбот
- мускулни болки
- ревматски болки
- забоболка




**BlokMAX**
200 mg филм-обложени таблети

**BlokMAX forte**
400 mg филм-обложени таблети

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на лекот консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

# КРОВ НАД ГЛАВА
## за сите нас




комерцијална банка
ад скопје

Повеќе информации на:
www.kb.com.mk
контакт центар: (02) 3 296 800

## НОВ СТАНБЕН КРЕДИТ
денарски кредит со евро клаузула

**Каматна стапка од 6,85% годишна, променлива, за целиот период на отплата на кредитот и рок на отплата до 30 години.**

Пример: За износ на денарски кредит со евро клаузула од 1.854.000,00 денари, со рок на отплата од 30 години и променлива каматна стапка од 6,85% годишно, месечниот ануитет изнесува 12.148,00 денари, а годишната стапка на вкупни трошоци (СВТ) е 7,19%.
Трошоци за кредитот: 5.190,50 денари интеркаларна камата, 18.540,00 денари надомест за одобрување и администрирање на кредитот (1% од износот на кредитот), 300,00 денари надомест за аплицирање и обработка на кредитот, 2.000,00 денари трошоци за процена на вредноста на инструментот за обезбедување.
Нотарските трошоци, трошоците за упис на заложното право во соодветна јавна книга и трошоците за осигурување на заложениот недвижен имот од основни ризици не и се познати на Банката, не се вклучени во пресметката на СВТ и паѓаат на товар на корисникот на кредитот.
Вкупните трошоци на кредитот изнесуваат 2.545.443,00 денари, а вкупниот износ што го плаќа корисникот на кредит изнесува 4.399.443,00 денари.
Репрезентативниот пример се однесува за претпоставен датум на користење на кредитот 01.06.2012 година.